# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д<br>02.12.2019 год.<br>БРОЈ 14 ГОДИНА 54** |


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **7** |
| **2.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2019 за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година. | **13** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2019 година за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година. | **28** |
| **4.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2019 година за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година | **45** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2019-2021 година за периодот од 01.07. до 30.09. 2019 година. | **47** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **56** |
| **7.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година | **60** |
| **8.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за други комунални услуги за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **69** |
| **9.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **71** |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување јавна чистота за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **74** |
| **11.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **81** |
| **12.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на *програмата за одржување и заштита на локални патишта,* улици и регулирање режим на сообраќај за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **83** |
| **13.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **84** |
| **14.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **89** |
| **15.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **91** |
| **16.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **93** |
| **17.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **95** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за активностите на Општина Охрид во областа на образованието за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **98** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за детска заштита 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **106** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата заагтивностите од социјална заштита за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **109** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2019 година за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 година. | **111** |
| **22.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **113** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година. | **120** |
| **24.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **122** |

| | | |
|---|---|---|
| **25.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година | **134** |
| **26.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09. 2019 година. | **135** |
| **27.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето и остварените резултати на ЈП „ Охридски комуналец “ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година. | **136** |
| **28.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **136** |
| **29.** | Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на МЈП „Проаква“ - Струга РЕ „Водовод“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година. | **137** |
| **30.** | Нацрт-програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2020 година. | **138** |
| **31.** | Нацрт-програма за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2020 година. | **149** |
| **32.** | Нацрт-програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид за 2020 – 2022 година. | **159** |
| **33.** | Нацрт- програма за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2020 година. | **167** |
| **34.** | Нацрт-програма за заштита на животната средина и природата за 2020 година | **171** |
| **35.** | Нацрт-програма за спорт и рекреација за 2020 година. | **177** |
| **36.** | Нацрт -програма за активностите на Општина Охрид во областа на образованието за 2020. | **183** |
| **37.** | Нацрт - програма за детска заштита за 2020 година. | **198** |
| **38.** | Нацрт -програма за социјална заштита за 2020 година. | **201** |
| **39.** | Нацрт- програма за млади и невладини организации за 2020 година | **203** |
| **40.** | Нацрт -програма за култура за 2020 година | **207** |
| **41.** | Нацрт -програма за работа на Советот на Општина Охрид за 2020 година | **216** |
| **42.** | Нацрт-програма за унапредување на родова рамноправност на локално ниво за 2020 година. | **225** |
| **43.** | Нацрт -програма за енергетска ефикасност за 2020 година | **228** |
| **44.** | Нацрт -програма за одржување јавна чистота за 2020 година | **233** |
| **45.** | Нацрт -програма за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2020 година | **241** |
| **46.** | Нацрт - програма за јавно осветлување за 2020 година. | **250** |

| | | |
|---|---|---|
| **47** | Нацрт-програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2020 година | **251** |
| **48** | Нацрт -програма други комунални услуги за 2020 година | **254** |
| **49** | Нацрт – развојна програма за изградба на системи за водоснабдување за периодот од 2020 до 2022 година. | **256** |
| **50** | Нацрт-програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2020 година. | **259** |
| **51** | Нацрт-развојна програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за 2020 - 2022 година | **261** |
| **52** | Нацрт-програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2020 година. | **264** |
| **53** | Нацрт-развојна програма за уредување градежно земјиште за 2020 - 2022 година. | **266** |
| **54** | Одлука за утврдување фискална стратегија и развојни програми на Општина Охрид за 2020 година. | **272** |
| **55** | Одлука за усвојување на Нацрт буџетот на Општина Охрид за 2020 година | **279** |
| **56** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ„Методи Патче“- Охрид за 2020 година | **308** |
| **57** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Братство единство“- Охрид за 2020 година | **308** |
| **58** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Ванчо Николески“ с. Лескоец за 2020 година | **309** |
| **59** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Григор Прличев“- Охрид за 2020 година. | **310** |
| **60.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Живко Чинго“ с. Велгошти за 2020 година. | **311** |
| **61.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Кочо Рацин“- Охрид за 2020 година | **312** |
| **62.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Св. Климент Охридски“- Охрид за 2020 година. | **312** |
| **63.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Св. Наум Охридски“ с. Пештани - Охрид за 2020 година | **313** |
| **64.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ОУ „Христо Узунов“- Охрид за 2020 година | **313** |
| **65.** | Одлука за пренесување на правото на времено користење на недвижен имот – дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид на Министерството за информатичко општество и администрација | **314** |
| **66.** | Одлука за склучување договор за измени на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловно трговска зграда која вклучува изградба на затворен зелен пазар. | **315** |

| | | |
|---|---|---|
| **67.** | Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност Охрид | **316** |
| **68.** | Одлука за поддржување при аплицирање на проект “Изработка на проектна документација за изградба на дистрибутивна гасоводна мрежа во град Охрид, на ниво на: проект за инфраструктура, идеен проект, основен проект и ревизија на проектната документација“ | **317** |
| **69.** | Одлука за подигање спомен-обележје за Милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска Архиепископија | **318** |
| **70.** | Одлука за формирање одбор за подигање спомен – обележје за Милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска Архиепископија. | **319** |
| **71.** | Одлука за утврдување локација за градба на спомен- обележје за Милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска Архиепископија | **320** |
| **72.** | Одлука за прифаќање донација на реквизити за детски парк | **321** |
| **73.** | Одлука за дополнување на одлуката за времен прекин на донесување и спроведување на урбанистички планови и постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти. | **322** |
| **74.** | Одлука за утврдување локација за градба на објект за сместување - прифатилиште за кучиња. | **323** |
| **75.** | Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште Кп.бр.14761/10 во КО Охрид 3. | **324** |
| **76.** | Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на измената на годишниот план за вработување за 2019 година на ЈП„Градски Пазар“-Охрид | **325** |
| **77.** | Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на годишниот план за вработување за 2020 година на ЈП„Градски Пазар“-Охрид | **326** |
| **78.** | Одлука за давање согласност на одлуката за давање согласност на променет годишен план за вработување за 2019 година на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид | **327** |
| **79.** | Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на годишниот план за вработување на ЈП “Градски Гробишта”- Охрид за 2020 година | **328** |
| **80.** | Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП„Нискоградба“-Охрид со статус на административни службеници | **329** |
| **81.** | Одлука за давање согласност на одлуката за измена и дополнување на статутот на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид | **330** |
| **82.** | Одлука за давање согласност на одлуката за измена и дополнување на одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП “Градски гробишта” - Охрид | **330** |
| **83** | Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2019 година | **331** |
| **84.** | Одлука за обезбедување финансиски средства за помош на семејствата на настраданите од земјотресот во Република | **332** |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија | |
| **85.** | Јавна објава | **333** |
| **86.** | Јавна објава | **333** |
| **87.** | Јавна објава | **333** |
| **88.** | Јавна објава | **334** |
| **89.** | Јавна објава | **334** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/111** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14,14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **ЖивкаАнгелоскас.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 28.12.2018 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2019 година. Во Програмата за работа, активностите на Советот на општина Охрид за 2019 година се планирани во четири тримесечија и тоа:

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јануари, февруари и март);
**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (април, мај и јуни);
**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јули, август и септември) и
**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (октомври, ноември и декември).

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ**

**Дваесет и третата седница се одржа на ден 16.01.2019 година. За работа на оваа седница беа предложени 39 точки на дневен ред. Од дневен ред беа повлечени 7 точки. Дневниот ред беше дополнет со 3 точки. Советот усвои 32 одлуки, 1 Програма и 4 Заклучоци . Една предлог - одлука не беше усвоена.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 19 точки на дневниот ред. Од дневен ред беше повлечена една точка, 15 точки беа усвоени, а 3 не се усвоија.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 12 точки на дневниот ред. Членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности усвоија 9 Предлог Одлуки, а 3 Предлог одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше пртставник.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 21 точка на дневен ред.На седница на Комисијата беа повлечени 2 точки. Членовите на Комисијата усвоија 14 Предлог одлуки, а 5 предлог одлуки не беа усвоени..

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 15 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 12 Предлог Одлуки, а 3 не се разгледуваа бидејќи немаше претставник..

**Комисија за верификација, избори и именување** - Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

**Дваесет и четвртата седница се одржа на ден 05.02.2019 година. За работа на оваа седница беа предложени 70 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 9 точки. Од дневен ред беа повлечени (две) точки. Советот усвои вкупно 73 Одлуки, 2 Програми 1 Измена на програма и 1 План.**

**Комисија за заштита на животна средина –** Беа предложени 65 точки на дневниот ред. Членовите на Комисијата усвоија 62 Предлог Одлуки 1 Програма и 1 Измена на Програма, а една Предлог Одлука не беше усвоена.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 2 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за јавни и комунални дејности не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 64 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 60 Предлог Одлуки и 1 Измена на Програма. Комисијата не усвои 2 Предлог Одлуки и 1 Предлог Програма.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 5 (пет) точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за финансии и буџет не се одржа.

**Дваесет и петтата седница се одржа на ден 14.03.2019 година. За работата на оваа седница беа предложени 53 точки на дневен ред. Советот усвои 52 одлуки и 1 Програма.**

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки на дневен ред Со оглед на тоа што немаше кворум, седница на Комисијата за млади и спорт не се одржа.

**Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените** – Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 8 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 20 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 17 Предлог Одлуки, а 3 Предлог Одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше присутен претставник.

**Комисија за туризам и локален економски развој** – Беа предложени 3 точки на дневен ред Седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 23 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 20 Предлог Одлуки, а 3 Предлог Одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше присутен претставник

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 3 точки на дневен ред .Членовите на Комисијата усвоија 2 Предлог Одлуки а 1 Предлог Одлука не се усвои.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 48 точки на дневен ред Со оглед на тоа што немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2019 до 31.03.2019 година одржа 3 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 162 точки. Од дневниот ред беа повлечени 9 точки на две седница. Дополнување на дневниот ред е извршено со 11 точки на две седници.**

**Советот во овој период усвои вкупно 157 одлуки, 6 Програми, 1 План и 4 Заклучоци.**

**Советот не усвои 1 Предлог - Одлука.**

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Дваесет и шестата седница се одржа на 02.04.2019 година. За работата на оваа седница беа предложени 69 Предлог одлуки. Од дневниот ред беа повлечени 61 точка. Советот усвои 8 Одлуки.**

**Комисија за верификација, избори и именување –** Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 61 точка на дневен ред. Членовите на Комисијата усвои 45 Предлог одлуки, а 16 предлог одлуки не беа усвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Беа предложени две точки на дневен ред. Седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам -** Беа предложени 61 точка на дневен ред. На седницата на Комисијата, претставникот на Секторот за урбанизам Бранко Арнаудовски ги повлече сите точки од дневниот ред.

**Комисија за финансии и буџет –** Беа предложени 7 точки на дневен ред. Со оглед на тоа што немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Дваесет и седмата седница се одржа на ден 30.05.2019 година. За работата на оваа седница беа предложени 45 точки на дневен ред – 40 Предлог Одлука, 2 Предлог решенија, 2 Измени на Програми и 1 Иницијатива. Дневниот ред беше дополнет со 1 Информација. Советот усвои 40 Одлуки, 2 Решенија, 2 Измени на Програми и 1 Иницијатива.**

**Комисија за верификација, избори и именување –** Беше предложена 4 точка на дневен ред – 2 Предлог Одлуки и 2 Предлог решенија и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 7 точка на дневен ред – 6 Предлог Одлуки и 1 Измена на Програма. Членовите на Комисијата усвоија 2 Предлог одлуки и 1 Измена на Програма. 4 Предлог одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Беа предложени 23 точки на дневен ред – 23 Предлог одлуки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за јавни и комунални дејности не се одржа

**Комисија за урбанизам -** Беа предложени 4 точка на дневен ред – 3 Предлог Одлуки и 1 Измена на Програма. Седница на Комисијата за урбанизам не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет –** Беа предложени 37 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за туризам и локален економски развој –** На дневен ред на седница на Комисијата беа предложени 2 точки – 2 Предлог одлуки**.** Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за туризам и локален економски развој не се одржа.

**Комисија за млади и спорт -** На дневен ред на седница на Комисијата беа предложени 2 точки – 2 Предлог одлуки. Двете Предлог Одлуки беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Статутарно правна комисија** - На дневен ред на седница на Комисијата беа предложени 2 точки – 1 Предлог Иницијатива и 1 Предлог одлука. Двете точки беа усвоени од членовите на комисијата.

**Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата ја напушти седницата на Советот.**

**27-та седница на Совет беше прекината после усвојувањето на 45-та точка од дневниот ред.**

**Дваесет и осмата седница се одржа на ден 10.06.2019 година. За работата на оваа седница беа предложени 27 точки на дневен ред – 13 Предлог одлуки и 14 Измени на програми. Од дневен ред беше повлечена 1 Предлог одлука. Советот усвои 14 Измени на Програми и 12 Одлуки.**

**Комисија за верификација, избори и именување –** Беа предложени 6 точки на дневен ред- 6 Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата не усвоија ниту една Предлог Одлука.

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 3 точки на дневен ред – 3 Измени на Програми. Бидејќи немаше претставник, точките не се разгледуваа.

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Беа предложени 12 точки на дневен ред- 9 Измени на Програми и 3 Предлог одлуки. Членовите на Комисијата ги усвоија сите точки од дневниот ред.,

**Комисија за финансии и буџет –** Беа предложени 19 точки на дневен ред – 14 Измени на Програми и 5 Предлог одлуки. Членовите на Комисијата за финансии и буџет ги усвоија сите точки од дневниот ред.

**Комисија за туризам и локален економски развој –** На дневен ред на седница на Комисијата беа предложени 3 точки – 2 Предлог одлуки и 1 Предлог програма. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за туризам и локален економски развој не се одржа.

**Комисија за млади и спорт – Беше предложена 1 точка на дневен ред- 1 Измена на Програма.** Со оглед на тоа што немаше кворум, седница на Комисијата за млади и спорт не се одржа.

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 4 точки на дневен ред- 3 Измени на Програми и 1 Предлог одлука.** Со оглед на тоа што немаше кворум, седницата на комисијата не се одржа

**Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата ја напушти седницата на Советот.**

**28-та седница на Совет беше прекината после усвојувањето на 26-та точка од дневниот ред.**

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.04.2019 до 30.06.2019 година одржа 3 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 141 точка. Од дневниот ред беа повлечени 62 точки на две седница. Дополнување на дневниот ред е извршено со 1 точка на една седници.**

**Советот во овој период усвои вкупно 60 Одлуки, 2 Решенија, 16 Измени на Програми и 1 Иницијатива.**

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Дваесет и деветтата вонредна седница се одржа на ден 05.07.2019 година. За работа на оваа седница беа предложени 4 точки на дневен ред Предлог Одлуки. Советот усвои 4 Одлуки.**

На ден 08.08.2019 година во 11:00 часот беше одржано продолжението на 27-та седница на Советот. Беше усвоен еден Заклучок.

**Триесеттата редовна седница се одржа на ден 08.08.2019 година. За работата на оваа седница беа предложени 64 точки на дневен ред – 61 Предлог одлука и 3 Измени на програми. Дневниот ред беше дополнет со 2 Предлог Одлуки. Од дневен ред беа повлечени 3 Предлог одлуки. Советот усвои 60 Одлуки и 3 Измени на Програми.**

**Комисија за верификација, избори и именување –** Беа предложени 2 точки на дневен ред – 2 Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 9 точка на дневен ред – 3 Измени на Програми и 6 Предлог Одлуки.. Членовите на Комисијата усвоија 1 Измена на Програма и 2 Предлог одлуки. Комисијата не разгледуваше 2 Програми и 4 Предлог Одлуки бидејќи немаше претставници.

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Беа предложени 24 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за јавни и комунални дејности не се одржа

**Комисија за урбанизам -** Беа предложени 4 точка на дневен ред..Седница на Комисијата за урбанизам не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет –** Беа предложени 41 точка на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 35 Предлог Одлуки и 3 Измени на Програми. Не беа разгледувани 3 Предлог Одлуки бидејќи немаше претставник.

**Комисија за туризам и локален економски развој –** На дневен ред на седница на Комисијата беа предложени 2 точки – 2 Предлог одлуки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за туризам и локален економски развој не се одржа.

**Комисија за млади и спорт -** На дневен ред на седница на Комисијата беа предложени 2 точки – 2 Предлог одлуки. Двете Предлог Одлуки беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Статутарно правна комисија** - На дневен ред на седница на Комисијата беа предложени 3 Предлог Одлуки. Бидејќио н емаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности –** На дневен ред беа предложени 21 Предлог Одлука. Членовите на Комисијата усвоија 17 Предлог одлуки. Две Предлог одлуки не беа усвоени, а две не се разгледуваа бидејќи немаше претставник по материјалот.

**На ден 26.09.2019 година со почеток во 11:15 часот, се одржа продолжението на 28-та седница на Советот на општина Охрид. Од дневен ред беше повлечена 1 Предлог одлука.**

**Триесет и првата редовна седница на Советот се одржа на ден 26.09.2019 година. За работа на седницата беа предложени 36 точки на дневен ред – 35 Предлог одлуки и 1 Информација. Дневниот ред беше дополнет со 1 Предлог Одлука. Од дневен ред беше повлечена 1 точка. Советот усвои 35 Одлуки. Една Информација не се усвои.**

**Комисија за заштита на животна средина-** Беше предложена 1 точка на дневен ред - 1 Предлог Одлука. Истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Комисија за јавни и комунални дејности -** Беа предложени 3 точки на дневен ред. Членовите на к омисијата усвоија 2 Предлог одлуки и 1 Информација.

**Комисија за финансии и буџет –** На дневен ред беа предложени 16 точки – 15 Предлог одлуки и 1 Информација. Членовите на Комисијата усвоија 9 Предлог Одлуки и 1 Информација, а 6 Предлог одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за урбанизам -** Беше предложена 1 точка на дневен ред- 1 Предлог Одлука. Истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 30 точки на дневен ред. Беа усвоени 16 Предлог одлуки, а 14 не се разгледуваа бидејќи немаше претставници од образовните институции во градот.

**Комисија за празници и манифестации и доделување награди и признанија –** На дневен ред беше предложена 1 точка- Предлог одлука и истата беше усвоена.

**Триесет и втората редовна седница се одржа на ден 26.09.2019 година. За работа на оваа седница беше предложена една точка на дневен ред – Советнички прашања.**

Советот на општина Охрид во периодот од 01.07.2019 до 30.09.2019 година одржа 4 седници - 3 редовни седници и 1 вонредна седница. За работа на сите седници беа предложени вкупно 105 точки. Од дневниот ред беа повлечени 4 точки на две седница. Дополнување на дневниот ред е извршено со 3 точки на две седници.

Советот во овој период усвои вкупно 99 Одлуки и 3 Измени на Програми.

Во периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 година Советот на општина Охрид одржа 10 седници – 9 редовни седници и 1 вонредна седница. За работа на сите седници беа предложени вкупно 408 точки. Од дневниот ред беа повлечени 76 точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со 15 точки.

Советот во овој период усвои вкупно 316 одлуки, 19 Измени на Програми, 6 Програми, 2 Решенија, 5 Заклучоци, 1 Иницијатива, 1 План

Советот не усвои 1 одлука и 1 информација.

## И З В Е Ш Т А Ј
## За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид, програма А0-Совет на Општина Охрид за период 01.01-30.09.2019 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2019 година, за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 23.970.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 11.653.198,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи, во третиот квартал од 2019 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 3.821.664,оо денари. За поддршка на советот и неговите активности во анализираниот период исплатени се и 21.599,оо денари за услуги за копирање, печатење. Општина Охрид членува во повеќе меѓународни и домашни организации преку кои се афирмира и промовира нашиот град, поради што се наметнува обврска за плаќање членарини кон тие организации, па така по оваа основа исплатени се вкупно 527.232,оо денари во анализираниот период, и тоа, дел се однесуваат за кофинансирање на активности према Југозападниот плански регион, доплата за активности за 2018 година износ 81.240,оо денари и износ од 445.992,оо денари членарина кон ЗЕЛС за 2019 година. Општина Охрид преку Советот како нејзин орган, на жителите со загрозена социјална и финансиска состојба им пружа финансиска помош преку субвенционирање на дел од нивните јавни комунални трошоци и по истиот основ во опфатениот период исплатени се 524.749,оо денари кон јавните претпријатија.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и здруженија на локално ниво, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до повеќе здруженија на граѓани и фондации во висина од 7370.300,оо денари заклучно со третиот квартал.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2018-2019 година од одобрените средства со Буџетот за 2019 за стипендии исплатени се 1.395.000,оо денари.

Во анализираниот период од контото други трансфери, позначајни исплати се дадени подолу во текстот и се однесуваат: износ 1.145.000,оо денари исплатен согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за прво и второ родено дете, дел во висина од 1.286.087,оо денари реализирани за исплата на проекти од општествен интерес финансирани врз база на јавен повик како и исплати по решенија и заклучоци на соодветни комисии и износ од 75.000,оо денари исплатени према ОИК Охрид во врска со одржаните локални избори во нашата општина.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2019 година до 30.09.2019 година, има извршено 48,62 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2019 година.

**Број 08-15830/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2019 година за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/112** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2019 за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

**III Квартален извештај за реализација на**
**ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.07.2019 – 30.09.2019 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за период од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.07. до 30.09.2019 год. за реализација на:

- ПРОГРАМА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.07.2019 – 30.09. 2019 ГОДИНА

Во периодот 01.07.2019 – 30.09.2019 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности**
2. **Промоција на Охрид како туристичка дестинација**
3. **Развој на туристичка инфраструктура**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2864 станоиздавачи)
- Заверка на нормативи за храна и пијалоци
- Заверка на пријава за работно време
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница
- Финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризам за 2018
- Организација на манифестацијата ВИНО И СИРЕЊЕ 2019

- Организација на манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА 2019
- Организација на манифестацијата ДЕНОВИ НА МЕДОТ
- Организација на манифестацијата ОХРИД КРАФТ
- Учество на фестивалот за документарн филм во Сафранболу – Р. Турција
- Бестплатен хот-спот интернет
- Организација на интернационалниот настан ГАСТРО МАК 2019
    - Реализација на меѓународни проекти

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности за периодот 01.07.2019 – 30.09.2019 год, согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2019 год.

1. Управување со туристички дејности
2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација
3. Развој на туристичка инфраструктура
4. Подготовка на проекти и проектно управување

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2019 год. во однос на 2018 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности за периодот 01.04.2019 – 30.06.2019 год, согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид**

## 1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2019 | Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Во рамки на оваа активност е планирано да се спроведе постапка за избор на најповолен понудувач за изработка на стратегијата. | Подготвена техничка спецификација за објавување на тендер. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.2. Анализа на економскиот импакт на туризмот** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2019 | Изработка на анализа за економскиот импакт на туризмот | Со оваа активност ќе се истражуваат Факторите за утврдување на економското значење на туризмот за Охрид. Ефектите на туристичката потрошувачка врз вкупната економија на Охрид, Економската функција на туризмот и неговите мултипликативни ефекти врз вработувања, влијанието врз развјот на руралните области, влијанието врз развојот на земјоделството и др. | Подготвена техничка спецификација за објавување на тендер. Истиот е објавен, а во наредниот квартал се очекува потпишување на договор и имплементација на активноста. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.3. Анализа и елаборат на визуелното оптеретување на градот** | | | | | |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Април-Јуни 2019 | Изработка на Анализа и елаборат на визуелното оптеретување на градот | Целта на оваа активност е да се направи анализа на визуелното оптеретување на градот особено во туристичко прометните зони, да се разгледа можноста за воведување на моерка за унифицирање на излозите, како и да се направи анализа и процена за потребата од промена или отстранување хоризонталните реклами | Подготвена техничка спецификација за објавување на тендер. Истиот е објавен, а во наредниот квартал се очекува потпишување на договор и имплементација на активноста. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.4. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| 1 | Јули-Септември 2019 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2864 станоиздавачи | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 2 | Јули-Септември 2019 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за | Постапката за продолжување на решенијата за | Во текот на 2019 година за истиот период продолжени | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | категоризација на станоиздавачи | категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | се 86 решенија за категоризација | активности на одделението. |
| 3 | Јули-Септември 2019 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должми се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за 2019 за год. за истиот период согласно надлежноста заверени се 23 нормативи за храна и пијалоци | Не се потрошени финансиски средства |
| 4 | Јули-Септември 2019 | Заверна на пријава за работно врем | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат пријавите за работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за 2019 за год. за истиот период согласно надлежноста заверени се 20 пријави за работно време. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.5. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| 1. | Јули-Септември 2019 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | По објавениот јавен повик за субвенционирање на физичките лица кои вршат угостителска дејност во месец јануари имаат аплицирано вкупно 36 физички лица кои вршат угостителска дејност. | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | Вкупно во 2019 г на име субвенционирање на ТПП за период јули – декември 2018 се исплатени 481.632,00 МКД. |

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.6.** | **Поставување на нови излози во старата охридска чаршија** | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2019 | Поставување на нови излози во старата охридска чаршија | ОпштинаОхрид од Министерство за Економија доби средства во висина од 700.000 мкд за поставување (замена) на 7 нови излози во охридската чаршија | Подготвена техничка спецификација за објавување на тендер. Истиот е објавен, а во наредниот квартал се очекува потпишување на договор и имплементација на активноста. | Нема потрошени финансиски средства |

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2019 | Електронски маркетинг и онлајн промоција на туристичката понуда на Охрид | Започната е постапка за избор на најповолна понуда за промотивни активности во странство. Добиени се понуди за промоција на Охрид во Милано и околниот регион, како дестинација со директна авио врска со Охрид. | Од добиените понуди, одбрано е да се објавата стстии во италијанскиот престижен магазин Food&Travel, како и во повеќе други онлајн магазини и социјални мрежи. Објавата е планирана за наредниот квартал. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.2. Организација на промо-тура „Охрид 2019“** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2019 | Подготовки за Организација на промо-тура „Охрид 2019“ | Во овој период се изврши подготовка за организација на оваа активност. Се постигна договор со италијанскиот туроператор Go4Sea, оваа промотивна тура да опфати италијански туроператори и медиуми, како можност за нивно запознавање со Охрид и околината и неговиот туристички потенцијал, со цел промоција на Охрид и зголемување на бројот на туристи од Италија преку директната авио-линија Охрид-Милано | Одредени термините и агендата за настанот, кој треба да се одржи од 24 до 27 Октомври. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.3. Организација на „Охрид Гастро Тура – Ohrid Gastro Tour“** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2019 | Организација на „Охрид Гастро Тура – Ohrid Gastro Tour“ | Во рамки на оваа активност, во соработка со ГастроМак е предвидено одржување на голем гастрономски настан со натпреварувачки и промотивен карактер ГАСТРОМАК ОХРИД 2019. | Настанот е планирано да се одржи од 10 до 13 Октомври, на кој ќе присуствуваат над 400 шефови од целиот свет. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.5. Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Јули-Септември 2019 | Организација на манифестацијата “ДЕНОВИ НА МЕДОТ“ | На оваа манифестација се промовираат медот и производите од мед, а истата беше одлична можност за охриѓани и гостите во Охрид да вкусат квалитетен мед и производи од мед | Промоција на квалитетниот мед и производите од мед од Охрид и Охридскиот регион пред гостите кои престојуваат во Охрид. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2** | Јули-Септември 2019 | Манифестација Ohrid Craft Expo 2019 | Целта на манифестацијата е да го промовира занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, да го доближи занаетчиството до младите луѓе до граѓаните и до институциите, да поттикне континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за економски развој за зачувување на традицијата и културата на нашата земја. | Промоција на широката палета на производи (сувенири, бакрорез,книговез,накит) создадени од вештите раце на занаетчиите и воспоставување поинтензивна соработка во делот на зголемување на мерките за поддршка на занаетчиството кое нуди перспектива за вработување на младите поддржани преку проекти за почнување мали бизниси. | Не се потрошени финансиски средства |
| **3** | Јули-Септември 2019 | Фестивал на Вино и Сирење 2019 | Секторт за ТЛЕР ја организира манифестацијата “ВИНО И СИРЕЊЕ” преку која се изврши промоција на руралните производи –разни видови на сирења и квалитетни сортни вина на производители од Македонија. Фестивалот беше збогатен со настап на културно уметнички друштва и рок бендови. | На манифестацијата присуствуваа голем број на домашни и странски гости пред кои беа промовирани разни видови на сирења и вина, со што се зголеми туристичката понуда а воедно и зголемување на бројот на домашните и странски туристи. | Не се потрошени финансиски средства |
| **4** | Јули-Септември 2019 | Организирана манифестација Охридска Софра, со цел промоција на традиционална храна и пијлаци, како и други форми на традиционални и културни | Секторот за ТЛЕР ја организира манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА. Во склоп на манифестацијата беше извршена промоција на подготвените ѓомлезина, традиционалната македонска храна и | Промовирани Охридски тадиционални јадења и пијлоци пред голем број на гости од државата и странство. Во натпреварувачкиот дел учество зедоа 11 учесници од кои трочлената комисија ги избра најдобрите и им додели | Потрошени финансиски средства во износ од 191.200,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | вредности од Охридскиот крај. | пијлоци, специјалитетите од готвачи од охридските ресторани и хотели, како и традиционалните охридски јадења приготвени од студентите од факултетот за туризам и угостителство. Манифестацијата беше збогатена со настап на етно групата “Три срца”. | награди во вкупен износ од 20 000ден. Манифестацијата беше медиумски покриена од голем број на локални и национални телевизии, како и интернет портали. | |
| **2.6. Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1** | Април – Јуни 2019 | Печатење на промотивни материјали по разни сегменти како Фотоброшура, Водич на град Охрид, Ќеси и сл. | Во рамки на оваа активност предвидено е печатење односно репринт на постоечкиот промотивен материјал преку објавување на тендер. | Подготвена е тендерска документација. Јавната набавка ќе биде извршена во наредниот квартал. | Не се потрошени финансиски средства |

## 3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Бесплатен hot spot интернет** | | | | | |
| **1** | Април-Јуни 2018 | Сигнализација на туристички места | Со цел подигнување на континуирано подигање на квалитетот на туристичката инфраструктура, ќе бидат поставени информативни табли, патокази, хот спот уреди и друга туристичка сигнализација на одредени локации и објекти на територијата на општина Охрид. | За активноста за поставување на бесшлатен интернет на 5 локации во охрид, потпишан е договор со Доо НЕОТЕЛ Скопје како најповолен понудувач. Со оваа активност е предвидено поставување на опрема за бесплатен интернет на пет најпосетувани локации во општина Охрид во времетраење од 1 година.<br>**Хотспот интернет на 5 локации и тоа:**<br>- Плоштад Св. Климент Охридски<br>- Плоштад Крушевска република – Чинар<br>- Плаошник<br>- Кеј Македонија и<br>- Црква Св Софија<br><br>За активноста за поставување на инфо табли за обележување | Реализирани средства во овој квартал 8.333,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на 82 туристичките локалитети (културно историски споменици) во градот, избрана е фирмата „Бојта ИНГ“ ДООЕ Скопје, со која е потпишан договор и во наредниот квартал ќе биде завршена оваа активност. Договорот е потпишан на износ од 179.183,00 мкд. Во тек е поставувањето на таблите | |
| **3.2. Финансирање на локални микропроекти со цел поттикнување на развојот на туризмот** | | | | | |
| **1** | Април - Јуни 2019 | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2019 год. | Целта на оваа проектна активност беше финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој. | По објавувањето на јавниот повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2019 год. кој беше објавен на 01.02.2019 год. Пристигнати проектни предлози 13. Направена е евалуација на пристигнати вкупно 13 микропроекти од областа на локалниот економски развој, туризмот и микропроекти од областа на руралниот развој. По нивната евалуација, во овој квартал се започнати со реализација следниве проекти:<br>1. Здружение за рурален туризам, екологија и традиција ОРТЕТ Охрид, с.Куратица - 60.500,00 ден.<br>2. Здружение за развој и унапредување на културата, екологијата и туризмот “Нова порта“, Охрид - 60.000,00 ден.<br>3. ЗГ Еколошко друштво Грашница-Охрид - 150.000,00 ден. | Не се потрошени средства за реализација на оваа активност |

# 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| **4.2.** | **Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – Декември 2018 | Имплементација на Проект „Транснационална соработка“ во рамки на програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Согласно динамиката на проектните активности, во овој квартал се реализираа активности од лотовите 3.6.1, 3.6.2 и 3.6.3 од страна на избраниот најповолен понудувач – Intelligent Network Solutions – Скопје. | Реализирани се средства во износ од 1.400.000,00 мкд |

## II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2019 до 30.09.2019** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец јуни**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| 1 | **Јануари** | 318432 | 97294 | 415726 |
| 2 | **Февруари** | 187584 | 50512 | 238096 |
| 3 | **Март** | 161104 | 12768 | 173872 |
| 4 | **Април** | 256416 | 35584 | 292000 |
| 5 | **Мај** | 798720 | 36288 | 835008 |
| 6 | **Јуни** | 1765840 | 137184 | 1903024 |
| 7 | **Јули** | 3021920 | 227792 | 3249712 |
| 8 | **Август** | 3715216 | 405696 | 4120912 |
| 9 | **Септември** | 5106360 | 552728 | 5659088 |
| 10 | **Октомври** | | | |
| 11 | **Ноември** | | | |
| 12 | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО** | 15.331.592 | 1.555.846 | 16.887.438 |

**Во периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 16.887.438,00 денари.**

**Споредба Јануари - Јуни**

**За споредба, во 2018 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 16.728.832,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за период од (Јануари-Септември) 2019 година е зголемена за 1 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот периот во 2018 година.**

## III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2019 год. во однос на 2018 год.)

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА)** | | | | | | | | | |
| **Р.Б** | **Месец** | **Дом. Ноќевања** | | **Однос %** | **Стр. Ноќевања** | | **Однос%** | **Вкупно Ноќевања** | | **Однос %** |
| | | **2018** | **2019** | **2019/18** | **2018** | **2019** | **2019/18** | **2018** | **2019** | **2019/18** |
| 1 | јануари | 7647 | 5826 | 76.2 | 5528 | 4126 | 74.6 | 13175 | 9952 | 75.5 |
| 2 | февруари | 4357 | 4608 | 105.8 | 3881 | 2593 | 66.8 | 8238 | 7201 | 87.4 |
| 3 | март | 6762 | 5016 | 74.2 | 10406 | 7939 | 76.3 | 17168 | 12955 | 75.5 |
| 4 | април | 11628 | 13524 | 116.3 | 24854 | 26188 | 105.4 | 36482 | 39712 | 108.9 |
| 5 | мај | 20671 | 20955 | 101.4 | 39316 | 47105 | 119.8 | 59987 | 68060 | 113.5 |
| 6 | јуни | 23421 | 27525 | 117.5 | 66214 | 65912 | 99.5 | 89635 | 93437 | 104.2 |
| 7 | јули | 204731 | 217552 | 106.3 | 93399 | 97002 | 103.9 | 298130 | 314554 | 105.5 |
| 8 | август | 234411 | 252242 | 107.6 | 101014 | 102769 | 101.7 | 335425 | 355011 | 105.8 |
| 9 | септември | | | #DIV/0! | | | #DIV/0! | 0 | 0 | #DIV/0! |
| 10 | октомври | | | #DIV/0! | | | #DIV/0! | 0 | 0 | #DIV/0! |
| 11 | ноември | | | #DIV/0! | | | #DIV/0! | 0 | 0 | #DIV/0! |
| 12 | декември | | | #DIV/0! | | | #DIV/0! | 0 | 0 | #DIV/0! |
| | **ВКУПНО** | 513628 | 547248 | 106.5 | 344612 | 353634 | 102.6 | 858240 | 900882 | 105.0 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на ноќевањата од основни објекти за период од (Јануари-Август) 2019 година е зголемен во однос на истиот период за 2018 година, за 5,0% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 6,5%, а кај странските има зголемување за 2,6%.**

**Број 08-15830/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година Претседател,**
**О х р и д Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2019 година за периодот од 01.07 до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/113 ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год. Градоначалник**
**О х р и д д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/7**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.07.2019 – 30.09.2019 година

Во текот на третиот квартал на2019година одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2019 година.

Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната Програма за 2019 се реализираат во следните Подпрограми или области на делување:

1.Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество назаедницата.
2.Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување наконкурентноста на претпријатија.
3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.
4. Подготовка на проекти и проектно управување.
5.Други оперативни расходи и договорни услуги.

**Посебен акцент во текот на третиот квартал на2019 година во работењето на одделението за локален економски развој беше даден на следните активности:**

- Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2019 год.
- Субвенционирање на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство
- Проект: "Меѓуграничнасоработка и интегрираниздравствени и социјалниуслугизастарилица и деца и нивнараанапревенција,акроним„крос4ол“,одпрвиотповикзапроектнипредлозиод ИНТЕРРЕГ ИПА ПрограматазапрекуграничнасоработкапомеѓуРепубликаГрција – РепубликаМакедонија 2014-2020,
- Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија
- Проект – НабавканаспецијалнивозилазајавнипретпријатијавоОпштина Охрид,

<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>

**АНЕКС 1**

1. **Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.07.2019 – 30.09.2019год.**

**1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1. Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој
1.2. Изработка на Стратегија за рурален развој 2019-2025

**2.Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување наконкурентноста на претпријатијата.**

2.1.Анализа за креирање на *start-up*центар
2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд
2.3. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид
2.4. Регистрација на Локална акциона група, партнерства и соработки

**3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија.
3.2. Изработка на основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид
3.3. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.
3.4. Советувања и обука за даватели на услуги во селски туризам
3.5. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците
3.6. Субвенционирање на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство

**4.Подготовка на проекти и проектно управување**

4.1.Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување
4.2.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти
4.3.Средства од аплицирани и одобрени проекти

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги**

5.1. Договорни обврски
5.2. Други оперативни расходи

# 1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој** | | | | | |
| 1. | Јули - Септември2019 | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2019 год. | Целта на оваа проектна активност беше финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој. | По објавувањето на јавниот повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2019 год. кој беше објавен на 01.02.2019 год.Пристигнати проектни предлози 13. Направена е евалуација на пристигнати вкупно 13 микропроекти од областа на локалниот економски развој, туризмот и микропроекти од областа на руралниот развој. По нивната евалуација, во овој квартал се започнати со реализација следниве проекти:<br>4. Здружение на граѓани-Љубители на роден крај Скребатно - 139.000,00д.<br>5. Здружение на граѓани Св. Василиј, с.Куратица - 150.000,00 ден.<br>6. Здружение за подобрување на квалитетот за живот во МЗ Коњско-с. Долно Коњско - 120.000,00 ден.<br>7. Здружение за развој Иднина – Куратица - 66.000,00 ден. | Не се потрошени средства за реализација на оваа активност |
| **1.2. Изработка на Стратегија за рурален развој 2019-2025** | | | | | |
| 2. | Јули - Септември 2019 | Подготовка на Стратегија за рурален туризам. | Стратегијата е подготвена. Согласно законската регулатива потребно е да се направи стратегиска оценка за | Одржани се состаноци со сите релевантни чинители, невладини организации, преставници од месни заедници и државни институции. | Не се потрошени средства за реализација на оваа активност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | влијанието врз животната средина. | Истата е во процедура за утврдување на стратегиска оценка за влијанието врз животната средина. | |

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Анализа за креирање на *start-up*центар** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2019 | Изработка на анализа за креирање на *start-up*центар | Активноста предвидува изготвување на анализа за формирање на ваков центар, согласно претходно утврдени потреби на пазарот на труд. Целта е да го поддржи претприемништвото и малите компании, преку обезбедување на услови за формирање*star up*центар или *co-working space* чија цел ќе биде намалување на трошоците за отпочнување на бизнис | Објавен е јавен повик на 06.02.2019, на кој најдобар понудувач е фирмата ОЗ Инвест – Скопје со постигнатата сума од 149.990,00 мкд.Во овој квартал анализата е копмлетно изработена и предадена на општина Охрид. | Извршена е исплата во износ од 100.009,00 мкд. Денари, а за доплата остануваат уште 50.000,00 мкд. |
| **2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2019 | Согласногодишнатапрограмана Секторотза ТЛЕР за 2019 год. предвидено е реализацијанастручниобук изаневработенилица, како и обукизапрекфалификација и докфалификацијавосоработ касосоодветниинституции и работодавачи, соцелстимулирањенасоција лнатаинтеграцијананеврабо | Во насока на успешна реализација на планираната активност општина Охрид преку Секторот за ТЛЕР спроведе анализа за побаруваните занимања во поглед на различните образовни профили и степенот на образование. Анкетираните компании како дефицитарни кадри ги истакнаа: ракувачи на машини за пластика, основни познавања од пневматика и хидраулика, алатничари, готвачи и заварувачи.<br>Соодветна институција за спроведување на планираните обуки е Општинската јавна установа Кузман Шапкарев. | На објавениот Конкурс беа пријавени 20 кандидати за курсот за заварувачи и 10 кандидати за курсот за готвачи.<br>Во овај квартал се вршеа подготовки за започнување на курсот за готвачи | Не се потрошени средства за реализација на оваа активност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | тените и подобрувањенанивнитеквалификациизаидновработување. | | | |
| **2.3. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2019 | Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид | Податоцитеодоваа активностќебидаткомпатибилни идостапнипреку ВЕБ ГИС платформакоја е изработенавосоработкасоЦентаротзаРазвојна ЈугозападенПланскиРегион и истатаимазацелпромоцијанакапацитетиповолнизаинвестицииикоиопштина Охрид гинудинаинвеститорите. Вебплатформатаќесеажурирателковносоштопотенцијалнитеинвеститориќеимаатпристапдорелевантниподатоци. | Отпочнат е процес на дефинирање на локации погодни за инвестиции во соработка со Секторот за Урбанизам кои ќе бидат внесени во брошурата и веб гис платформата изработена од страна на центарот за развој на југозападен плански регион. Во овој кварталсе обработуваат локациите добиени од страна на Секторот за Урбанизам. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.4. Регистрација на Локална акциона група, партнерства и соработки** | | | | | |
| 1. | Јули - Септември 2019 | Во рамки на оваа активност предвидено е основање на ЛАГ-Локална акциона група | Преку ЛАГ- овите се спроведува т.н ЛЕАДЕР програмата за рурален развој на ЕУ, насочена кон создавање работни места и подобрување на животниот стандард во руралните заедници и урбани региони. Целта на ЛАГ- овите е подобрување на економмскиот потенцијал на заедниците преку заедничко делување на јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Од особена важност за општина Охрид е воспоставување на партнерски односи со Европските градови и институции, со цел партнерски настап на саеми, форуми како и подготовка и заедничко учество во апликацирање и реализација на проекти од ЕУ. | Се очекува објава на јавен повик од страна на Министерството за пријавување на ЛАГ-от. | Не се потрошени финансиски средства |

## 3. ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.2. Изработка на основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2019 | Активноста предвидува изработка на основен проект за изградба на откупно дистрибутивен центар во Охрид. | Изградбата на откупно дистрибутивниот центар е од големо значење за производителите на земјоделски производи бидејќи на ваков начин ќе го надминат проблемот за складирање и понатамошно пласирање на локалните продукти од една страна а од друга страна ќе се овозможи поврзување на локалното и регионално земјоделско производство со секторот на потрошувачка на локалниот производ. Согласно веќе изработената физибилити студија треба да се изработи основен проект за веќе утврдена локација кој понатаму би бил предмет за финализација и изнаоѓање на финансиски средства за негова изградба. | Во овој квартал тендерската документација е изготвена . Согласно Планот за јавни набавки, повикот за јавна набавка ќе биде објавен во Октомври. | Не се потрошени финансиски средства |
| **3.5.Тековни активности на мобилнатаканцеларијаворамкитеналокалнатасамоуправазадавањестручнисоветиназемјоделците** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2019 | Проценка на имот, земјиште, насади и посеви за експропријација во корист на Општина Охрид | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Поднесени 3 барања | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.** | Јули - Септември 2019 | Легализација на бесправно изградени земјоделски објекти. | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | Поднесени 8 барања, во постапка 8 | Не се потрошени финансиски средства |
| **5.** | Јули - Септември 2019 | Издавање на ИПАРД 1 и 2 потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на | Развој на локалната економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели | Издадени се 15 потврди за набавка на земјоделска механизација и опрема | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | општина Охрид. | за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци | | |
| **6.** | Јули - Септември 2019 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Поднесени 30 барања, издадени 30 потврди | Не се потрошени финансиски средства |
| **3.6. Субвенционирање на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2019 | Објавување на јавен повик за субвенционирање на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство | Преку наведената активност Општина Охрид предвидува субвенционирање на набавка на опрема и услуги за поттикнување на развојот на земјоделството и сточарството | Јавниот повик беше објавен на 19.06.2019. Формирана е Комисија за евалуацијана пристигнатите барања и истата по разгледувањето на пријавите изврши селекција по што беа прифатените 15барања за финансиска поддршка. | Реализирани се 199.983,00 мкд |

## 4.ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.2.** | **Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | |
| 1. | Јули - Септември 2019 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција” акроним”CROSS4ALL” | Проектот е во фаза на имплементација во партнерство со водечки партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски “- Битола,Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид,поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | Проектот е во фаза на имплементација со претставници на Заеднички технички секретеријат од Солун, Грција како надлежно тело за спроведување на Програмата и направени се ревидирања на буџет и активности со партнерите. Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР<br>Во овој квартал беше ангажирано ново лице за координација и менаџмент на проектот, подготвени беа процедури за ангажман на економски оператор за организација на настани, изготвена и објавена процедура за набавка на возило како и процедура за анкета за спроведување на јавно мислење за потребите на проектот.<br>Организирана беше конференција за промоција на проектот како и информативен состанок | Реализирани 172.200,00 мкд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.3.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2019 | Светска банка- МСИП | **МСИП Светска банка Договор за грант бр.42** Подготвена и одобрена документација за искористување на заштеди од кредитната линија за набавка на 7 специјални комунални возила за ЈКП Охридски Комуналец. Проценета вредност на набавката е 27,612,885 МКД со ДДВ | Објавена е тендерска постапка MSIP –NCB-095-19 – Светска банка за набвака на 4 специјални комунални возила . Извештајот од евалуација на понудите е одобрен од Светска банка и склучен е Договор со најповилен економски оператор Синпекс, Битола во износ од 7,159.768,00 МКД. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.** | Јули - Септември 2019 | Програма зафинансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, јавен повик бр. 02/2018. | - **Во мерката 321** се аплицира со реконструкција на пумпните станици Метропол, Трпејца и Љубаништа. Вкупната вредност на потребните реконструкции изнесува 21,218,120.00 МКД. Висината на максималниот износ на финансиски средства во секоја мерка е 20,000.000.00 МКД, што значи дека 1,218,120.00 МКД за реконструкција на пумпните станици обезбеди Општина<br>- Покрај тоа обврска на Општина Охрид како апликант е да обезбеди финансиски средства и за ДДВ во висина од 18 % од инвестицијата.<br>- Вкупната вредност на оваа инвестиција е 25,037,381.00 МКД од кои **3,819,261.00 МКД** се ДДВ.<br><br>- **Во мерката 322** се аплицира со Изработка на Општи акти за | Потпишани се договорите за финансирање на апликациите поднесени во мерка 321 и мерка 322. Во овој квартал се подготвува тендерската документација. | Не се потрошени средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | села и Урбанистички планови за села. Вкупната вредност на проектите во оваа мерка според предмер пресметките изнесува околу **8,000,000.00 МКД** со вклучен ДДВ.<br>➢ Во план за изработка се 14 населени места за УП и 6 населени места за општ плански акт:<br><br>УП за село Љубаништа со приближн површина од 40 ха<br>УП за село Трпејца со приближна површина од 40 ха<br>УП за село Пештани со приближна површина од 45 ха<br>УП за село Елшани со приближна површина од 18 ха<br>УП за село Лагадин со приближна површина од 42 ха<br>УП за село Долно Коњско со приближна површина од 35 ха<br>УП за село Велгошти со приближна површина од 110 ха<br>УП за село Велестово со приближна површина од 50 ха<br>УП за село Лескоец со приближна површина од 110 ха<br>УП за село Косел со приближна површина од 120 ха | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | УП за село Горно Лакочереј со приближна површина од 35 ха<br>УП за село Долно Лакочереј со приближна површина од 65 ха<br>УП за село Подмоље со приближна површина од 50 ха<br>УП за село Орман со приближна површина од 15 ха<br>ОПШТИ ПЛАНСКИ АКТИ:<br>Општ акт за село Горно Коњско со приближна површина од 10 ха<br>Општ акт за село Рамне со приближ површина од 10 ха<br>Општ акт за село Опеница со приближна површина од 10 ха<br>Општ акт за село Вапила со прибли: површина од 10 ха<br>Општ акт за село ГСирула со приближна површина од 10 ха<br>Општ акт за село Куратица со приближна површина од 10 ха | | |
| **3.** | Јули - Септември 2019 | Проект: Полесен пристап за подобри општински услуги и граѓанска вклученост | Со реализација на овој проект ќе се реконструираат влезните скали кои водат до големата општинска сала, ќе се постави лифт платформа за лица со физички хендикеп, салата внатре ќе се опреми со посебни пултови за лица од ранливите категории и простор за инвалидски колички, со цел да се овозможи | Проектот е во фаза на имплементација, одобрен износ 50,000.00 швајцарски франци. Средствата се добиени од програмата на UNDP.<br>Проектот е во фаза на имплементација и избран е економски оператор, активностите на проектот се во тек | Не се потрошени средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | полесен пристап за подобри општински услуги. Салата исто така внатрешно исто така ќе се уреди со ново осветлување, греење, озвучување со цел да се овозможат соодветни услови за работа. | | |
| **4.** | Јули - Септември 2019 | Подготовка на апликација за ЈП Проаква - Набавка на техничка опрема за Р.Е.Водовод –Охрид | За потребите на ЈП Проаква подготвена е проектна апликација до Германска Амбасада за набавка на 1 детектор за откривање на електрични кабли при отклонивање на дефекти, 3 пумпи за исцрпување на вода , 1 електричен кршач за бетон ) во износ од 6.293 евра. | Позитивно е одговорно за оваа апликација од страна на амбасадата и направена е посета во Проаква. Имплементацијата на апликацијата ќе биде од страна на ЈП Проаква Охрид. | Не се потрошени финансиски средства |
| **5.** | Јули - Септември 2019 | Подготовка на проектна апликација за ЈП Проаква за објавен конкурс од Програма за води за 2019 при Министерство за животна средина | Министерството за животна средина додели грант од 2 милиони денари на МЈП „Проаква“ – Р.Е. „Водовод“ Охрид, за оваа апликација со која се предвидува мониторинг на водоводниот систем . Добиените средства во висина од 2 милиони денари, ќе бидат употребени за поставување контролни и регулациони шахти на територијата на Општина Охрид, со што во голема мера ќе се откријат загубите во системот и ќе се врши регулација на протокот, со што, пак, ќе се подобри водоснабдувањето во целиот град. | Проектот е во фаза на имплементација од страна на ЈП Проаква Охрид и се спроведуваат постапки за јавни набавки. | Не се потрошени финансиски средства |
| **6.** | Јули - Септември 2019 | Подготовка на проектна апликација “Reach the mountain” | Оваа проектна апликација предвидува одржување на 3 дневна работилница за користење на ЕУ фондови и вмрежување на партнерства за развој на планинарски туризам во | Апликацијата е одобрена за финансирање и во нареден период треба да се потпише договор. | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | прекугранична област Мкаедонија – Албанија . Апликацијата е поднесена на повик од програмата на SWG and GIZ People to People Actions, во износ од 2 370 евра. | | |
| **7.** | Јули - Септември 2019 | IPA CBC Албанија-Македонија | PA CBC Албанија-Северна Македонија -Консултативен процес за поднесување на проектни предлози за финансирање на стратешки проекти<br><br>Со цел успешно поднесување на проектна апликација на повикот за финансирање на стратешки проекти во овој период одржани се повеќе работни состаноци со потенцијални проектни партнери од Македонија и Албанија за подготовка на заедничка апликација во повикот. | Во партнерство со различни институции аплицирани се 4 предлог стратешки проекти:<br><br>- TEC – Training, Equipment, Cooperation- Albania-North Macedonian trans boundary wildfire protection and prevention, 8 партнери, Лидер партнер е Центар за управување со кризи, Скопје износ 5,229.000 евра, времетраење 42 месеци. Со предлог проектот се предвидува да се изврши проценка на потребна опрема и инфраструктура за противпожарни единици во прекуграничниот регион .<br><br>- Поставување на постројка за управување со отпад во општина Охрид за потребите на прекуграничен регион, 4 партнери ( лидер партнер Општина Охрид ), износ 3,248.644 евра , времетраење 48 месеци, Со проектот се предвидува да се набави и постави постројка за компостирање на органски отпад во Охрид ,која ќе го опслужува прекуграничниот регион.<br><br>-Transboundary Biosphere reserve Ohrid –Prespa – we bet in sustainable tourism (TBR-BUT), 9 партнери, износ 4,985.284 евра, времетраење 48 месеци. Со проектот се предвидуваат повеќе инфраструктурни активности со цел подобрување на туристичката понуда во прекуграничниот регион. | Не се потрошени финансиски средства |
| **8.** | Јули - Септември | Предлог проекти за финансирање од | Подготвен и поднесен предлог проект за набавка и поставување на | Се очекува одговор од страна на МЗЖСПП | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | страна на Министерство за животна средина и просторно планирање | 3 подземни контејнери со димензии 3x1,1x3 м3 на три локации во општина Охрид во износ од 2,177.100 МКД | | |
| **9.** | Јули - Септември 2019 | Програма Европа за граѓаните | Аплицирани се два предлогпроекти во отворениот повик на програмата:<br>- Emotion Networking as Participatoty Approach with Towns and Citizens Heritage – мерка 2.2 Вмрежување на градови , број на партнери 6, 151.200 евра, 24 месеци времетраење, лидер партнер – StichingAmsredamseHogeschoolVoor De Kunnsten | Проектот е за успорувано наследство , дискутирано и препознанено на Европска година на културно наследство 2019, како извор на потенцијални тензии во урбаните заедници во европа. Целта на прокетот е да се вормира заедничка мрежа во 5 градови во Европа со учество на граѓански сектор, донесувачи на одлуки и експерти да се развие и аплицира партиципативемн метод на демократско вклучување со наследството преку социјална инклузија и интеркултурен дијалог. | Не се потрошени финансиски средства |
| **10.** | Јули - Септември 2019 | Cepin and Ohrid –Sun ( flowers)s of the EU – мрка 2,1 | Збратимување на градови , во партерство со општина Чепин , Хрватска( лидерпартнер) , износ 10,800 евра , времетраење 1 месец | Со проектот се предвидува да се организира и оддржи конференција – Европска унија, очекувања и заедничка иднина, со учесници од Охрид и Чепин , за размена на искуства помеѓу општините на процесот на претпристапни преговори и членство во ЕУ | Не се потрошени финансиски средства |
| **11.** | Јули - Септември 2019 | CMSR –Агенција за меѓународна соработка и развој од Словенија | Активноста предвидува соработка со Словеночки компании кои работаат на подготовка на техничка документација и изведба на пречистителни станици и канализациони системи. | Подготвена и испратена официјална апликација за барање за донација од ЦМСР Програм а 2020-2021, за подготовка на проектно техничка документација за канализационен систем и пречистителна станица за Трпејца.Апликацијат е во износ од 86 0000 евра. | Не се потрошени финансиски средства |
| **12.** | Јули - Септември 2019 | LRCP – управување со туристички дестинации во рамките на проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) | Од страна на УМФ Консалтинг беа спроведени активности на проектот за подкомпонентата за управување со дестинации.Согласно досегашните активности кои се реализираа во изминатиоит период, спроведените истражувања, индивидуалните состаноци со | Со оглед на улогата на организацијата за дестинациски менаџмент(ДМО) на координатор во синхронизација на различните потреби и интереси на чинителите на туризмот во процесот на формирање на оваа организација од посебно значење е вклученоста на ТЛЕР-Охрид. Во тек се активностите. | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | релевантните чинители за туризмот, како и одржаните работилници,во дестинациите на кои учствуваа и претставници од ТЛЕР-ОХРИД, дестинацијата бр. 1. Охрид-Струга-Преспа (која е дефинирана од ПЛРК) е избрана во првите три пилот дестинации во кои ќе се продолжи со активностите согласно фазите на проектот:<br>Фаза 2: Идентификување кои дестинации ќе се поддржат, и кои заинтересирани страни ќе ја претставуваат дестинацијата<br>Фаза 3: Поддршка на континуирано спроведување на развојните планови преку процесот на менаџмент со дестинацијата | | |
| **13.** | Јули - Септември 2019 | Реконструкција на основнот училиште Св. Климент Охридски преку комплетна промена на дограмата-прозори и врати во училиштето | Центарот за развој на југозападен плански регион во партнерство со општина Охрид поднесе проектна апликација до Бирото за регионален развој за промена на дограмата во основното училиште Св. Климент Охридски. | Во овој период беше одобрена проектната апликација и се потпиша договорот.<br>Во овој квартал беше спроведена постапка за економски оператор и е започнато со проектните активности. | Не се потрошени финансиски средства |
| **14.** | Јули - Септември 2019 | Општина Охрид продолжува со имплементација на препораките и забелешките на Мисијата на УНЕСКО. | Во врска со препораките на УНЕСКО, Извештајот за напредокот до Центарот за светско наследство и Акциониот План на Владата на РМ - Општина Охрид и Градоначалникот на Општина Охрид продолжуваат со посветената работа за надминување на на одредени забелешки од посетата на Мисијата на УНЕСКО на Охрид постапување по препораките на | Кабинетот на Градоначалникот на Општина Охрид и Канцеларија за соработка со УНЕСКО на Општина Охрид во соработка со Владата на РМ, Министерството за култура на РМ, Националната Комисија за УНЕСКО на РМ, Управата за заштита на културното наследство, Министерството за ж/с и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, како и релевантните институции кои имаат ингеренции за заштитата на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион имаат | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мисијата, посебно оние кои се во надлежност на Општина Охрид. Во јуни се одржа 43 сесија на Центарот за светско наследство на УНЕСКО, на која се разгледуваше состојбата на Светското културно и природно наследство на Охридскиот регион и определен е дополнителен рок (до Февруари 2020) за имплементација на Препораките на УНЕСКО. | континуирана комуникација за координирање на активностите кои треба да се превземат за надминување на неповолните состојби секој во својот домен, како што е предвидено со препораките на УНЕСКО и Акциониот План. Општина Охрид преку Канцеларијата за соработка соУНЕСКО побара од Владата на РМ и Министерствата да се забрза динамиката на имплементација на заедничките активности ,посебно во процедурите за заедничко разгледување и усвојување на Планот за управување со светското природнои културно наследство на Охридскиот Регион. Општина Охрид активно учествува во Извештаите за напредокот кои се доставуваат до Националната комисија за УНЕСКО на Македонија, до Владата на Македонија, како и до Центарот за светско наследство на УНЕСКО. Во тек е имплементацијата на Препораките на УНЕСКО, кои Општина Охрид ги реализира после одржувањето на 43 сесија во Баку, Азербејџан, со посебен осврт на Регистарот за дивоградбите кои се во опфатот на границите на Охридскиот регионии постапување по сите останати препораки кои се надлежност на Општина Охрид. | |

**Број 08-15830/8**
**29.11.2019 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2019 година за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/114** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа(„Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица Охрид за периодот од 01.07.до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

за работата и реализацијата на Програмата за финансиските потреби
на Територијалната противпожарна единица - Охрид (ТППЕ)
за периодот од 01.07.2019 до 30.09.2019 година

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во наведениот период изврши и превзеде за решавање 71 интервенција – деветтомесечие 325 за гаснење пожар (202 во 2018) и тоа:

ТППЕ на подрачјето на Општина Охрид изврши вкупно 56 интервениции за гаснење на пожари – деветтомесечие 260 (188 во 2018) и тоа:

- пожари на објекти - 15 интервенци – деветтомесечие 106 (104 во 2018);
- пожари на отворен простор - 33 интервенции – деветтомесечие 138 (74 во 2018)и
- пожари на сообраќајни средства - 8 интервенции – деветтомесечие 16 (10 во 2018).

ТППЕ на подрачјето на Општина Дебарца изврши вкупно 15 интервениции за гаснење на пожари – деветтомесечие 65 (14 во 2018) и тоа:

- пожари на објекти - 0 интервенции – деветтомесечие 5 (4 во 2018);
- пожари на отворен простор - 14 интервенции – деветтомесечие 57 (8 во 2018)и
- пожари на сообраќајни средства - 1 интервенција – деветтомесечие 3 (2 во 2018).

Од ТППЕ Охрид во третото тромесечие 2019 година не беше побарана помош за асистенции при гаснење пожар од соседните Општини со кои граничи.

Општина Струга – пожари на објекти 0 интервенции – деветтомесечие 1.

Општина Ресен - пожари на отворен простор - 0 интервенции – деветтомесечие 1.

Во пожарите во Општините Охрид и Дебарца, според интерна проценка, е причинета материјална штета само на четири пожари (во деветтомесечие 13) на објекти во приватен сектор во вкупна вредност:

- пожари на објекти - 3 интервенции (1.300.000) – деветтомесечие 2.600.000 ; (1.650.000 во 2018).
- пожари на сообраќајни средства - 1 интервенција (300.000) – деветтомесечие (700.000). (650.000 во 2018).

Од вкупниот број на пожари во Општините Охрид и Дебарца 40 интервенции се на објекти и простори во приватна сопственост – деветтомесечие 221, 31 интервенции на објекти и простори во државна сопственост – деветтомесечие 92, а 0 интервенции се на објекти и простори во мешовита државно-приватна сопственост – деветтомесечие 12.

Споредбено, со 2018 година, во третото тромесечие 2019 година имавме 13 интервенции за гаснење на пожар повеќе – деветтомесечие 123 интервенции повеќе во споредба со деветтомесечие во 2018.

Од доменот на своето работење, по потреба на граѓани при незгоди од невнимание Територијалната противпожарна единица – Охрид имаше вкупно 26 технички интервенции за спасување на лица и материјални вредности на граѓаните – деветтомесечие 56 и 34 интервенции за вршење на услуги по барање на надлежни институции, граѓански и спортски здруженија или наредба од претпоставени лица – деветтомесечие 54.

Соодветно Правилникот за вршење на услуги со ПП возила и друга техничка опрема на единицата – обезбедување на спортски, културни и други манифестации, дотур на вода и слично ТППЕ Охрид оствари финансиски приходи во вкупна вредност од 251.900 денари.

Своите активности Територијалната противпожарна единица – Охрид во слободното време ги спроведува согласно Правилник за стручно оспособување и усовршување на работниците во Територијалните противпожарни единици на РМ, со изведување на практично теоретска настава и анализи на карактеристично настанатите и поголеми пожари, прилагодувајќи се на просторните усливи што ги поседува единицата.

Сепак морам да напоменам дека сите овие активности се спроведуваат во несоодветни внатрешни и надворешни просторни услови во објектот на единицата и надвор околу него.

**За спроведување на сите горенаведени планирани и непланирани активности, согласно финансиската програма за потребите на ТППЕ охрид за 2019 година потрошени се средства за гориво и масла и набавка на резервни делови за одржување на техничката опрема и средства за гаснење и нормално функционирање на единицата и тоа:**

1. гориво и масла – конто 421220 60.981,оо денари – деветтомесечие 212.497,оо
2. поправки на други возила – конто 424190 156.898,оо денари – деветтомесечие 166.668,оо

Сите активности во наведениот период ТППЕ Охрид ги изведуваше со 40 пожарникари.

**Број 08-15830/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019-2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09. 2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2019-2021 година за периодот од 01.07. до 30.09. 2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/115** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09. 2019 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2019 година за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/ 11**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска с.р.**

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019-2021 ОД 01.07.2019 ДО 30.09.2019 година

**Октомври, 2019 година**

Во месец јули (07.2019) од трет квартал од 2019 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2019-2021. Дел од нив се комплетираат за согласност во Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сѐ уште не се отпочнати со работа.

| **I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2; УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | |
| | ▪ **Даден на постапување по забелешките од неиздавање на согласност од МТВ** | |

| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот** | |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј (Ривиера) | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот**<br>▪ **Нов анекс на заштитно - конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан Блок 4.3** | |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | |
| | **Потпишана Планска програма** | |
| **4** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | |
| | ▪ **Завршена јавна анкета и се постапува по доставените анкетни листов**<br>▪ **Планот се подготвува за повторена јавна анкета и презентација** | |
| **5** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Нема одобрена планска** | |
| **6** | **Урбан Блок 5.3** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Се подготвува за повторена јавна анкета** | |
| **7** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | |
| | ▪ **Се спрема Предлог план** | |
| **9** | **Урбан Блок 8.3** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 8 УБ 8.3 | |
| | ▪ **Планот е на мислење од Комисијата за управување на светско културно и историско наследство за Охридскиот регион** | |
| **10** | **Урбан блок 10.1** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| **11** | **Урбан блок 12.4** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Спремен за согласносто во МТВ** | |
| **12** | **Урбан блок 14.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Фаза изработка на нацрт - план** | |
| **13** | **Урбан блок 15.1** | |
| 13.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | ▪ **Чека позитивно мислење од Министерството за образование за да се достави на согласност во Министерството за транспорт и врски** | |
| **14** | **Урбан блок 15.4** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |

| | | |
|---|---|---|
| **15** | **Урбан блок 16.3** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | УП за село Велестово | |
| | ▪ **Изработени ажурирании подлоги** | |
| **2** | УП за село Пештани | |
| | ▪ **Постапено е по забелешките од Министерството за транспорт и врски по неиздавање на согласност и се подготвува за повторена јавна анкета** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | ЛУПД за откупно дистрибутивен центар на кп 746 и кп 745 КО Охрид 4, општина Охрид | |
| **2** | ЛУПД градежна парцела на кп 2002 КО Лескоец - ОУ Ванчо Николески село Лескоец | |
| | ▪ **Се расчистуваат имотно - правните односи на земјиштето** | |
| **3** | ЛУПД за плажи на Охридско езеро | |
| **4** | ЛУПД за градби за потреби на општината | |
| **5** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супра структура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП 1219/1 КО Д.Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **Доставен ЛУПД** | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7 - "Долни Сарај" | |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9- "Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 – "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14 - "Чаршија" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс 16 - "Чинар" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 18 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

**II-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за Св. Наум | |
| **2** | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина Охрид | |
| **3** | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | |

**II-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД „Купи куќа за млади„ | |
| | ▪ **прекината постапка поради неможноста за пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |

**III-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 8 УБ 8.3 УЗ 17 УБ 17.4; | |
| | ▪ **се корегира планска програма од страна на изработувачот** | |

**III-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **апплицирана планска програма на е-урбанизам** | |
| 2 | **Урбан блок 2.2** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Вратен до изработувач за постапување по забелешки** | |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | |
| | ▪ **Планот е на комисија за урбанизам на разгледување** | |
| **3** | **Урбан блок 2.3** | |
| **3.1** | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |
| | ▪ **Доставен Нацрт план на совет за утврдување** | |
| **3.2** | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **Завод и музеј на Охрид – издаботува нови заштитно конзерваторски основи** | |
| **3.3** | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.3 – опфат 7 | |
| | ▪ **Доставена е одобрена иницијатива до инвеститор за активност** | |
| 4 | **Урбан блок 2.4** | |
| **4.1** | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по забелешки од анкетни листов** | |
| **4.2** | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Комисија за урбанизам достави известување со недостатоци до израбптувачот** | |
| 5 | **Урбан блок 2.5** | |
| 5.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **6** | **Урбан Блок 3.2** | |
| **6.1** | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Одговарени анкетните листови** | |
| **6.2** | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улици Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул. | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **7** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Се постапува по забелешки од неиздавање на согласност од МТВ** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| **8.1** | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **На постапување кај планер по мислење од комисијата за Управување со светското културно наследство за да биде испратен повторно на согласност во МТВ** | |
| **9** | **Урбан Блок 7.2** | |

| | | |
|---|---|---|
| **9.1** | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Доставена корегирана планска програма** | |
| **10** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 10.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | **Планерот постапува по известување со забелешки** | |
| **10** | **Урбан блок 8.2** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Доставена планска програма** | |
| **12** | **Урбан блок 9.1** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1 | |
| | ▪ **постапено од планер по забелешко од комисијата за Управување со светското културно наследство за да биде испратен повторно на согласност во МТВ и повторно испратен на мислење** | |
| **13** | **Урбан блок 10.1** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | |
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| **14** | **Урбан блок 10.2** | |
| 14.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |
| | ▪ **доставен до планер за корекции** | |
| **15** | **Урбан блок 10.4** | |
| 15.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | |
| | ▪ **Доставен предлог - план за постапување на забелешки од комисија** | |
| 15.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Планска програма е вратена кај планер за корекции** | |
| **16** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Вратен кај планер на корекции** | |
| **17** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 17.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | |
| | ▪ **Се чека постапување од планер** | |
| **18** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 18.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **По препорака на МТВ се изработи нова ажурурирана подлога и се вршат корекции по истата** | |
| **19** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 19.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13,3 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот нема доставено корегирана** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **планска програма** | |
| **20** | **Урбан блок 15.5** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот нема доставено корегиран нацрт план за повторена јавна анкета и презентација** | |
| **21** | **Урбан блок 15.6** | |
| 21.1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.6 | |
| | ▪ **Инвеститорот на планот се откажа од инвестирање на планот** | |
| **22** | **Урбан блок 15.7** | |
| 22.1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | |
| | ▪ **Доставен предлог план на разгледување** | |
| **23** | **Урбан блок 16.1** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | ▪ **Се подготвува за повторена јавна анкета** | |
| **24** | **Урбан блок 16.3** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2<br>▪ **Се постапува по неиздавањето од МТВ** | |

**III-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од комисија** | |
| **2** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **3** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | |
| | ▪ **Кај планер во изварботка** | |
| **4** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 3 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **5** | УПВНМ Горица Север | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки од комисија** | |
| **6** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| **7** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 2 | |
| **8** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 4 | |
| **9** | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| **10** | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |

| III-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД со намена Г3 – сервиси на кп бр. 1141/5 КО Лескоец | |
| | ▪ **доставено ЛУПД за одобрување до комисија** | |
| **2** | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **пред јавна анкета** | |
| **3** | ЛУПД за ГП со намена Б4 деловни простори на дел од кп 821 КО Косел | |
| | ▪ **се чека мислење од Комисија за управување со светско и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **4** | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на кп 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | |
| | ▪ **изработувачот постапува по забелешки од комисија, се чека согласност од „ПРОАКВА“** | |
| **5** | ЛУПД за изградба на хотел намена Б 5 на КП 6276/1 и КП 6274/3 КО Охрид 4 | |
| | ▪ **планска програма на одобрување кај градоначалник** | |
| 6 | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **изработувачот постапува по забелешки од Комисија** | |
| **7** | ЛУПД за изградба на објекти со намена А4 времено сместување на кп бр 3134, кп бр 3135 кп бр 3136 КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **се чека мислење од Комисија за управување со светско и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **8** | ЛУПД за ГП 1(А4-времено сместување) на кп бр. 2751/4 и др. КО Конско, општина Охрид | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |

| III-5. ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
|---|---|---|
| **1** | Општ акт за село Елшани | |
| | ▪ **Вратен од МТВ со неиздавање на согласност се постапува по забелешките** | |
| **2** | Општ акт за село Долно Коњско | |
| | ▪ **Планерот нема доставен општ акт за разгледување** | |
| **3** | Општ акт за село Подмоље | |
| | ▪ **Планерот нема доставен општ акт за разгледување** | |
| **4** | Општ акт за село Куратица | |
| | ▪ **Планерот нема доставен општ акт за разгледување** | |

Во почетокот на месец август 2019 година од страна на Советот на општина Охрид донесена е Одлуката за времен прекин на донесување и спроведување на урбанистички планови и постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти бр. 08-11700/3 од 08.08.2019.

Со оваа одлука се воведува времен прекин на спроведување и донесување урбанистички планови, урбанистичко плански документации и архитектонско - урбанистички проекти на територијата на општина Охрид. Согласно тоа плановите од Програмата се ставени во мирување и ќе продолжат после престанување на важноста на оваа Одлука.

**Број 08-15830/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/116** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/13**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15 и 129/15), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај :

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2019 година**
**за период од 01.01.2019год до 30.09.2019год**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2019 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период, подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата.Еден од посериозните проблеми во Охрид во летниот период претставува бучавата . Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на

животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената предлог - програма за заштита на животната средина и природата за 2019 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2019 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2019 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2019год.**

| Ред .бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуга за изработка на студија за оцена на влијанието на „Проектот за реконструкција на Кеј Македонија, општина Охрид“ врз** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина | Документот е изработен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **животната средина** | од 750.000, 00ден | |
| 2. | **Услуга за изработка на студија за валоризација на просторот на Студенчишко блато заради негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 750.000, 00ден | Постапката за набавка е завршена и избран е најповолен понудувач.Отпочната е изработката на студијата |
| 3. | **Изработка на интегриран катастар на загадувачи на животната средина** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 200.000, 00ден | Постапката за набавка е завршена, избран е најповолен понудувач и документот е во завршна фаза на изработка |
| 4. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина врз плански документи** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 150.000, 00ден | Отпочната е постапка за избор на најповолен понудувач |
| 5. | **Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на чинарот на плоштадот ЧИНАР** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 430.000, 00ден | **По доставената документација и иницијатива од страна на општина Охрид до МЖСПП чинарот на плоштадот Чинар е прогласен за природна реткост . Општина Охрид во 2019 година три пати објави тендер за реализација на овој проект , но на тендерите не се пријавија заинтересирани понудувачи** |
| 6. | **Услуга за изработка на локален еколошки акционен план** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 300.000, 00ден | Изработен е финалниот документ |
| 7. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Проектот е завршен |
| 8. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот не се предвидени финансиски средства | Проектот е завршен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Проектот е завршен |
| 10. | **Одбележување на Европска недела на мобилност–ден без автомобили** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 20.000, 00ден Во рамките на проектот општина Охрид ќе биде вклучена во мрежата на европски градови за одбележување на овој ден | Проектот е завршен |
| 11. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2019 година** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 20.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во месец декември |

II – Финансиски дел за активности за период 01.01.до 30.09.2019 година

Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани вкупно 738.620,00 денари.Наведените средства се потрошени за плаќање на обврски за изработка на документација од обласа на заштита на животната средина .

**Број 08-15830/14**
**29.11.2019 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/117**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/1, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30. 09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програма**
**Енергетска ефикасност за период од 01.01.2019 – 30.09.2019**

## *Предговор*

Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена од аспект на имплементација и продолжување на проектите за ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетска ефикасност во градежниот сектор, пред се кај објектите под надлежност на Општината.

Поранешните централно-планирани економии сеуште се рангираат како најниско енергетско-ефикасни во светот. Во транзиционите економии технологиите за енергетска ефикасност нудат начин за да ја подобрат економската благосостојба преку намалување на еколошките загадувања предизвикани од употребата на енергија, вклучително и стакленичките гасови. Трансферот на вакви технологии во овие земји може да придонесе за намалување на ризикот од глобалната промена во климата.

Република Македонија има ограничени извори на комерцијални енергетски резерви и во иднина сé повеќе ќе биде зависна од увоз на енергија. Превземањето на мерки за енергетска ефикасност може да ја ублажи оваа зависност, да го продолжи траењето на домашните резерви и да и помогне на економијата со намалување во трошоците наменети за увоз на енергија чија цена на светскот пазар е со тенденција на раст. Според Стратегијата за Енергетска Ефикасност на Република Македонија, енергетскиот интензитет на користење на енергија во Р. Македонија, односно износот на потрошена енергија по единица производ во една економија, е три пати поголем во споредба со САД и дури десет пати поголем од неколку земји од Европската Унија, по единица економски производ. Причините за ваквите показатели се повеќекратни, меѓу кои најзначајни се: недоволната и слаба изолација на објектите во Република Македонија, нередовното оддржување на енергетските системи во објектите, ниската свест на населението за примена на мерки за енергетска ефикасност и генерално, навиките за нерационално трошење на енергија од страна на корисниците.

Потребата од креирање и градење на центри во општините со стручни луѓе кои ја следат и промовираат енергетската ефикасност преку употреба на користење на мерки и

технологии за енергетска ефикасност придонесува за заштеда на скапоцената енергија од секаков облик, подобрување на економијата на општината и што е најважно, ќе даде свој придонес кон глобалната стратегија за зачувување на Планетата.

Целта на изготвување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид е:

- да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува
- да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за конзервација / заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината.

За реализиција на енергетската ефикасност во општината, потребно е да има стручен тим кој ќе е задолжен да следи, развива и да се грижи за енергетската ефикасност во општината, како и развој на софтверската алатка за мониторинг на потрошувачката на енергија, која што претставува прв извор на информации за состојбата на објектите под раководство на општината и можностите за подобрување на енергетските системи во истите.

Квалитативните и квантитавните информации беа собрани за зградите во Општината и уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци во оваа програма.

Воедно, изготвување на Програма за енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во Република Македонија дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

## 1. *Општина Охрид*

Стратешките цели на Општината се фокусирани на подобрување на инфраструктурата и условите во образованието и јавните услуги во надлежност на Општината. Притоа, Општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

Заложба на Општина Охрид е да се урбанизира голем дел од Општината и да се изгради инфраструктура, а постоечката да се подобри. Спроведувањето на стратегијата, Општината го гледа преку градење на партнерства со владини и невладини организации, донаторски институции како и активно учество на локалното население и негов придонес во реализација на проектите во Општината.

Главна цел на Програмата е да ги намали трошоците за енергија во Општината, преку спроведување на проекти за енергетска ефикасност, како и зголемување на свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето на локална енергетска политика (веќе е реализиран договорот за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општина Охрид).

## 2. *Постапки за изработка на Програмата за енергетска ефикасност*

Во тек на изработка на Програмата, извршено е собирање на податоци, нивна обработка, согледување на сите резултати од пресметките и дефинирање на предлози за модернизација на енергетските системи врз основа на анализираните податоци.

Целокупната изработка на Програмата има неколку основни целини:

- собирање податоци за состојбата на системите и енергетската потрошувачка
- изработка на листа на предлог мерки за енергетска ефикасност
- динамички план за остварување на целите по усвоена методологија
- финансиски план за спроведување на предвидените мерки

Со ова покрај констатирањето на состојбата, согледани се сите можни потенцијали за заштеда. Податоците за енергетска потрошувачка се собрани преку одговорни лица во објектите и преку тимот во Општината. Врз база на овие два клучни податоци за секој од објектите се направени пресметки за реално потребната потрошувачка на енергија, која што понатаму е земена како основа за пресметка на очекуваните енергетски заштеди дадени преку предлог мерки за енергетска ефикасност со апроксимативни инвестициски вредности и време за отплата.

Приоритетите се рангираат според следните критериуми:

- Висината на специфична потрошувачка на енергија: 60%
- Број на опслужени луѓе во објектот: 20%
- Големина на објектот: 10%
- Степен на дотраеност на објектот: 10%

Врз основа на горните критериуми и приоритети ќе се врши следење на евентуалните промени на податоците од базата на податоци како и нејзино редовно ажурирање, со цел доколку се интервенира во одреден објект да се види ефектот од интервенцијата преку следење и анализирање на мерењата на потрошувачката на енергија и добиените резултати. Одредување на приоритет на објект за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (реконструкција на згради) се врши според следната формула на тежински фактори:

$$X_{и} = \frac{\text{Потрош_енер_објект}}{\text{Најг_потрош_енергија}}*(60\%)+\frac{\text{Број_луѓе_објект}}{\text{Најм_луѓе}}*(20\%)+\frac{\text{Повр_објект}}{\text{Најг_површ}}*(10\%)+\frac{\text{Степен_дотр}}{\text{Најг_дотр}}*(10\%)$$

Xi = висина на приоритет на објект і за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (0 - 100%)

Потрош_енер_објект = вк. специфична потрошувачка на енергија во објект

Нај_потрош_енергија = најголема специфична потрошувачка на енергија од објект во сектор или целна група

Број_луѓе_објект = вкупен број на корисници во објект

Најм_луѓе = највисок број на корисници во објект во сектор или целна група

Повр_објект = грејна површина на објект

Најг_површ = најголема грејна површина на објект во сектор или целна група

Степен_дотр = степен на дотраеност на објект (10 за максимално дотраен, 0 за нов или реновиран објект до 1 година)

## 3. Сегашна енергетска состојба

Како и повеќето општини во Република Македонија така и Општина Охрид не располага со енергетски извори. Снабдувањето со електрична енергија во Општина Охрид се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа. Напојувањето со електрична енергија на Општината се врши преку неколку напојни постројки, а најголеми се:

* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 1“

* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 2“

* Три електрични мали хидроцентрали со вкупна снага од 2 MVA

Во рамките на Општината не постои поголем извор за производство на електрична енергија, односно постојат две поголеми трафостаници 110/10 kV , како и три мали хидроцентрали изградени во месноста Рамне.

Општината Охрид, како правен субјект, не е производител на енергија. За снабдување со топлинска енергија за општинските објекти воглобала се користи нафта за греење и огревно дрво, како и во одредени случаи и електрична енергија.

## 4. База на податоци и извор на информации

Спроведување на политиката за енергетска ефикасност не е возможна без вистински податоци за правење на процени и анализи врз основа на кои може да се донесуваат одлуки. Значајните трошоци за енергија кои се покриваат од општинскиот буџет предизвикаа голем интерес за добивање и градење на информативна база на податоци за средните и основните училишта, детските градинки, административните, услужни и културни објекти и уличното осветление кое е во надлежност на Општината.

Постоењето на база на податоци и нејзино градење со информации за потрошувачката на енергија во објектите на Општината и уличното осветление е најдобар извор на информации. Врз основа на добро изградена база на податоци може лесно, ефикасно и во секој момент да се направат различни видови на анализи и да се следат промените на потрошувачката на енергија во објектите во општината.

Базата на податоци се користи за да се даде приоритет за спроведување активности на зградите со голема потрошувачка на електрична енергија за нивен преглед и развој во проекти за енергетска ефикасност.

Во базата на податоци на Општина Охрид идентификувани се следните сектори и целни групи:

Сектор **Администрација**:
Целна група **Административни згради**
Сектор **Образование**:
Целна група **Основни училишта**
Целна група **Средни училишта**
Сектор **Социјални грижи:**
Целна група **Детски градинки**
Сектор **Улично осветление:**
Целна група **Улично осветление**

## 5. Инвестиции

Општина Охрид има потенцијал за енергетска ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-15% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност.

Вкупните потреби предвидени за спроведување на претходната програма за енергетска ефикасност во Општина Охрид беа значително поголеми од средствата предвидени во соодветните Општински буџети, односно од реализираните активности. Помал дел од тие вкупни потребни средства беа предвидени во буџетот на Општината како сопствени средства, а останатите средства за реализација на програмата беа планирани од надворешни извори.

**Општина Охрид во реализација на оваа програма учествува во процесот на изготвување на проектна документација (елаборат за нумерички податоци, основен проект, стручна ревизија, елаборат за заштита на животна средина) во вкупен износ на средства од Буџет на Општина Охрид за 2019 година во износ од 800.000,оо денари.**

**Останатите средства ќе се обезбедат од други институции а согласно Законските прописи надлежноста во изградбата и реконструкцијата на објектите за вршење на Образовниот систем се во надлежност на Министерството за образование и науки.**

Според сегашната законска регулатива, Општините во Р. Македонија се во можност за аплицираат за кредити за финансирање на проекти во локалните банки. Но недоволното познавање на придобивките од примената на мерките за енергетска ефикасност и начинот на функционирање на администрацијата и банкарскиот сектор е ограничувачки фактор за алокација на средства и спроведување на проекти од оваа област (и една од поголемите причини за обемот на предложениот годишен план).

Планираните инвестиции (финансирање) на предвидените проекти за енергетска ефикасност и реконструкции (планирани буџетски средства како сопствени извори на Општината), се дадени во следната табела:

| **Проект** | **Локација**<br>капитални инвестиции во: |
|---|---|
| Проект 1 | ОУ „Григор Прличев" (центр. и Рача) |
| Проект 2 | ОУ „Христо Узунов" |
| Проект 3 | ОУ „Братство Единство" (Лескајца) |
| Проект 5 | ОУ „Св. Климент Охридски" |
| Проект 12 | ОУ „Св. Наум Охридски" (Трпејца) |
| Проект 14 | ОУ „ОСУ Климент Охридски" |
| Проект 15 | ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" |

Планираните средства ќе бидат искористени за изготвување на проектно техничка документација преку која во голема мера ќе се подобри енергетската ефикасност на објектите под надлежност на Општина Охрид.

Вкупните потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот до крајот на 2019 година е 800.000,00 денари и тоа како вкупна инвестиција за реализација на горенаведените Проекти (каде што учеството на Општината се сведува во инвестирање во изработка на проектна документација, како и за

санација на мали и ургентни потреби).Секако, останува можноста (ако се јави таква потреба) за релокација на инвестициите, во рамките на предвидените средства.

Како се уште нова гранка, енергетската ефикасност се судира со други проблеми во смисла на првично трасирање на процедурата која ќе овозможи системска имплементација на потребните мерки во сите фази (носење на буџет, следење и анализа на состојбите, изработка на соодветна техничка документација, апликација, па се до реализација на Проектите).

Освен Општината која реализира со сопствени средства, како донатори за помош и реализација на инфраструктурните проекти во Општина од аспект на енергетска ефикансост, се вбројуваат: UNDP, USAID, EU IPA фондовите, GEF, EBRD, CARDS програмата, странски амбасади и меѓународни претставништва во Република Македонија.

Реализацијата на програмата за енергетска ефикасност ќе придонесе за намалување на загубите на енергија, а со тоа и намалување на трошоците за топлинска и електрична енергија од буџетот на општината, подобрување на комфортот во училишните згради, а со тоа ќе се подобри училишната атмосфера за поефикасни резултати од образованието на децата, подобрување на осветленоста на улиците и друго. Затоа е потребно нејзино доследно спроведување, следење и надградување на софтверската алатка за следење на потрошувачката на енергија, во рамките на надлежностите на тимот за енергетска ефикасност во општината со поддршка на градоначалникот и општинскиот совет.

## 6. *Критериуми за прифатливост на проекти*

Во основа, финансиски извори ќе се обезбедуваат за проекти кои:

- Покажуваат економска корисност за инвестиции во енергетска ефикасност
- Имаат економска оправданост создадена преку документирани енергетски заштеди
- Генерираат корист за животната средина преку намалена емисија на стакленички гасови и атмосферски загадувачи
- Покажуваат техничка возможност на системите за енергетска ефикасност
- Промовираат нови технологии
- Нудат голема веројатност за аплицирање во иднина
- Имаат јасна временска рамка за период на враќање на инвестицијата
- Имаат спонзори на проектот (ЕСКО, фондови, финансиски инструменти, донаторски организиции, инженерски фирми) кои имаат технички и менаџерски способности за успешно раководење и завршување на проектот.

## 7. *Прифатливи типови на проекти за ен. ефикасност*

Општината Охрид прифаќа општа дефиниција за енергетска ефикасност, која опфаќа широк спектар на технологии и опрема за заштеда на енергија. Потенцијалните проекти можат да бидат имплементирани во образовните и други општинските објекти со следните програми и годишни планови за ЕЕ. Прифатливи мерки за енергетска ефикасност ги вклучуваат, но и не се ограничуваат на следните типови на проекти:

- Надградување и реконструкција на грејни системи, вклучувајќи: инсталации на термостатски вентили, цевно напојување во грејната мрежа и зафати во котлари;
- Спроведување на мерки за надградба, вклучувајќи термална изолација за прозори, врати, тавани и зидови;
- Имплементација на високо-ефикасен систем за осветление
- Имплементација на електрични мотори со висока ефикасност и пумпи
- Надградување или замена на котли, бренери и печки за греење
- Осветление во спортските сали и другите Општински објекти
- Подобрување на системот за пренос на енергија
- Контроли на мерачи на проток, броила, инструменти, дата логери
- Системи за автоматско управување и контрола на потрошувачката

## 8. *Долгорочни цели*

Очекуваните резултати од преземените мерки за ЕЕ на Општината се:

- намалување на просечната потрошувачка на енергија ( kWh/m2 )
- намалување на делот за енергија во општинските инвестиции подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност во училиштата, градинките и јавните објекти во надлежност на Општината
- намалување на емисиите на $CO_2$ во атмосферата
- навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање
- користење на обновливи извори на енергија

Активностите преку кои Општината ќе ги реализира овие цели се:

- среднорочни и долгорочни планирања на потрошувачката на енергија
- одржување на базата на податоци
- мерење и следење на потрошувачката на енергија
- следење и применување на најдобрите пректики од областа на ЕЕ
- користење на обновливи извори на енергија
- изнаоѓање на финансиски средства за реализација на проекти

## 9. *Контрола на програмата*

Потрошувачката на енергија во повеќето згради е за 25-35% повисока отколку што е потребно за да се одржи посакуваното ниво на комфорт. Бидејќи овие објекти имаат голем потенцијал за заштеда на енергија, потребно е спроведување на мерките за енергетска ефикасност како што се замена/поправка на прозори, изолација, поефикасно осветлување, термостатски вентили и автоматска контрола на греење, исклучување од употреба и користење на дотраени и пред се на непотребни потрошувачи (уреди) на електрична енергија и слично, со цел да потрошувачката на енергија се намали на оптимално ниво.Со цел да овозможи да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, се планираат мерења во различни временски периоди и споредба на резултатите со пресматаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачката на енергија (топлинска и електрична),
- Споредба на условите во објектите (температурни разлики, степенот на осветленост и влажност),
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за енергија.

Мерењата ќе се извршуваат со утврдена динамика во текот на целата година. За мерење на потрошената електрична енергија ќе се користи електричното броило во секој објект, со што ќе се споредува потрошената електрична енергија пред и после спроведување на мерките за енергетска ефикасност. Како најголем дел од електричната енергија во училиштата и градинките се користи за осветлување на училишните простории, имплементација на поефикасно осветление директно ќе ја покаже корисnotта од спроведување на таквата мерка.

Најдобри мерни инструменти за користење во овие мерења се уредите наречени дата логери. Дата логер е електронски инструмент со вградни сензори кој лесно се инсталира во простории со цел да мери температурни разлики, притисок и влажност, осветление и други величини. Со помош на овој инструмент можат да се снимат горните величини во даден временски период и истите да се анализираа комјутерски, со што веднаш се идентификуваат заштедите на енергија во дадено време како и проблеми во работењето на системите. Со помош на овој инструмент се подобрува ефикасноста, точноста, доверливоста, квалитетот на добиените податоци и потрошувачката на енергија.

## *10.Резиме*

Политиката на Општината, во областа на енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност, усогласена со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. За долгорочна ефикасна примена на мерките за ЕЕ потребна е набавка, инсталација и примена на софтверот ExCITE (External Climate and Inventory Tool for Energy Efficiency) кој е изработен за проектот на УНДП “намалување на климатските промени преку имплементација на мерки за енергетска ефикасност во градежниот сектор”, кој софтвер покрај другото има карактер на инвентар на јавни објекти во надлежност на Општината.

Активностите на Општина Охрид ќе се насочат кон реализација на главната цел на политиките на ЕУ, односно намалување на годишната потрошувачка на примарна енергија во Европа за 20% до 2020 година, согласно предложените мерки од Европската комисија, за зголемување на ефикасноста во сите сегменти во синџирот на енергија: генерација, трансформација, дистрибуција и финална потрошувачка.

**Општина Охрид во реализација на оваа програма учествува во процесот на изготвување на проектна документација (елаборат за нумерички податоци, основен проект, стручна ревизија, елаборат за заштита на животна средина) во вкупен износ на средства од Буџет на Општина Охрид за 2019 година во износ од 800.000,оо денари.**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА, ТРЕТ КВАРТАЛ**

| | Опис | Предвидени средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | | | | | | | | | | |
| | ПРОГРАМА - ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| 1 | Изготвување на проектна документација за реализација на програмата за енергетска ефикасност | 800.000.oo | | | 800.000,oo | 100 | 800.000,oo | 100 | | |
| | Вкупно: | 800.000,oo | | | 800.000,oo | 100 | 800.000,oo | 100 | | |
| | Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2019 година | 800.000,oo | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

**Број 08-15830/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за други комунални услуги за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/118** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за други комунални услуги за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/17**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА J8 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2019 - 30.09.2019**

## 1. ПРОГРАМА: ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ J8

| Ред. Бр. | Опис на работа | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | **Машинско и речно чистење и одржување на речни корита, суводолици и канали на територија на Општина Охрид** | **1.100.000,оо** |
| 2 | **Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на Општина Охрид,свлечишта и одрони** | **400.000,оо** |
| 3 | **Изнајмување на мобилни тоалети** | **130,000.оо** |
| 4 | **Новогодишно украсување** | **1.870.000,оо** |
| 5 | **Дезинфекција,дезинсекција и дератизација** | **700.000,оо** |
| 6 | **Заловување и чување на бездомни кучиња** | **1.300.000,оо** |
| | **ВКУПНО** | **5.500.000,оо** |

| Динамика за извршување на плански активности од подпрограма **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** за 2019 година | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци<br>-I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br>-II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | -мај/јуни ( во зависност од временските прилики)<br>-јули |
| теренско запрашување против комарци на крајбрежен појас на Охридско езеро како и делови од речните корита<br><br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | - април/мај ( во зависност од временските прилики)<br>- јуни<br><br>- јули/август |
| дератизација на канализациски систем<br>I –во третирање | - мај |

| | |
|---|---|
| II –ро третирање | - октомври |

**Извор на финансирање:**

| | |
|---|---|
| **Буџет на Општина Охрид за програма други комунални услуги 2019** | **5.500.000,оо** |

: Прегледот на реализација на оваа програма е даден во следната табела:

| 21 | с.Трпејца | 560 м2 | 2.800,оо | | | 1.500,оо | 54 | 2.800,оо | 100 | | |
| 22 | с.Лакочереј | 650 м2 | 3.250,оо | | | | | 3.250,оо | 100 | | |
| 23 | с.Лескоец | 1.100 м2 | 5.500,оо | | | 3.500,оо | 64 | 5.500,оо | 100 | | |
| 24 | с.Косел | 1.000 м2 | 5.000,оо | | | 3.000,оо | 60 | 5.000,оо | 100 | | |
| 25 | с.Велгошти | 1.900 м2 | 9.500,оо | | | 3.800,оо | 40 | 9.500,оо | 100 | | |
| 26 | нас. „Рача“ | 690 м2 | 3.450,оо | | | 1.800,оо | 52 | 3.450,оо | 100 | | |
| 27 | нас. „Лагадин“ | 810 м2 | 4.050,оо | | | 2.800,оо | 69 | 4.050,оо | 100 | | |
| | **Вкупно: В** | | **278.649,оо** | | | **111.700,оо** | **42** | **278.440,оо** | **100** | | |
| | **Вкупно: А, Б и В** | | **8.043.709,оо** | **1.208.020,оо** | **15** | **3.856.901,оо** | **48** | **5.652.026,оо** | **70** | | |
| | **Извор на финансирање е Буџет на Општина Охрид 2019г.** | | **8.043.709,оо** | | | | | | | | |

**Број 08-15830/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ 2019 - 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/124** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ 2019 - 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2019 - 30.09.2019**

Со оваа програма во периодот за кој се однесува ќе се реализираат проекти за водоснабдување со чиста и пика вода за пиење, со што во голема мера ќе се подобри квалитетот на живот во Општина Охрид.

Проширувањето на градежните зони, зголемувањето на населението во градот ја налага потребата од натамошно размислување за зголемување на водоснабдувањето на град Охрид и околните населени места. Обезбедувањето на чиста вода за пиење со поевтини трошоци по пат на гравитација, налага водоводно каптирање на сите извори со акцент на реализација на проектот за водоснабдување на Охрид и населените места со вода од Изворот Дувло.

Реализацијата на програмата за изградба на системите за водоснабдување е дадена во следната табела:

**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА, ТРЕТ КВАРТАЛ**

| | Опис | Предвиден и средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | **ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | | | | | |
| 1 | Изработка на проектна и друга соодветна документација за изградба на водоводни системи во Општина Охрид | 400.000,оо | | | | | | | | |
| 2 | Изградба на водоводни линии во Општина Охрид во зависност од реализација на урбанистички планови | 2.500.000,оо | 336.268,оо | 13 | 1.808.837,оо | 72 | 2.619.910,оо | 105 | | |
| 3 | Преприклучување на водоводна мрежа на улица Абас Емин | 300.000,оо | | | | | | | | |
| 6 | Изградба на улични водоводни линии во село Лескоец | 1.500.000,оо | 1.229.513,оо | 82 | 1.229.513,оо | 82 | 1.229.513,оо | | | |
| 7 | Појачување на постојни водоводни мрежи, изградба и реконструкција на резервари за вода во рурални средини | 300.000,оо | | | | | | | | |
| 8 | **Вкупно:** | **5.000.000,оо** | **1.565.781,оо** | **31** | **3.038.350,00** | **61** | **3.849.423,оо** | **77** | | |
| 9 | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2019 година** | **5.000.000,оо** | | | | | | | | |

**Број 08-15830/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ 2019 - 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлукта за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/125** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ 2019 - 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ОД 01.01.2019 ДО 30.09.2019**
**ПРОГРАМА ЈИ ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНА ВОДА ЗА 2019 ГОДИНА**

**Со програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадна вода за 2019 година, ќе се реализираат голем број на инфраструктурни зафати кои се тесно поврзани со изградба на системи за одведување на канализациона и одпадна вода како и изградба на системи за одведување на дождовна канализација.**
**Реализацијата на програмата е дадена во следната табела:**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2019 ГОДИНА, ТРЕТ КВАРТАЛ**

| | Опис | Предвиден и средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | **ПРОГРАМА - ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | | | | | | | | | |
| А | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | | | |
| 1 | Изградба на улична фекална канализација на дел ул.“Туристичка“ од Бензинска пумпа Окта до улица Ариф Мустафа ф-400,280 и 300mm/L-300m дел 1-ва ФАЗА | 500.000,оо | | | | | | | | |
| 2 | Изградба на фекална канализација во населба Рача (краци меѓу регионален пат Охрид – Св.Наум и патека покрај Охридско Езеро, 1-ва ФАЗА ф-200mm/L-300m ф-300mm/L-540m | 1.600.000,оо | | | | | | | | |
| 3 | Преприклучување на нова фекална канализација на Абас Емин | 1.000.000,оо | | | | | | | | |
| 4 | Изградба на улична фекална канализација на краци во Лескоец | 2.000.000,оо | 334.880,оо | 17 | 334.880,оо | 17 | 334.880,оо | 17 | | |
| 5 | Изградба на улична фекална канализација и реконструкција на постојна мрежа во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации, нивелирање на канализациони шахти, промена на капаци и чистење на шахти | 2.900.000,оо | 1.311.596,оо | 45 | 2.556.224,оо | 88 | 2.701.506,оо | 93 | | |
| 6 | Изработка на проектна документација за фекална канализација | 300.000,оо | | | | | | | | |
| | **Вкупно: А** | **8.300.000,оо** | **1.646.476,о** | **20** | **2.891.104,о** | **35** | **3.036.386,о** | **37** | | |


| | Опис | Предвиден и средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | **ПРОГРАМА - ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | | | | | | | | | |
| А | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | | | |
| 1 | Изградба на улична фекална канализација на дел ул.“Туристичка“ од Бензинска пумпа Окта до улица Ариф Мустафа ф-400,280 и 300mm/L-300m дел 1-ва ФАЗА | 500.000,оо | | | | | | | | |
| 2 | Изградба на фекална канализација во населба Рача (краци меѓу регионален пат Охрид – Св.Наум и патека покрај Охридско Езеро, 1-ва ФАЗА ф-200mm/L-300m ф-300mm/L-540m | 1.600.000,оо | | | | | | | | |
| 3 | Преприклучување на нова фекална канализација на Абас Емин | 1.000.000,оо | | | | | | | | |
| 4 | Изградба на улична фекална канализација на краци во Лескоец | 2.000.000,оо | 334.880,оо | 17 | 334.880,оо | 17 | 334.880,оо | 17 | | |
| 5 | Изградба на улична фекална канализација и реконструкција на постојна мрежа во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации, нивелирање на канализациони шахти, промена на капаци и чистење на шахти | 2.900.000,оо | 1.311.596,оо | 45 | 2.556.224,оо | 88 | 2.701.506,оо | 93 | | |
| 6 | Изработка на проектна документација за фекална канализација | 300.000,оо | | | | | | | | |
| | **Вкупно: А** | **8.300.000,оо** | **1.646.476,о** | **20** | **2.891.104,о** | **35** | **3.036.386,о** | **37** | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Б | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | | |
| 1 | Изградба на атмосферска канализација на улица “Егејска“ Ф-400/ L530 м | 4.400.000,оо | 2.638.325,оо | 60 | 2.638.325,оо | 60 | 2.969.114,оо | 67 | |
| 2 | Изградба на атмосверска канализација на улица 7-ми Ноември | 3.000.000,оо | | | | | 90.356,оо | 3 | |
| 3 | Изработка на проектна документација за атмосверска канализација | 300.000,оо | | | | | | | |
| | **Вкупно: Б** | **7.700.000,оо** | **2.638.325,оо** | **34** | **2.638.325,оо** | **34** | **3.059.470,оо** | **40** | |
| | **Вкупно А и Б:** | **16.000.000,оо** | **4.284.801,оо** | **27** | **5.529.429,оо** | **35** | **6.095.856,оо** | **38** | |
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2019 година** | **16.000.000,оо** | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ФИН. ОД БУЏЕТ НА Р.М. И ОД ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ФОНДОВИ** | | | | | | | | |
| 1 | Изградба на улична фекална канализација и пречистителна станица во село Трпејца | 61.500.000,оо | | | | | | | |
| 2 | Изградба на атмосферска канализација на ул „7-Ноември“ од ф-ка Братство до Здреужение на возачи Ф500/ L780 м | 8.500.000,оо | | | | | | | |
| 3 | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација за улица Абас Емин | 26.000.000,оо | | | | | | | |

**Број 08-15830/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година

**Број 09-15830/126** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/1, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоск, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЈФ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2019 – 30.09.2019**

Реализацијата на програмата за сообраќајната сигнализација , претставена преку

- вертикална сообраќајна сигнализација
- хоризантална сообраќајна сигнализација и
- забавувачи на сообраќај, заштитни огради и друга сообраќајна опрема

е дадена во следните табели:

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА, ТРЕТ КВАРТАЛ**

| | Опис | Предвиден и средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | **ПРОГРАМА - СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | | | |
| **А** | **ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | | | |
| 1 | Поправка, одржување и замена на постојна вертикална сообраќајна сигнализација | 200.000,оо | 16.520,оо | 8 | 115.280,оо | 58 | 185.280,оо | 93 | | |
| 2 | Набавка и поставување нова вертикална сообр. сигнализација | 400.000,оо | 115.640,оо | 29 | 368.589,оо | 92 | 395.761,оо | 99 | | |
| 3 | Набавка-одржавање на сверни огледала на улици во Општината | 250.000,оо | | | 240.130,оо | 96 | 240.130,оо | 96 | | |
| 4 | Систем за регулирање на сообраќајот во стариот дел на градот | 300.000,оо | | | 198.240,оо | 66 | 198.240,оо | 66 | | |
| 5 | Електрична семафорска сигнализација - одржување | 150.000,оо | | | | | | | | |
| 6 | Поставување на патоказни табли за културни и историски знаменитости | 40.000,оо | | | | | | | | |
| | **Вкупно: А** | **1.340.000,оо** | **132.160,оо** | **10** | **922.239,оо** | **69** | **1.019.411,оо** | **76** | | |
| **Б** | **ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | | | | |
| 1 | Машинско обележување на пешачки премини, и стоп линии,автобуски, такси постојки, паркинг за инвалиди, велосипедски патеки, осовински полни и испрекинати линии и паркинг места и штрафури, обележување на коловоз на сообраќајни знаци | 4.210.000,оо | 101.468,оо | 2 | 173.468,оо | 4 | 893.836,оо | 21 | | |
| | **Вкупно: Б** | **4..210.000,о** | **101.468,оо** | **2** | **173.468,оо** | **4** | **893.836,оо** | **21** | | |
| **В** | **ЗАБАВУВАЧИ НА СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТНИ ОГРАДИ И ДРУГА СООБРАЌАЈНА ОПРЕМА** | | | | | | | | | |
| 1 | Поставување и одржавање на забавувачи на сообраќај на улици | 700.000,оо | 52.186,оо | 7 | 426.496,оо | 61 | 426.496,оо | 61 | | |
| 2 | Поставување и одржавање на друга сообраќајна опрема (паркинг сензор, катадиоптри, конуси и слично) | 2.050.000,оо | | | 118.000,оо | 6 | 118.000,оо | 6 | | |
| | **Вкупно: В** | **2.750.000,оо** | **52.186,оо** | **2** | **544.496,оо** | **20** | **544.496,оо** | **20** | | |
| | **Вкупно: А, Б и В** | **8.300.000,оо** | **285.814,оо** | **3** | **1.640.203,оо** | **20** | **2.457.743,оо** | **30** | | |
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2019 година** | **8.300.000,оо** | | | | | | | | |

**Број 08-15830/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2019 - 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/127** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ 2019 - 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната програма за уредување градежно земјиште 2019 - 2021 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ФА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2019 - 30.09.2019**

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2019 година, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во народниот период, писмените забелешки на граѓаните,

разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби, со одборите на МЗ, програмите на УЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби. Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години. Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува Општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;

-изработка на водоводна, канализациона и мрежа за одводни води;

-асфалтирање, тампонирање, поставување на улични рабници и поплочување на тротоари;

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на ова програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А) Надомест за уредување на градежно земјиште

Б) Изворни приходи на општината

В) Средства од разни домашни и меѓунардни институции

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Реализацијата на оваа програма е дадена во следната табела:

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2019 ГОДИНА, ТРЕТ КВАРТАЛ**

| | Опис | Предвидени средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| **I** | **ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2019 година** | | | | | | | | | |
| **А** | **НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА** | | | | | | | | | |
| 1 | Експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно детални урбанистички планови | 3.000.000,оо | 1.866.322,оо | 62 | 1.951.346,оо | 65 | 1.951.346,оо | 65 | | |
| 2 | Плаќање на стари обврски по судски решенија | 41.000.000,оо | 2.699.654,оо | 7 | 13.758.248,оо | 34 | 37.561.271,оо | 92 | | |
| 3 | Рушење на објекти | 3.500.000,оо | | | | | | | | |
| | **Вкупно А:** | **47.500.000,оо** | **4.565.976,оо** | 10 | **15.709.594,оо** | 33 | **39.512.617,оо** | 83 | | |
| **Б** | **АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА** | | | | | | | | | |
| 1 | Изработка на проектна и техничка документација | 2.000.000,оо | 587.090,оо | 29 | 1.272.311,оо | 64 | | | | |
| 2 | Стручна ревизија на проекти | 50.000,оо | 3.540,оо | 7 | 3.540,оо | 7 | 3.540,оо | 7 | | |
| 3 | Изработка на елаборати за животна средина за проекти | 250.000,оо | | | | | | | | |
| 4 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржување на објекти | 700.000,оо | 134.597,оо | 19 | 282.631,оо | 40 | 425.529,оо | 61 | | |
| 5 | Реконструкција на улица “Егејска“ | 5.740.000,оо | | | 961.696,оо | 17 | 5.686.830,оо | 99 | | |
| 6 | Санација на улична патна мрежа во град Охрид и | 17.000.000,оо | | | 8.215.538,оо | 48 | 8.215.538,оо | 48 | | |
| | асвалтирање на тесни улици | | | | | | | | | |
| 7 | Реконструкција на постојни кружни крстосници | 1.500.000,оо | 564.724,оо | 38 | 564.724,оо | 38 | 564.724,оо | 38 | | |
| 8 | Реконстукција на кружна крстосница “Болница“ | 2.270.000,оо | 480.000,оо | 21 | 2.268.877,оо | 100 | 2.268.877,оо | 100 | | |
| 9 | Изградба и уредување на паркинг места | 300.000,оо | | | | | | | | |
| 10 | Реконструкција на улица “АСНОМ“ | 8.800.000,оо | | | | | | | | |
| 11 | Реконструкција на улица “7-ми Ноември“ 1-ва фаза | 1.000.000,оо | | | | | | | | |
| 12 | Изградба на улица 2 во Коплекс Касарна | 4.598.330,оо | | | | | | | | |
| | **Вкупно Б:** | **44.208.330,оо** | **1.769.951,оо** | 4 | **13.569.317,оо** | **31** | **17.165.038,оо** | **39** | | |
| **В** | **ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ** | | | | | | | | | |
| 1 | Поплочување и одржување на улици во УЗ Стар Град | 200.000,оо | | | 36.609,оо | 18 | 36.609,оо | 18 | | |
| 2 | Уредување на тротоари во УЗ Центар | 300.000,оо | | | | | 80.167,оо | 27 | | |
| 5 | Поплочување и одржување на други улици | 2.000.000,оо | 635.254,оо | 32 | 810.413,оо | 40 | 1.227.661,оо | 61 | | |
| 6 | Тампонирање на улици и пристапни патишта | 2.200.000,оо | | | | | | | | |
| | **Вкупно В:** | **4.700.000,оо** | **635.254,оо** | **13** | **847.022,00** | **18** | **1.344.437,оо** | **29** | | |
| **Г** | **ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА И ДРУГА ОПРЕМА** | | | | | | | | | |
| 1 | Набавка и одржување на урбана опрема | 1.200.000,оо | 139.589,оо | 12 | 139.589,оо | 12 | 512.817,оо | 43 | | |
| 2 | Изградба и опремување на автобуски постојки | 1.600.000,оо | | | 561.680,оо | 35 | 561.680,оо | 35 | | |
| 3 | Поставување на рампи и столбчиња и држачи за улици со голем надолжен наклон | 400.000,оо | 234.273,оо | 59 | 382.227,оо | 96 | 382.227,оо | 96 | | |
| | **Вкупно Г:** | **3.200.000,оо** | **373.862,оо** | **12** | **1.083.496,оо** | **34** | **1.456.724,оо** | **45** | | |
| **Д** | **ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ** | | | | | | | | | |
| 1 | Изградба на пешачка патека Охрид-Парк-Св.Стефан, Охрид- хотел Парк завршен дел | 5.750.000,оо | 980.000,оо | 17 | 5.734.799,оо | 100 | 5.734.799,оо | 1оо | | |
| 2 | Санација и изградба на ѕидови во Општина Охрид | 3.000.000,оо | 225.144,оо | 7 | 270.692,оо | 9 | 270.692,оо | 7 | | |
| 3 | Набавка на нови дрвореди | 1.000.000,оо | 998.634,оо | 100 | 998.634,оо | 100 | 998.634,оо | 100 | | |
| | **Вкупно Д:** | **9..750.000,оо** | **2.203.778,оо** | **23** | **7.004.125,оо** | **72** | **7.004.125,оо** | **72** | | |
| | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА, ВЕЛОСИПЕДСКИ ЛЕНТИ И ПАТЕКИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | | | | | | | | | |
| Ѓ | Изградба и реконструкција на детски игралишта | 500.000,оо | **368.076,оо** | **74** | **440.886,оо** | **88** | **440.886,оо** | **88** | | |
| Е | Изградба и реконструкција на велосипедски ленти и патеки | 700.000,оо | | | | | | | | |
| Ж | Изградба на други објекти | 1.000.000,оо | **364.367,оо** | **36** | **758.920,оо** | **76** | **758.920,оо** | **76** | | |
| З | Реконструкција на други објекти | 6.150.000,оо | | | **370.043,оо** | **6** | **370.043,оо** | **6** | | |
| | **Вкупно А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е,Ж и З** | **117.708.330,оо** | **10.281.264,оо** | 9 | **39.413.360,оо** | 33 | **68.052.790,оо** | **58** | | |
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2019 година** | 117.708.330,оо | | | | | | | | |

**Број 08-15830/36**
**29.11.2019 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за активностите на Општина Охрид во областа на образованието за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/128**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Охрид во областа на образованието за 2019 година за периодот од 01.01.до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/37**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2019 – 30.09.2019 ГОДИНА**

**Вовед:**

Во делокругот на своите работни задачи на Одделението за образование ги опфаќа: основното и средното образованието.

Општина Охрид има директни надлежности во делот на образованието.

Надлежностите во образованието се во смисла на основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта, во соработка со централната власт.

Согласно законите за основно и средно образование, како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорното министерство, општината секоја година финансира одреден број активности кои се составен дел на Програмата за образование за 2019 година.

***Образование***

На почетокот од 2019 година, Одделението за образование достави до МОН **предлог-план за упис на ученици во прва година** во средните училишта, како основ за подготвување на Конкурсите за упис на ученици во учебната 2019/2020 година.

Во Одделението за образование, тековно, според потребите ,се изготвуваа и се доставуваа до училиштата **согласности за отпочнување постапки** за јавни набавки, **согласности за исплаќање средства** од општинската сметка**, согласности за годишни планови** за вработување и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на училиштата.

Во периодот 01.01.2019 година - 30.09.2019 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање лица до три месеци на ослободени работни места по различен основ: пензионирање, боледување, неплатено отсуство и сл.

Одделението за образование врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во училиштата и истите ги проследува до надлежното министерство.

Исто така, Одделението за образование изготвува согласности за исплата на надоместоци по основ пензионирање и солидарна помош за вработените во училиштата.

Во периодот од 01.01.2019. до 30.09.2019 година продолжено е со реализацијата на постапките за легализација. Извршена е легализација на ОУ „Св.Наум Охридски“ с. Пештани – ПУ Трпејца, ОУ „Христо Узунов“ и ОЕМУЦ „ Св.Наум Охридски “.

Стекнувањето со имотни листови е услов за добивање одобренија за реконструкции, како основ за отпочнување и реализација на низа реконструкции и капитални инвестиции, кои се дел од Програмата за образование.

Во овој период, во рамки на Проектот за „Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали“ на МОН, во тек е изградба на спортската сала во ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ – Охрид. Воедно, во училиштето, со средства од МОН во рамки на проектот „Рехабилитација на основни и средни училишта во Македонија“ извршена е промена на кров, а во завршна фаза е промена на прозорците.

Во овој период започнаа и тендерски постапки за избор на изведувачи за санација на кровните покривачи во ОУ „Христо Узунов“, ОУ „Братство единство“, ПУ Коњско, ПУ Елшани и ОСУ „Св.Климент Охридски“ .

Во соработка со Одделението за образование, во периодот 01.01. - 30.09.2019 година, во училиштата се реализираат поголем број **проекти.** Дел од нив се реализираат континуирано од почетокот на учебната година:

**- Проект „Електричниот отпад создава можности – WEEE Creates possibilities“ – се реализира во соработка со Центарот за климатски промени -** Целта на проектот е

подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид, за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад. Проектот се спроведува во дел од основните училишта во Општина Охрид.

**- „ЕРАЗМУС+“ Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност** – на почетокот на 2019 година училиштата активно аплицираа на повиците кои се објавени во рамки на ЕРАЗМУС + програмата. Во рамки на програмата „ЕРАЗМУС+“ и во текот на 2019 година продолжија да се реализираат активности врз основ на претходно добиените проекти во 2018 година и тоа: СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ – Проект Learning by doing (Учење преку пракса); ОУТУ „Ванчо Питошески“ – Проект „Learning from the best“ (Учиме од најдобрите); ОУ „Св.Климент Охридски“ – Проект „The change starts from us!“ (Промената започнува од нас!) и ОСУ „Св.Климент Охридски“ – „Connecting schools across border 2018-2020“ и „Обединети во различноста: УНЕСКО регионално наследство во рамките на европскиот идентитет 2018-2020“.

Во 2019 година ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец во рамки на програмата ERASMUS + ги доби следните проекти:

- Прв проект: „Ванчо Николески“ е партнер училиште, согласно правилата за акција КА229 – Стратегиски партнерства за училишни размени.

Британската Национална агенција во рамките на Програмата Еразмус+, ја одобри за финансирање апликацијата во која ОУ„Ванчо Николески“ се јавува како партнер училиште. Согласно правилата за акција КА229– Стратегиски партнерства за училишни размени, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност , одобри грант за користење на средства во висина од **18.459,00 евра** во денарска противредност.

Име на проектот: **Clean nature – long life.** (Чиста природа – долг живот)

Партнери во проектот: Велика Британија, Северна Македонија, Турција, Португалија и Романија.

Прва мобилна средба во Охрид – 03 – 09 Ноември 2019**.**

- Втор проект: Основното училиште „Ванчо Николески “ е партнер училиште, согласно правилата за акција КА229 – Стратегиски партнерства за училишни размени.

Полската Национална агенција во рамките на Програмата Еразмус+, ја одобри за финансирање апликацијата во која нашето училиште за јавува како партнер училиште. Согласно правилата за акција КА229– Стратегиски партнерства за училишни размени,Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ,одобри грант за користење на средства во висина од 31.320,00 евра во денарска противредност.

Име на проектот: **Breaking barriers through sharing treasures** (Бришење бариери преку споделување богатства)

Партнери во проектот: Полска, Северна Македонија, Турција, Португалија, Грција и Италија

Прва мобилна средба во Охрид – 17 – 23 Ноември 2019**.**

Двата проекти траат од 01.09.2019 – 31.08.2021

**- Проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието:**

- Во рамки на Компонентата 1: Јакнење на меѓуетничката кохезија во образовниот систем ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец со наставниците и стручните соработници од

СИТ – от од партнер училиштето ОУ „Јунус Емре“ од Лисичани – Општина Пласница, изработија заеднички проект кој во месец март 2019 година им беше одобрен за реализирање заеднички средби, работилници и часови во износ од 30.000,00 денари.

Во првата фаза од реализацијата на проектот, во месец септември, реализирана е меѓусебна средба со наставници и ученици и се одржаа заеднички работилници.

**- „Детски семафор 2019“**

Одделението за образование во соработка со Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Охрид и Министерството за внатрешни работи, и оваа година, заедно со учениците од основните училишта во Охрид, ја реализираа традиционалната општинска сообраќајно-воспитна манифестација "Детски семафор".

Општинскиот натпревар "Детски семафор 2019" се одржа на 11 мај во ОУ „Христо Узунов“. Натпреварот се состои од два дела: теоретски дел - електронско полагање сообраќајни тестови и практичен дел - вешто возење на велосипед.

Целта на Општинската сообраќајно - воспитна манифестација "Детски семафор" е едукација и издигнување на сообраќајно-техничката култура кај младите, запознавање со сообраќајните правила и прописи и подобрување на безбедноста на сообраќајот.

**- „Матурска Парада 2019“**

Матурската парада, во текот на изминатите дванаесет години, од благородна идеја прерасна во очекувана традиционална манифестација за одбележување на еден од најзначајните настани за матурантите.

На 17 мај точно во 12 часот, на градскиот плоштад Св. „Климент Охридски“ матурантите од четирите средни училишта од Општина Охрид повторно го танцуваа матурскиот квадрил, со своите врсници од шеесетина градови на Централна и Југоисточна Европа. На овој начин заеднички постепено, заедно со младите од година во година се создава нова традиција во одбележувањето на матурирањето, што е во согласност со стремежите на младите за меѓусебно поврзување околу една заедничка идеја. На овогодинешната „Матурска парада“ учество зедоа 386 матуранти.

Матурската парада за прв пат почна да се одржува во 2007 година, само во две општини: во Охрид и Скопје.

**- „24 мај Денот на сесловенските просветители“**

По повод „24 мај – Денот на сесловенските просветители“ на најдобрите ученици од основните и средните училишта им беа доделени награди за постигнатите успеси на регионални, државни и меѓународни натпревари.

Оваа година беа наградени 325 ученици од основните и средните училишта.

Општина Охрид е вклучена и во реализација на проекти кои ги спроведува Министерството за образование и наука и тоа:

**- „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“** – Целта на проектот е модернизација и унапредување на системот на средно стручно образование во траење од 4 години. Проектот се состои од анализа на постојната состојба и изработка на Концепција на средно стручно образование во траење од 4 години (техничко образование), што на крај резултира со нови наставни програми. Проектот се имплементира од Министерството за образование и наука, а е финансиран од заем на Светска банка. Спроведувањето на проектот е во заедничка соработка со локалната самоуправа.

- **Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“** – се спроведува од страна на МОН, а согласно потпишан Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка. Главна цел на програмата е успешно спроведување на теоријата во дневната пракса при работа на воспитно образовните институции, со што би се влијаело на подигнување на еколошката свест кај сегашните и идните генерации на одржлив еколошки и финансиски развој и заштеди не само за градинките и училиштата, туку и на сите инволвирани страни: министерството за образование, општините и пошироката јавност.

**Според книговодствена евиденција за периодот 01.01.-30.09.2019 год.,прикажано по сметки и програми, исплатени се следните износи :**

**А) ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА (сметка 603)**

*1.**Програм Н1,НА-основно образование –** реализирани се 18.097.897,00 ден односно 40,93% од вкупно планираните:*

- 9.479.000,00 ден. исплатени се за комунални услуги, електрична енергија (за ОУ„Григор Прличев“) нафта, дрва за греење;
- 783.000,00 ден. исплатени се за стипендии за ученици
- 3.285.430,00 ден. исплатени се за превоз на ученици;
- 1.104.684,00 ден. исплатени се за одделенски наставници ангажирани во продолжен престој;
- 76.448,00 ден. исплатени се за катастарски услуги при легализација на училишни објекти (ОУ„Христо Узунов“,ОУ„Братство-единство“ и ОУ„ Св.Наум Охридски “-Пештани)

- 71.836,00 ден. исплатени се за тековно одржување на опрема (санација на парното греење во ОУ„Христо Узунов “ каде е извршено сервисирање на пламеник)
- 160.872,00 ден исплатени се за санација на системот за парно греење во ОУ„Св.Климент Охридски
- 259.600,00 ден исплатени се санација на кров во ОУ „Св.Наум Охридски“ Пештани во функција на поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија – 15 KW, донација од Светска банка
- 28.534,00 ден исплатени се за спортски ден во спортската сала „Тодор Александров“, Велгошти
- 55.767,00 ден. исплатени се по основ осигурување
- 29.500,00 ден исплатени се за санитарни прегледи
- 263.170,00 ден.исплатени се по основ трансфери при пензионирање и солидарна помош.
- 2.500.000,00 ден се повлечени по основ извршни решенија кои не се поврзани со работењето на училиштата (стари долгови на општината)

***2.Програм Н2,НБ - средно образование –** реализирани се 989.897,00 ден. односно 39,6% од вкупно планираните општински средства*

- 29.072,00 ден - за катастарски услуги при легализација на училишниот објект ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“
- 891.000,00 ден .- за исплата на стипендии на ученици, за учебната 2018/2019 г.

- 69.825,00 ден.- за исплата на средства за адаптација на просторија во ОСУ„Св.Климент Охридски“

За учебната односно академската 2018/2019 г. доделени се вкупно 120 стипендии за ученици во основните и средните училишта и 49 стипендии за студенти. (Стипендиите за студенти се исплаќаат од А0 Програма).

**Б) СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИЈА (сметка 903) :**

*1. **Програм Н1,НА- основно образование**, во период од 01.01.2019 – 30.09.2019 година, од средствата добиени како блок дотација, исплатени се вкупно 167.161.033,00 ден. односно 69,77 % од вкупно планираните* :

- За плати и придонеси на вработените исплатени се вкупно 157.513.727,00. ден.;
- 6.114.826,00 ден. се распределени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 621.981,00 ден. се исплатени за канцелариски материјали, средства за хигиена;
- 1.640.789,00 ден. се исплатени за превоз на ученици ;
- 95.046,00 ден. – исплатени за осигурување на објекти и опрема;
- 180.567,00 ден. за други вонучилишни образовни услуги(копирање,печатење)
- 191.190,00 ден. за други оперативни расходи ( огласи, семинари);
- 210.098,00 ден. исплатени се за отпремнини при пензионирање;

- 393.309,00 ден исплатени се за санитарни прегледи;
- 199.500,00 ден. исплатени се за тековно одржување на објекти и опрема

2. ***Програм Н2,НБ- средно образование** - во периодот 01.01.2019 г. – 30.09.2019 г., од средствата добиени како блок дотација, исплатени се вкупно 90.654.352,00 ден.односно 66,95 % од планираните*:

- 70.672.883,00 ден. се исплатени за основни плати и придонеси за вработените во средните училишта;
- 11.606.555,00 ден. се исплатени за превоз на ученици;
- 6.799.692,00 ден. се исплатени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 617.278,00 ден. се исплатени за канцелариски материјали, средства за хигиена и нагледни средства;
- 177.971,00 ден. исплатени се за тековно одржување на објекти и опрема;
- 82.027, 00 ден. се исплатени за објавување огласи и за други оперативни расходи;
- 315.763,00 ден. се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош;
- 138.158,00 ден. исплатени се за систематски прегледи на вработените;
- 72.916,00 ден исплатени се за осигурување на објекти.
- 83.715,00 ден исплатени се за други дополнителни трошоци ( копирање,печатење и сл.)
- 87.394,00 ден. се исплатени за други договорни услуги (за одржување пракса во болницата на учениците од медицинските паралелки )

**В) ДОНАТОРСКИ СРЕДСТВА** / сметка 785 /

**1.*Во Програм Н1,НА –основно образование*** ,за периодот 01.01.2019 - 30.09.2019 год., според книговодствената евиденција, потрошени се 788.832,00 ден. или 67,31 % од планираните средства .

-788.832,00 ден.- исплатени се за активности поврзани со проекти од програмата Еразмус+ во ОУ „Св.Климент Охридски“.

**2.*Во Програм Н2,НБ- средно образование,*** за периодот 01.01.2019 - 30.09.2019 год., според книговодствената евиденција, потрошени се 13.568.322,00 ден. или 86,59 % од планираните средства.

-13.568.322,00 ден – исплатени се за активности поврзани со проекти од програмата Еразмус+ во училиштата: ОСУ„Св.Климент Охридски“, СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ и ОУТУ„Ванчо Питошески“.

**Г) СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА** / сметка 787

-***Основните училишта*** од сопствените средства имаат реализирано 1.386.798,00 ден односно 41,2% од планираните за 2019 год.

-***Средните училишта*** од сопствените средства имаат реализирано 1.438.872,00 ден односно 28,77% од планираните за 2019 год.
***Активности финансирани од сопствени средства и донации во периодот 01.01.2019 - 30.09.2019 год., прикажани по училишта:***

***ОСНОВНИ УЧИЛИШТА:***

**- ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти**

Од сопствени средства набавени се:

| | |
|---|---|
| - Ормар метален | 11.045,00 ден. |
| - Фрижидер | 6.999,00 ден. |
| Вкупно: | 18.044,00 ден. |

-Од донација од Светска банка извршено е поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија ( 15 KW), на покривот од училиштето.

**- ОУ „Христо Узунов“**

Од сопствени средства:

- Набавени се нагледни средства (топки, јаже и рекети за пинг понг) - 33.400,00 денари.

**- ОМУ „Методи Патче“**

Од сопствени средства извршена е:

| | |
|---|---|
| - Санација на врати | 60.000,00 ден. |
| - Репарирање на музичка опрема | 30.000,00 ден. |
| - Инвестиционо одржување (плочки) | 106.415,00 ден. |
| - Набавка на врати | 120.000,00 ден. |
| Вкупно: | 316.415,00 ден. |

**- ОУ „Григор Прличев“**

Од донација добиени се:

- Четири музички системи VIVAX MC -600;
- Еден ласерски принтер (награда од Фондацијата „Отворено општество“ за најуспешен наставник);
- Интерактивен дисплеј (донација на Гете Институт).

**- ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец**

Од сопствени средства:

- Извршено бетонирање на подрумски простории во централното училиште - 10.443,00 ден.

- промена на вратите во сите учлници и 2 помошни простории (вкупно 10 врати). во вредност од 100 000 ден.

-- Донација за преградување на дел од ходникот и прилагодување на просторот како кабинет по ФЗО и архива во вредност од 15.000,00 ден.

-Извршено е санирање на оштетените делови, справи, реквизити во училишниот парк, оплеменување на просторот и поставување 2 нови масички и 8 стола во паркот - реализатор ЈП Градски пазар (Локална самоуправа)

- Во рамки на Компонентата 3: Стимул за училиштата/Реновирање добиен е проект – фаза реновирање во ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец, Охрид во износ од 1.200.000,00 денари и 300.000,00 денари учество од Општина Охрид.Проектот од страна на УСАИД беше одобрен во месец април. Градежните активности се во завршна фаза, и опфаќаат:

- целосна реконструкција на ученичките тоалети
- обработка на ѕидови и тавани со лепак и абрип на сите училници и една канцеларија (8 училници)
- фарбање на дрвената ламперија во училниците со еколошка боја
- реконструирање на таванот во училишниот хол со Армстронг, севтилки и таван
- обработка на ѕидовите во големиот училишен хол и во ходникот
- фарбање на ѕидовите со боја во висина од 1 метар
- стружење и фарбање на подот во ходникот
- изградба на рампа од задниот влез на училиштето

**- ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани**

Од донација извршено е:

-- Поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија – 15 KW,донација од Светска банка.

(Како предуслов за поставување на фотоволтаичните панели и,звршена е промена на дел од азбестната кровната конструкција со површина од околу 200 м2 во ОУ „Св.Наум Охридски“ с. Пештани, финансирано од Локалната самоуправа – 259.600,00 ден. )

- Промена на санитарија во машки и женски тоалети во ПУ с.Елшани;

- Промена на таваните со поставување на таванска конструкција и кнауф со површина од 248 м2 и поставување на ново осветлување со неонски светла на таванската површина во ПУ с.Елшани. Во фаза на работа е поставување на бехатон плочки во училишниот двор на училиштето.

- Во ПУ Коњско комплет промена на надворешна дотраена дограма и поставување на нови ПВЦ прозори и влезна врата.

**- ОУ „Братство единство“**

| | |
|---|---|
| - Варосување | 14.998,00 ден. |
| - Поправка на парно греење | 5.740,00 ден. |

- Замена на светилки – лед 6.500,00 ден.

Со Донација од American school project иза кабинетот по биологија и хемија извршена е:

- Набавка на нагледни средства 79.500,00 ден.
- Набавка на ЛЦД проектор 22.900,00 ден.

---

Вкупно 129.638,00 ден.

**- ОУ „КОЧО РАЦИН“**

| | |
|---|---|
| - Поправка на клупи – плотни | 21.700,00 ден. |
| - За канали за електрична инсталација- кабли | 8.200,00 ден. |
| - За варосување на делови од училиштето | 18.600,00 ден. |
| - За ХТЗ опрема на хигиеничарите | 4.300,00 ден. |
| Вкупно | 52.800,00 ден |

***СРЕДНИ УЧИЛИШТА*:**

**-ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“**

Од сопствени средства:

- Набавен монитор за видео надзор во училиштето во износ од 17.767,00 ден.
- Извршено молерисување – 17.000,00 денари

**-ОСУ „Св.Климент Охридски“**

Од сопствени средства:

- Адаптација на просторија за ученичка заедница – 35.000,00 ден.

**-ОУТУ „Ванчо Питошески“**

Од сопствени средства:

- За кабинетот по практична работа за хотелско и ресторантско работење, извршена е набавка на информатичка опрема во вредност од 31.190,00 денари.

Во финансиските извештаи на училиштата подетално е наведено за која намена,од која сметка ,колку средства се потрошени.

**Број 08-15830/38**
**29.11.2019 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за детска заштита 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/129** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА

### Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за детска заштита за 2019 година за периодот од 01.01.до 30.09.2019 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2019 ГОДИНА
**за период 01.01.2019 - 30.09.2019 година**

**Вовед:**

Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување развој на установи и служби за заштита на децата.

Во тој правец ,во рамки на своите надлежности, Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита во делокругот на своите работни задачи ги опфаќа активностите во смисла на основање, финансирање и администрирање на детската градинка, во соработка со централната власт.

Согласно Законот за детска заштита како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорното министерство, Општината секоја година финансира одреден број активности кои се составен дел на Програмата за детска заштита за 2019 година.

***Детска заштита***

Во Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита тековно, според потребите ,се изготвуваат и се доставуваат **согласности за исплаќање средства** од општинската

сметка **, согласности за отпочнување постапки** за јавни набавки и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на градинката.

Во периодот 01.01.2019 година - 30.09.2019 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање на 26 лица на определено време преку Агенција за посредување при вработување.

Секторот врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во детската градинка и истите ги проследува до надлежното министерство.

**Во соработка со Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, во периодот 01.01.2019 - 30.09.2019 година, во детската градинка се реализирани неколку активности и проекти:**

**- „Реонскиот полицаец Ве советува“ -** се реализира во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализира во основните училишта.

- **„Мојот пријател полицаец“** – Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид превзедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што континуирано се имплементира во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфаќа повеќе активности:
- посети на униформирани полицајци во градинка на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој се реализира со вклучување на родителите.

**- „Детски БОНТОН“** – Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да се однесуваат. Реализацијата на проектот опфаќа: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видео материјал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат, влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.Проектот се реализира тековно во сите објекти на градинката.

Во рамки на проектот издаден и прирачникот на турски јазик, за деца припадници на турската националност.

**ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА, СПОРЕД НАМЕНАТА**
**за периодот 01.01. - 30.09.2019 год. (според книговодствената евиденција)**

***В1 детска заштита / 7.842.393,00 ден., односно 80,85 % од предвидените средства за 2019 г.***

- 3.170.002,00 ден. исплатени се за договорни услуги за лица ангажирани во градинката преку Агенција за привремени вработувања.
  Поради недостиг на кадар вработен преку МТС,Општина Охрид финансира вработувања преку Агенција за посредување при вработување.

- 4.672.391,00 ден. се повлечени по основ извршни решенија кои не се поврзани со работењето на детската градинка ( стари долгови на општината)

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИЈА, за периодот од 01.01. - 30.09.2019 год. (според книговодствената евиденција):.**

*1. За **детската градинка,** од средствата добиени како блок дотација во период 01.01.2019г.. – 30.06.2019 година исплатени се вкупно **28.419.7098,00 ден.** односно 64,03 % од предвидените за 2019 г.*

- 26.688.022,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените
- 1.485.557,00 денари се исплатени за комунални услуги, греење, комуникација
- 246.130,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош.

Од **сопствени приходи** на градинката ,за овој период исплатени се 5.933.391,00 ден. односно 29,22% од предвидените за 2019 г.

**Број 08-15830/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата заагтивностите од социјална заштита за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/130** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за 2019 година, за периодот од 01.07.до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/41**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**
**АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**
**за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година**

**1. Реализирање на активностите на проектот за Јавни работи.** Во тековниот период Општина Охрид во соработка со Центар за социјални работи, Агенција за вработување и ЈП Охридски комуналец имплентира активност за ангажирање на 16 лица од социјално ранливи категории за спроведување на следните активности:

- косење на тревниот појас помеѓу двете коловозни ленти на потегот од магистралниот пат од Хидробиолошки Завод до нас. Свети Стефан;
- чистење на плажите по охридското крајбрежје на потегот кој се простира под општина Охрид;
- чистење на појасот покрај коловозните ленти на магистралниот пат од Хидробиолошки Завод до св. Наум и потегот покрај магистралниот пат од сообраќајната клучка до Подмоље;

**Временска рамка**: 22 работни дена, месец мај и јуни
**Вкупен буџет:** 464.990,00 денари од Програмата АО

**2.** Имплементација на проектот **Општинско – корисно работа** со наслов ,,Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните” – Отворени можности за еднакво образование за сите деца. Проектот е донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Програмата општинско корисна работа има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено време, заради вклучување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.
Со проектот се ангажираа на почеток 9 образовни асистенти со цел поефикасно спроведување на воспитно образовниот процес на децата со попреченост од школска возраст .Проектот започна со имплементација од 1ви Септември и ќе трае до 10 ти Јуни заклучно со завршувањето на учебната година.

**Временска рамка**: 22 работни дена, месец мај и јуни
**Вкупен буџет***: 583.200,00 од УНДП и 145.800,00 од општина Охрид*

**3.** Имплементација на проектот **Креирање на можности за работа за сите –** Главна фаза. Проектот е донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Програмата општинско корисна работа има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено време, заради вклучување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.
Во проектот се вклучени 4 помагатели со цел помош во домашни услови на стари лица и на лица со попреченост кои не се во можност секојдневно да ги извршуваат секојдневните

обврски како ( купување на лекови, пазарење, воспоставување на комуникација за да не се чувствуваат осамени, цепење на дрва итн.)
**Временска рамка**: 6 месеци (1ви септември до 1ви март)
**Вкупен буџет***: 216.000,00 од УНДП*

**4. Подготовка на проект за подобрување на социјалните услуги,** финасиран со средства од заем на Светска банка за развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги согласно потребите на граѓаните. Општина Охрид т.е одделението за социјална заштита аплицираше за Отворање на дневен центар за деца со потешки форми на попреченост кои не посетуваат редовна настава и не посетуваат специјални паралеки и втората апликација за отворање на регионален шелтер центар за лица жртви на семејно насилство како и подигнување на свеста на локалното население за заштита на лицата кои се жртви на семејно насилство.

**Број 08-15830/42 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година Претседател**
**О х р и д Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2019 ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2019 година за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/131 ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год. Градоначалник**
**О х р и д д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07.2019 ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за периодот од 01.07.2019 до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

**КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.07 ДО 31.09.2019**

Создавањето услови за спортување на сите генерации, за правилен физички развој на младите генерации преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалски игралишта, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката на Сојузот на училишен спорт е од особено значење за учество во училишните лиги во повеќе спортови .

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта таму каде ги нема .

Во извештајниов период се вршеше субвенционирање на трошоците за користење на спортски терени на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид. Субвенции ќе користат: РК„Охрид 2013“, РК„Лихнид“, КК„АВ„,КК„Колибри“, КБ„ГолденТим“ДООЕЛ„ Црвен Крст, ГФК„Охрид Лихнидос“, ЖФК„Билјанини Извори“, ОФС Охрид, ФК„ОСК Фер Плеј“, ФК „ЛА МАСИА“, ФК„ФЦ Копенхаген“, ФК„Еврофудбал 2 Вардар“, ФК „Охрид Топ Тим“ , КК „Чоле“ БЏЦ„Д СТРОНТЕС“, АК „Охрид“ ТК „Охрид“ ,ПШ „Делфини 2012“ и ПК „ Охридски Бранови “ Охрид ,Теквондо клуб Хваранг.

Изготвен е нов регистар за евиденција на спортските клубови и спортските здруженија од подрачјето на Општината Охрид кој покрај другите податоци содржи и комплетни информации за клубовите и здруженијата од областа на спортот .

Интензивирана е соработката со МОК и АМС за вложување во спортската инфраструктура во општина Охрид и активностите насочени кон подобрување на спортот во Општината Охрид .

Општината Охрид во рамките на своите можности а согласно Буџетската програма ЛО Спорт и рекреација за 2019 г. издвои средства во висина од **19.600.000.00** денари, а докрајот на извештајниот период потрошени се **18.145.871,00** денари за реализација на следните активности:

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“

**КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР*

Средства во висина од **1.271.844.00** денари

**КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ*

Средства во висина од **3.470.000** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| ГРК „Охрид “ АД | 2,000,000.00 |
| ФК Охрид ТОП-ТИМ | 40.000,00 |
| ФК Воска спорт | 60,000.00 |
| Спорт за сите(триатлон) | 400,000.00 |
| Примо рејсинг-трка на две езера | 300,000.00 |
| Атлетски клуб | 60,000.00 |
| Кајак Кану-Стрмец | 100,000.00 |
| Охридски бранови 2008-ватерполо и мал маратон | 150,000.00 |
| Комитет за далечинско пливање | 150,000.00 |
| Стрелачки клуб | 60,000.00 |
| Р.К Сани 14 | 20,000.00 |
| Охридски Атл. Маратон | 80,000.00 |
| Фудбал 2010 Дооел | 50.000,00 |

**КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСФЕРИ

Не се користени средства од оваа приграма.

**ПРОГРАМА ЛА**

**КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ

Не се користени средства од оваа приграма.

**Број 08-15830/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/132** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2019 година за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/45**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата , средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2019 – 30.09.2019 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка „Јасна Ристеска“, основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани , беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**

- Со логистичка поддршка на Општина Охрид и општинските јавни претпријатија беа помогнати урбаните и месните заедници во организациските подготовки за продолжување на долговековната православна традиција за дочек на **Стара нова година - Василица.**

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**

- Под целосно покротвителство на Општина Охрид се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **‚Богојавление – Водици“;**

- Финансиска и логистичка поддршка на богатата културно - уметничката програма по повод - **Денот на рибарите.**

- Во соработка со НУ Центар за култура „ Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од **смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на годинешните “Прличеви беседи”.**

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување на охридскиот книжевен великан –Григор Прличев. Во родната куќа на ловороносецот, великиот Григор Прличев, се одржа манифестацијата „Стихови и звуци за Прличев“, на која за вонвременското значење на Прличев беседа одржа академик Витомир Митевски. На свеченоста беа доделни и пофалниците за првонаградените на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“

- Со историски час во соработка со историските секции при основните училишта одбележана е **75- годишнината од смртта на охридскиот револуционер Кирил Прличев.**
- Во соработка со Историскиот архив, историските секции при основните училишта, одбележана е **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**
- Во соработка со литературните секции при основните и средните училишта со пригодна свеченост одбележан е двојниот јубилеј **: 185 години од раѓањето и 110 години од смртта на Кузман Шапкарев;**
- Во соработка со Општина Другово, ОУ“Христо Узунов”, Здружението на граѓани “Христо Узунов”,Македонската православна црква беше одбележана годишнината од херојската погибија на војводата **Христо Узунов.**

- Под покровителство на Општина Охрид се одржа годинешното издание на детскиот музички фестивал **“Распеано рибарче”**
- Во соработка со основните и средните училишта со пригодна културно – уметничка програма и награди за најдобрите ученици свечено беше одбележан **24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители.**
- Со полагање свежо цвеќе и пригодна културо – уметничка програма се одбележа **140 годишнината од раѓањето на Коста Абраш.**
- Во организација на Општина Охрид, а во соработка со ИВЗ, на плоштадот Крушевска Република, во чест на големиот муслимански празник Рамазан Бајрам се одржа традиционалната **Ифтарска вечер.**

- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Амбасадата на Р.Словенија, се одржа четвртото издание на **фолклорниот фестивал “Словенија во Охрид”.**
- Во организација на Здружението “Охридски поетски бисер”, а со финансиска поддршка на Општина Охрид, се одржа четвртото издание на поетската манифестација **“Охридски поетски бисер”.**
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на“Канеофест Дооел” се одржа годинешното издание на Интернационалниот музички фестивал **“Канеофест”.**
- На сцената на Долни Сарај се одржа манифестацијата: **“Денови за претставување на бугарската култура, фолклор и традиција”.** Манифестацијата беше во организација на Здружението за култура “Арт Вивенди 2016 година”, Фондацијата “Жар – С”, Општина Охрид и Министерството за надворешни работи на Република Македонија.
- **Со поддршка на Општина Охрид, а под покровителство на претседателот на Собранието на Република Македонија се одржа** 58-то издание на “Балканскиот фестивал на народни песни и игри”.

- **Со финансиска и логистичка поддршка на Општина Охрид, а во организација на НУ “Охридско лето”, на сцената на Античкиот театар се одржа** 59-тото издание на реномираниот меѓународен фестивал “Охридско лето”.
- **Во Куќата на Уранија, во текот на месец јули беше отворена** ликовната изложба на Мајкл Клос**, канадски и светски уметник со македонско потекло.Изложбата беше дел од Научната и уметничка визита – “Охрид 2019” на МАНУ, а истата се реализира со финансиска поддршка на Општина Охрид.**
- Во рамките на годинешното издание на фестивалот “Охридско лето”, во НУЦК Григор прличев – Охрид, беше отворена **изложбата “Кина во моите очи”** во соработка со Амбасадата на Народна Република Кина и Општина Охрид по повод 70 години од државноста на оваа земја.
- **Под покровителсто на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, во период од 22-ри до 29-ти јули, се одржа** осмото издание на културно – забавната манифестација “На зајдисонце во Трпејца”.
- **Општина Охрид во соработка со Амбасадата на Израел во РМ за првпат во Охрид, на просторот на малиот плоштад (кај хотелот Александрија),ја организираа** изложбата на фотографии “Jumping together” **од израелскиот амбасадор во нашата држава, Дан Орјан.**
- **Со пригодна културно – уметничк програма и полагање свежо цвеќе пред спомен – обележјата во градскиот парк беше одбележан** 2-ри Август- Денот на Републиката**.**

- Во организација на Општина Охрид, а во рамките на Програмата на 52 летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура **беше промовирана првата антологија на песни за Охрид “Дојди во Охрид”.**
- Општина Охрид во соработка со ИВЗ и хотелско – ресторанскиот сектор, на плоштадот “Крушевска Република”, во чест на големиот муслимански празник Рамазан Бајрам, се одржа традиционалната **Ифтарска вечер.**
- Во организација на Општина Охрид и МЗ Велгошти, се одржа традиционалната културна манифестација **“Вечер на Живко Чинго”,** на која беше доделена наградата за најдобар кус расказ.
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани “Поетска ноќ во Велестово”, се одржа годинешното издание на **културната манифестација” Поетска ноќ во Велестово”.**
- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани ’’Охридски хор’’, се одржа годинешното издание на **“Меѓународниот охридски хорски фестивал”**
- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на амбасадата на Република Полска во Република Мкаедонија , во НУЦК “Григор Прличев”, беше отворена изложбата: **”Борба и страдање – Полските граѓани за време на Втората светска војна”.**
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, од 2 до 6 септември, во Трпејца, се одржа второто издание на **Меѓународната уметничка колонија “Трпејца 2019” г.**
- Пред спомен – обележјето на градскиот кеј беше одбележана **десетгодишнината од најголемата бродска несреќа во водите на Охридското Езеро**.
- Во организација на Општина Охрид, ОО на Сојузот на борците од Охрид и Дебарца, основните и средните училишта и најмладите од детската градинка “Јасна Ристеска”, со хепенинг и пораки за мир, беше одбележан **21–ви Септември– Меѓународниот ден на мирот.**
- Под покровителство на Општина Охрид а во организација на Здружението “Интернационалниот фестивал Охрид фест Охридски трубадурии “ на езерскиот кеј се одржа реномираниот музички фестивал **“Охридски трубадурии 2019 г”.**

- Во организација на НУ Центар за култура “Григор Прличев”, а со поддршка на Општина Охрид, се одржа годинешното издание на културната манифестација**“Охридски староградски средби”**

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.09.2019 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **3.078. 933 ,оо денари,** од кои :

- **50.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „ **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.**
- **40.000 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј за традиционалниот **Василичарски карневал во с. Куратица**
- **500.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација **„Богојавление – Водици“;**
- **160.510,оо** денари се исплатени за активностите по повод **8-ми Декмври – Денот на Свети Климент Охридски – патрон на Охрид.**
- **50.000,оо** денари се исплатени за изнајмување на големата сала при НУЦК ” Григор Прличев” за одржување на концертот посветен на прерано починатиот градоначалник на Општина Охрид , проф.д-р Јован Стојаноски;
- **50.000,оо** денари се исплатени за одржување на фестивалот **“Охридска зимска бајка”;**
- **10.000,оо** денари се исплатени за одржување на годинешното издание на културната манифестација **”Прличеви беседи**”;
- **3.500,оо** денари се исплатени на НУЦК ” Григор Прличев” за чествувањето на **двојниот јубилеј : 185 години од раѓањето и 110 години од смртта на Кузман Шапкарев;**
- **50.000,оо** денари се исплатени за одржување на детскиот музички фестивал “**Распеано рибарче”;**
- **10.000,оо** денари се исплатени за одржување на традиционалниот музички концерт на растечката генерација македонски пијанисти во чест на Свети Кирил и Методиј;
- **24.000,оо** ден се исплатени за одржување на архитектонска изложба под наслов “Антички театар” во НУЦК “Григор Прличев” Охрид;
- **20.000,оо** ден се исплатени на ФА “Бисери”за одржување на концерт во Р.Чешка.
- **20.000,оо** ден се исплатени за издавање монографија за с.Свиништа;
- **40.000,оо** денари се исплатени за издавање монографија по повод **педесетгодишнината од ликовната дејност на охридскиот академски сликар Славко Упевче**;
- **15.000,оо** ден се исплатени за одржување на годинешното издание на поетската манифестација **“Охридски поетски бисер**”;
- **30.000,оо** денари се испатени за поддршка на годинешното издание на **“Балканскиот фестивал на народни ора и игри”;**
- **3.000,оо** денари се исплатени на НУЦК “Григор Прличев” за изнајмување на изложбениот салон за прикажување на изложбата на словенечка сликарка Аленка Герлович и промоција на книгата “Дипломат и воин” од словенскиот амбасадор Н.Е Милан Јазбец;
- **60.000,оо** денари се исплатени за поддршка на **Охридскиот народен театар**;
- **850.оо** денари, се исплатени на МВР Охрид, за полициско озбезбедување на просторот на градскиот плоштад за одржување на манифестацијата по повод **Денот на Охридското Езеро**;
- **50.000,оо** денари се исплатени на “Канеофест охрид” Дооел за одржување на меѓународниот музички фестивал “Канео фест 2019 г”.

- **1.300,оо** денари, се исплатени за обезбедување на освежителни напитоци за членовите на КУД Табан од Унгарија, кои во рамките на културната соработката на Општина Охрид и Република Унгарија;
- **80.773,оо** ден се исплатени за одржување на традиционалната културна манифестација **“Вечер на Живко Чинго”;**
- **70.000,оо** денари се исплатени на ОО на Сојуз на борци од Охрид и Дебарца за поддршка на програмските активности за 2019 година;

- **550.000,оо** денари се исплатени на **НУ “Охридско лето”:** 300.000,оо денари за поддршка на програмските содржини на годинешното 59-то издание на “Фестивалот Охридско лето”, а 250.000,оо денари за санација на фестивалската сцена;
- **20.000,оо** денари се исплатени на Здружението за култура, литература и издаваштво“Мацково”–Охрид за одржување на Првиот балкански –детско – младински поетски камп: “Поетски искри од огништето на Ванчо Николески;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани “Поетска ноќ во Велестово” за одржување на годинешното издание на традиционалната културна манифестација “Поетска ноќ во Велестово”.
- **200.000,оо** денари се исплатени за поддршка на годинешното издание на Фестивалот на европски филм **“Beach film festival”.**
- **30.000,оо** денари се исплатени на Здружението на грѓани “Охридски хор” за одржување на 12-тото издание на “Охридскиот хорски фестивал”.
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението градски мешан хор Вокс – лихнидос – Охрид за промоција на хорската музика во Романија.
- **10.000,оо** денари се исплатени на МЗ Елшани за оджржување на **традиционалната илинденска вечер во Елшани;**
- **30.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани “Арт вивенди 2016 година” за одржување на “**Меѓународниот фестивал Денови на бугарската култура”;**
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани “За Трпејца со љубов, за одржување на годинешното издание на културно – рекреативната манифестација **“На зајдисонце во Трпејца”;**
- **250.000,оо** денари се исплатени на Друштвото на новинарско – издавачка дејност “ОСТЕН ДООЕЛ” - Скопје за одбележувањето на педестгодишнината од основањето на светската галерија на уметност;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Валентина Толеска за организација на културно – забавно лето **“Пештани 2019 г”;**
- **30.000,оо** денари се исплатени за **поддршка на младиот охридски кларинетист Наум Палоски за учество на концерт во Рим**;
- **10.000,оо** денари се исплатени на КУД ”Фаланга” од Лескоец за учество на “Меѓународен фолклорен фестивал”;
- **15.000,оо** денари се исплатени на Здружението за развој и промоција Илино 2012 за доизградба и осветување на црквата Св.Петка во с Илино;
- **100.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани “За Трпејца со љубов” за одржување на второто издание на Меѓународната ликовна колонија “Трпејца 2019”;

- **100.000,оо** денари се исплатени на Здружението “Интернационален фестивал Охрид фест Охридски трубадурии”, за одржување на годинешното издание на реномираниот фестивал “Охридски трубадурии 2019 година”.
- **65.000,оо** денари се исплатени за дел од проектите по Јавниот повик за финансирање на програми и проекти од интерес на Општина Охрид за 2018 година;
- **130.000,оо** денари за техничка опрема (озвучување) за реализација на програмските активности на Одделението за култура.

***Вкупниот процент на реализација на Програмата за култура (К4), заклучно со 30.09.2019 година изнесува 53%.***

**Број 08-15830/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за периодот од 01.07. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/133** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14,14/14 и 10/19) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2019 година за периодот од 01.07.до 30.09.2019 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2019 - 30.09.2019**

Преку програмата за работа со млади и невладини организации општина Охрид директно влијае во сферата на интерес и потребите на младата популација и признавање на улогата на младите во развојот на градот како позитивна движечка сила која е носител на развојот на градот Охрид и промотор на новите вредности на општеството и државата.

Од друга страна за општина Охрид значаен е придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството. Интенцијата на општина Охрид се движи во правец на вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките. Планирано е општина Охрид преку спроведувањето на оваа програма да воспостави партнерски однос и поделба на задачите со претставниците на граѓанскиот сектор во сегменти каде општината ќе има потреба а претставниците на невладините организации ќе имаат капацитет соодветно да одговорат на потребата. Секако во сите овие процеси општина Охрид силно ја почитува независноста и слободниот пристап на овој сектор при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од тука произлегува и основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид. Да биде главна контактна точка помеѓу потребите на младите, невладините организации и општина Охрид. Главната задача на вработените во ова одделение ќе биде преку остварување на активностите предвидени во оваа програма да овозможат: подобрување на положбата на младите во општеството, вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво, учество и вклучување во креирањето на младинските политики, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

Спроведувањето на програмата се одвива преку два клучни сегменти и тоа:

1. Поддршка на млади и младински политики
2. Поддршка на невладини организации

Силна поддршка за младите луѓе од 15 до 29 години кои живеат на територијата на општина Охрид е врвен приортет на локалната самоуправа.

Соработката со граѓанскиот сектор е еден од клучните постулати на работата на општина Охрид. Отворено, транспарентно секогаш почитувајќи ја нивната независност и самостојност во носењето на одлуките ќе се трудиме реализирајќи ги активностите од оваа програма да градиме партнерски однос базиран на взаемна доверба и почитување. Тоа секако ќе придонесе општина Охрид користејќи ги услугите на граѓанскиот сектор да испорачува поквалитетни услуги кон своите граѓани.

**Реализирани активности (01.07-30.09 – 2019)**

- **Јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2019 година**

Согласно одлуката за финансирање на осум проекти од буџетот на општина Охрид за 2019 година во вкупна вредност од 470.000,00 денари, во извештајниот период сите проекти се во фаза на реализација. Одделението ја следи нивната реализација.

- **Состаноци и комуникација со претставници на НВО Секторот во општина Охрид**

Секојдневна е комуникацијата со претставниците на НВО Секторот кои работат на територија на општина Охрид.

- **Совет за млади**

Согласно програмата за работа беше предвидено комплетно завршување на оваа активност. За таа цел од страна на одделението беше изготвен правилник за начинот на избор на членовите на ова тело и функционирањето на Советот. Исто така беше подготвен и јавен повик за избор на членови во Советот на млади. Но со оглед на фактот што во меѓувреме во постапка влезе законот за млади кадешто барем во нацртот се гледа дека се подготвува комплетно регулирање на работата на Советот за млади во координација со надлежните институции одлучивме Советот за млади да се формира согласно одредбите од новиот закон кој се очекува да биде скоро донесен.

- **Локална младинска стратегија**

Подготвен е нацрт проект со кој имаме намера да аплицираме до странски донатор со цел да обезбедиме финансиска поддршка за реализација на овој проект.

**Број 08-15830/48**
**29.11.2019 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/134**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/1, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2019 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/49**
**29 .11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Кога зборуваме за буџетот и процесот на буџетирање на локалната самоуправа, треба да напомeнеме дека станува збор за сложен процес кој е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани активности и процеси. Самиот процес на буџетирање е активност која започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува за една тековна буџетска година. Процесот на буџетирање во локалната самоуправа се заснова на процес на програмско планирање, односно буџетирање, што од своја страна опфаќа одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Програмите кои се однесуваат на капитално инвестирање уште се нарекуваат и развојни програми и тие се донесуваат на подолг временски период (две, три буџетски години), што од своја страна бара повеќе напор и координираност во сите инстанци во локалната самоуправа. Ваквите активности треба да овозможат навремена реализација на проектите по години, да дадат детална финансиска конструкција за изведување на тие проекти, како и да ја отсликаат реалноста и потребата односно оправданоста од таквите проекти. Во поглед на програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели.

Буџетирање како претходница на сите други важни активности на локалната самоуправа нужно бара и директна вклученост на сите граѓани, здруженија односно пошироката јавност во процесот на изготвување на буџетот. Како процес, буџетирањето започнува со изработка на годишен план, годишни и развојни програми и трае се до крајот на буџетската година кога годишните програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети додека остварувањето на развојните програми продолжува во другите буџетски години односно со другите буџетски процеси. Од начинот и квалитетот во спроведувањето на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеење кој го овозможува соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните од работата на локалната самоуправа. Крајниот ефект од сите овие активности треба да биде рефлектиран врз квалитетот на живеењето на сите граѓани а сето тоа преку подобрување во управувањето со финансиските текови на локално ниво, контрола на извршувањето на буџетот и поголема транспарентност во трошењето на буџетот.

Буџетот на општината како годишен план за финансирање на функциите и обврските се состои од приходи и трошоци по намени и како таков е во цврста интегративна врска со процесот на стратешко планирање, истовремено е и основен предуслов за квалитетно извршување на зацртаните програми и активности на локалната власт. Согласно буџетскиот календар и активностите кои се предвидени во него како и

циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии кое ги дефинира параметрите по основ на блок- дотации и други трансфери од власта, Општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2018 година со Одлука бр. 08-18172/28 го утврди буџетот на Општината за 2019 година на износ од 1.548.088.749,оо денари. Со Одлука за проширување на с-ва на буџетот на општина Охрид за 2019 година од 14.03.2019 год. во делот донации програма Н1- Основно образование се изврши зголемување на буџетот за износ од 1.171.887,оо денари со што нивото на буџетот за 2019 година се зголемува за наведениот износ, по што со наведените корекции нивото на буџетот се заокружува на износ од 1.549.260.636,оо денари. Со Одлука за проширување на с-ва на буџетот на општина Охрид за 2019 година од 30.05.2019 год. во делот Н2- Средно образование се изврши повторно зголемување на буџетот на општина Охрид за износ од 4.876.340,оо ден. Со Одлука за измени и дополнувања на буџетот на општина Охрид за 2019 година бр.08-8433/17 од 10.06.2019 година, нивото на буџетот се заокружи на износ од 1.559.163.455,оо денари.

**Приходи**

Финансиската автономија на локалната самоуправа е една од најважните алки која како придобивка треба да произлезе од процесот на децентрализација за кој во повеќе наврати е дискутирано и која се спроведува низа години и се уште се судрува со низа несовршености. Финансиската автономија како основа за целокупниот развој согласно одредбите од Светската декларација за локална самоуправа, се темели на неколку принципи, и тоа:

-органите на локалната власт треба да имаат на располагање сопствени средства со кои во рамките на своите надлежности слободно ќе располагаат,

-алокацијата на средствата на локалната самоуправа да биде во согласност со надлежностите кои ги има таа и да овозможуваат извршување на функциите на органите на локалната самоуправа, секое пренесување на нови функции и надлежности на локалната власт треба да биде проследено и со доделување на нови или дополнителни извори на приходи,

-дел од финансиите, локалната власт самостојно да ги обезбедува од наплата на локалните даноци, такси и придонеси и за истите да има право да ја утврдува висината на стапките,

-да се воспостави систем за финансиско порамнување а со цел зајакнување на финансиската автономност на финансиски послабите локални самоуправи,

-при распределбата на финансиските средства при воспоставување на правила за оваа распределба, да има загарантирано законско учество на локалната самоуправа,

-да се воспостави систем на ненаменски дотации од кој ќе биде исклучено можноста за мешање на централната власт.

Во денешни услови, во демократските општества, системот на финансирање на локалната самоуправа е комбинација од изворни приходи, односно приходи кои локалните власти имаат право и надлежност самостојно да ги прибираат а тука спаѓаат пред се приходите по основ даноци, придонеси, надоместоци, приходи од сопственост и сл. приходи кои во одреден сооднос се делат помеѓу централната и локалната власт и дополнителни средства кои локалната самоуправа може да ги добие во вид на трансфери, дотации, донации, субвенции, задолжувања и сл. Во Македонија, приходите на ЕЛС се стриктно утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Согласно овој закон, извори на финансирање на општината се: сопствени извори на приходи, дотации на средства од буџетот на централната власт и од буџетите на фондовите и задолжувањето. Како најзначајни приходи врз кои локалната самоуправа има директно влијание се издвојуваат сопствените приходи.

Во групата на сопствени приходи влегуваат
1. Локални даноци
-данок на имот,
-данок на наследство и подарок,
Охрид како туристичка дестинација, денеска се наоѓа на крстопат на целокупната економско – социјална преобразба на глобалната економија на развојните предизвици на глобално ниво, а пред се на едно динамично непосредно опкружување во областа на развојот на туризмот. Сопствените одговори за овие предизвици треба да ги побараме и да ги пронајдеме првенствено во сопствените капацитети и сили. Заради тоа, логична е и ургентна потребата за подготовка, изработка и операционализација на новата Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид, која врз база на темелни анализи на посточката состојба ќе ја дефинира долгорочната визија, стратешкиот правец, стратешките цели и приоритетни проекти како и акциони планови за идниот развој на туризмот, при што целокупниот документ ќе биде во согласност со основните принципи на УНЕСКО за заштитени подрачја, со националното законодавство за управување со заштитени подрачја како и со други погранични и регионални стратегии и планови за управување со природни ресурси.

**Предвиден Буџет _____400.000,00 МКД**

### 1.2. Изработка на Анализа, (проценка) на туристичките пазари и трендови и изработка на маркетинг план на туристичка дестинација – Охрид за период 2020 – 2025

Маркетинг план на Охрид и охридскиот регион како врвна туристичка дестинација има за цел да се зголеми бројот на посетители. Со други зборови, маркетинг планот е туристичко рекламирање за одредена локација. За разлика од маркетингот на производи, каде производите се испорачуваат на клиентите преку дистрибутивни канали, во дестинацискиот маркетинг потрошувачите патуваат до

дестинациите. Кои се особеностите на Охрид како туристичка дестинација и како тие особености да се промовираат и кои се начините на унапредување?

Потребата од изработка на ваков документ е да останеме конкурентни на актуелните пазарни движења, еколошките промени, макро-економските фактори, сегментации на пазарот и другите фактори кои влијаат на препознатливоста на дестинацијата.

Целите на стратешкиот маркетинг план за Охрид како туристичка дестинација представуваат рамка за идните одлуки на системот за маркетинг. Стратешкиот маркетинг ќе ги дефинира целите преку кои ќе се потврдат базичните развојни определби и глобалните насоки во развојниот модел на охридскиот туризам. Стратегиските маркетинг цели својата квантификација ќе ја добијат преку детални т.е. оперативни и посебно дефинирани годишни планови преку кои ќе се определат насоките, континуитетот и интензитетот во однос на целта што треба да биде постигната. Целите ќе бидат поставени за следните 5 години, меѓутоа истите ќе бидат подложни на промени во зависност од тоа како Охрид како туристичка дестинација ќе се развива.

Маркетинг целите можат да се дефинираат на следниот начин:

- Позиционирање на Охрид како туристичка дестинација на странскиот и на домашниот пазар,
- Зголемување на бројот на странски и домашни гости во согласност со моделот за развој туризмот воопшто и со моделот на развој на определени туристички сегменти,
- Воспоставување на систем за маркетинг и негова операционализација на ниво на туристички сегменти, кластери, територијалност и др.

**Предвиден Буџет 200,000.00 МКД**

**1.3. Обуки за директна вклученост на локалните жители во креирањето на туристичката понуда**

Туристичката анимација се дефинира како: „Составен дел на туристичката понуда, која значи збогатување на таа понуда со разни содржини како поттикнувачи на туристите на што посодржаен престој“. Значи туристичката анимација е сплет на специфични поттикнувачки активности за време на туристичкиот престој. Овој сплет опфаќа подготовка, содржина и ефекти од активноста

Локалните жители на определена рурална или урбана заедница се најкомпетентни и секако најинформирани социјално највклучени во историјата, митовите, обичаите и легендите, како и начинот на меѓусебните интеракции во заедницата а со самото тоа се и најповикани активно да се вклучат како водичи во природа и локални аниматори во функција на туристичкиот развој на активниот и селски туризам. Овие обуки реализирани преку стручни и искусни обучувачи треба да овозможат трансфер на знаења и практични активности за колку што е можно поголем број на вакви лица со што истите ќе бидат во можност понатаму активно да се вклучат во креирање на нови содржини во туризмот.

Преку истражувањата и теренските податоци со кои располагаат туристичките оператори (агенции, водичи, организатори), евидентен е недостатокот од познавања и недостаток на стручни квалификации кај локалното население за директно вклучувањ во процесите на анимирање, креација, оживување на традиционалните обичаи, вредности и други етнолошки и културни обрасци, дружење и односот со туристите, гостите и посетителите на нивната заедница.

Овие обуки реализирани преку стручни и искусни обучувачи треба да овозможат трансфер на знаења и практични активности за колку што е можно поголем број на вакви лица со што истите ќе бидат во можност понатаму активно да се вклучат во креирање на нови содржини во туризмот.

**Предвиден Буџет 120,000.00 МКД**

**1.4. Обуки за агротуризам и стандарди во агротуризмот**

**- маркетинг и социјални мрежи, директна продажба и вмрежување.**

Познато е дека, со порастот на индустријата, населението интензивно мигрираше од селата во градовите, што доведе до деградација на руралните простори.

Градовите стануваа се поголеми а руралните области се понапуштени. Во тој контекст, туризмот станува активност која се побрзо се развива и станува значаен фактор во економскиот раст, посебно во

секторот вработување и нови работни места бидејќи човечкиот фактор во овој сегмент е незаменлив. Последните години руралните простори доживуваат значителни промени. Исто така, зачувувањето на природата и животната средина стануваат многу значајни. Историските знаменитости и традиционалните рурални средини (заедници), добиваат се поголемо значење.

Денеска, руралните простори немаат повеќе само улога на примарно производство, туку своите различности ги претвораат во понуда низ најразлични дополнителни туристички активности.

Агротуристичката активност е специфична бидејќи се одвива во склоп на селското земјоделско или фармерско семејство или стопанство. Освен знаењето потребно за нормално извршување на земјоделско- сточарските активности, лугето кои работат во агротуристичкиот сегмент мора да поседуваат и определени комуникациски вештини и култура на однесување со гостите и посетителите. Тие мора да имаат и да научат многу различни знаења како би можеле да ги задоволат основните предуслови за давање на агротуристички услуги. Од таа причина, човечките ресурси имаат клучна улога во развојот на агротуристичките активности.

Конкретните обуки ќе опфатат:

- Спој на туризмот и земјоделството (фармерство, градинарство),
- Туристичка понуда со автохтони производи,
- Презентација на производите и директна продажба на сопствениот производ,
- Враќање кон природата и труд кој го оплеменува човекот,
- Можност за дополнителна заработка,
- Маркетинг на социјалните мрежи,
- Меѓусебно поврзување.

**Предвиден Буџет __ 120,000.00 МКД**

**1.5. Обука за ЈПП и дијалог – Идентификација на области, можности и проекти во туристичкиот развој подобни за модели за јавно приватно партнерство**

- **Меѓународни искуства и модели,**
- **Креативни работилници за развој на проекти,**
- **Истражувања на потенцијални партнери**

Јавно-приватното партнерство е еден од најпогодните системи за развој на туристичките потенцијали не само во урбаните туку и во руралните региони и области. Туристичкиот производ е збир на јавни и приватни производи и услуги, што значи дека туристичката понуда не ја одредуваат само услугите (сместување, храна, забава, превоз) кои ги нудат туристичките претпријатија, туку на неа влијаат и инфраструктурата, здравствениот и образовниот систем, службите на јавна безбедност, спасителни служби и др. за кои е одговорна јавната управа. Мноштвото на вакви различни актери во туристичката понуда бараат да се креираат ефикасни структури на соработка и да се поврзат различни активности на јавните и приватни актери во туризмот. Спроведување на Стратегиите за развој на туризмот скоро е невозможно да се дефинира а уште повеќе да се реализира без партнерски рамки помеѓу сите партнери.

Обуките ќе опфатат теми како:

- Стратешка рамка за проектен менаџмент и ЈПП во туризмот,
- Улогата на ЈПП во реализација на стратегиите за развој на туризмот во дестинацијата,
- Светски искуства и модели на ЈПП во туризмот, (Хрватска и др. земји)
- Соработка за унапредување на привлечноста на дестинацијата,
- Соработка за унапредување на ефикасноста на маркетингот,
- Соработка за унапредување на продуктивноста на дестинацијата,
- Соработка за унапредување на менаџментот на дестинацијата.

**Предвиден Буџет __ 150,000.00 МКД**

**1.6. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид**

Локалната самоуправа согласно надлежностите и законските обврски, преку Секторот за ТЛЕР – Одд. за туризам во 2020 ќе продолжи со активностите за управување со туристичките дејности од мал обем во кои влегуваат:

- Евиденција, регистрација, категоризација како и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети од мал обем.
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам,
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила за забава (сандолини), даска за едрење и слично..),
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 10 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

**Предвиден Буџет 0,00 ден**

### 1.7. Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем

Согласно законската регулатива, регистрираните и категоризирани станоиздавачи од мал обем кои редовно ги подмируваат обврските за плаќање туристичка такса ќе бидат субвенционирани на полугодишна основа, односно по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на приватниот станоиздавач, во период од 6 месеци. Субвенционирањето е планирано да биде на износ од 80% од уплатената туристичка такса, при што одобрената субвенција на регистрираниот станоиздавач ќе му биде доделена наменски, односно средствата ќе мора да бидат реинвестирани во сместувачкиот капацитет. При тоа, регистрираниот станоиздавач ќе биде обврзан за средствата во висина од субвенционираната Туристичка такса да набави опрема, мебел, помагала и други производи кои ќе мора да бидат искористени во неговиот сместувачки капацитет, а исплатата ќе се врши по претходно добиени финансиски документи (фактури, фискални смети и сл.) за набавените продукти. На овој начин, ќе се стимулира од една страна подобрување на квалитетот и стандардите на сместувачките капацитети преку директно реинвестирање на туристичката такса, а од друга страна ќе се стимулира локалната економија во функција на развој на туризмот. Воедно, приватните станоиздавачи ќе бидат стимулирани за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата, од една страна, како и добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања од друга страна.

**Предвиден Буџет 500.000,00 ден**

### 1.8. Поставување на нови излози во старата охридска чаршија

По добиениот проект од страна на Министерството за економија за ревитализација на старите градски чаршии, одобрени се средства во износ од 700.000,00 денари за замена на автентични излози на 7 дуќани во старата охридска чаршија.Изборот на дуќаните беше направен врз основа на претходно објавен повик од страна на Министерството за економија.

Тендерската постапка е завршена во 2019, во тек е избор на најповолен понудувач, по што ќе започнереализацијата, но финализирањето на активноста ќе биде во 2020 година. Исплатата ќе се реализира во текот на 2020 година.

**Предвиден Буџет 700.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 2.190.000,00 ден**

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

### 2.1. Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми

Оваа активност ќе биде реализирана преку соработка со релевантни печатени и електронски медиуми од областа на туризмот со цел промоција на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид. Активноста ќе се реализира преку објавување на статии, репортажи и реклами за Охрид со цел приближување на туристичкиот потенцијал на Охрид до граѓаните во земјите каде се печатат и дистрибуираат овие магазини.

**Предвиден Буџет 300.000,00 ден**

### 2.2. Организација на промо-тура „Охрид 2020“.

Поддршката на развојот на туризмот е секогаш во фокусот на развојните програми на општина Охрид. Една од најуспешните форми на директна промоција на туристичкиот потенцијал, производ и понуда, претставува организацијата на промотивните тури за деловен престој на претставници на туристички организации (агенции, туроператори, авиопревозници) и медиуми од таргетирани странски земји, кои престојуваат во Охрид 3-4 дена, при што се запознаваат со туристичкиот потенцијал на градот и околината и остваруваат повеќе деловни средби со претставници на туристичкиот сектор од Охрид. Концептот на организирање на одделни посети во неколку наврати во текот на година од различни преставници на туристичкиот сектор се покажа како успешен модел на промоција поради што истиот ќе го практикуваме и во 20 година.

Целта на организирање на промо-турата е да се дефинираат и креираат нови пакет аранжмани за Охрид и воедно да се направат поголем број на промотивни репортажи за градот и околината.

**Предвиден Буџет 300.000,00 ден**

### 2.3. Организација на „Охрид Гастро Тура – Ohrid Gastro Tour“

Оваа активност предвидува преку гастрономнски настан на локални и странски шефови на кујни, готвење со исклучиво домашни – охридски производи, изнаоѓање на начин за изработка и подготовка на нови специјалитети како и нивно вклучување во менијата на локалните угостители а со тоа да се допринесе во збогатувањето на туристичкиот производ на градот. Воедно преку овој настан ќе биде одржана и обука на локалните готвачи за подготовка на нови типови на храна и збогатување на менијата.

**Предвиден Буџет 300.000,00 ден**

### 2.4. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид

Оваа активност опфаќа промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид во таргетирани странски земји кои по извршени анализи се покажале како потенцијални туристичко-емитивни подрачја. Директните промоции кои ќе се организираат преку оваа активност,а е предвидено да се реализираат во соработка со Амбасадите на РМ во однапред селектирани земји, предвидуваат настан на кој ќе биде извршена видео презентација на туристичкиот потенцијал на Охрид, презентација на охридската гастрономија, како и организирање на непосредни средби на туристички работници од Охрид со туристички работници од земјата домаќин со цел отворање на можности за склучување на директни договори за креирање на пакет аранжмани. Оваа активност ќе се реализира во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори.

Воедно, во оваа активност предвидени се директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и самеми и други промотивни настани во странски земји во соработка со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Во периодот кој следи планирана е засилена промоција на туристичкиот потенцијал на социјалните мрежи.

**Предвиден Буџет 700.000,00 ден**

**2.5. Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи**

Активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината е целта на оваа програмска активност. Во рамки на оваа програмска активност ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Традиционална туристичко - промотивна манифестација **"Охридска софра 2020"**, која има за цел да го промовира руралниот туризам и традиционалните јадења од охридскиот регион.
- **Фестивалот "Вино и сирење 2020"-** Овој фестивал нуди одлична можност за локалните производители на вино и сирење да ги презентираат своите производи на пазарот. Во основа овој фестивал претставува своевиден мини саем на кој се презентираат виното и сирењето како дел од традиционалната македонска гастрономија, а заради неговата корисност се очекува да прерасне во значаен туристички настан во Охрид. Ваквиот тип на претствавување е одлична можност за презентација на новите техники на маркетинг и продажба, поттикнување на партнерски врски и воведување дополнителни стимулативни мерки.
- **"Денови на мед".** Преку оваа манифестација локалните производители имаат можност да ги презентираат своите пчелни производи, а истата ќе биде одлична можност за охриѓани и гостите во Охрид да вкусат квалитетен мед и производи од мед.
- **Ohrid craft expo.** Целта на манифестацијата „Ohrid craft expo“ е да го промовира занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, да го доближи занаетчиството до младите луѓе, до граѓаните и до институциите, да поттикне континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за економски развој, за зачувување на традицијата и културата на нашата земја, како и можност за подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните кои се занимаваат со занаетчиска дејност.
- **Ohrid Outdoor Festival.** По одржувањето на првото издание на овој фестивал во Октомври 2019 г, евидентно е дека на Охрид му е потребен ваков настан на кој се промовираат алтернативните форми на туризам (планинарење, велосипедизам, алпинизам, и други). Настанот ќе биде збогатен со присуство на голем број на клубови – учесници во активностите, како и поканети ќе бидат туристички работници од земјава и странство, како и медиуми, со цел креирање и промоција на нови пакет аранжмани.
- **Од 01 до 20.** Оваа активност предвидува културно уметнички настани за време на Новогодишните празници, Божиќ, Стара Нова Година и Водици. Предвидено е да започнат со Дочекот на Новата Година на Градскиот плоштад, при што секој ден ќе биде опфатен со различна програма согласно традицијата, се до прославата на Водици и Денот на Рибарите.

**Предвиден Буџет 3.500.000,00 ден**

**2.6. Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид**

Оваа активност вклучува комплетно редизајнирање на промотивниот материјал во одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. За таа цел ќе биде потребно изработка и откуп на високо квалитетни фотографии и видеа, кои ќе бидат откупени на јавен оглас, и истите како сопственост на општина Охрид ќе бидат употребени за изработка на нов промотивен материјал.

Во зависност од динамината на реализација на оваа активност во рамки на истата предвидено е и репринт на постоечкиот промотивен материјал до изработката на новиот, со цел покривање на периодот до кога новиот материјал ќе биде подготвен.

**Предвиден Буџет 1.350.000,00 ден**

**2.7.Изработка на дигитален туристички водич на град Охрид – Ohrid City Guide**

Целта на оваа активност е изработка на дигитален туристички водич за странските туристи кои го посетуваат Охрид, а кој ќе им овозможи самостојно да ги разгледаат најпопуларните и најзначајните места во градот, кафулиња, ресторани, музеи, места за забава итн. Ваквата мобилна апликација ќе овозможи на современ и интересен начин да се претставaт најзначајните и најинтересните локации во градот, но и да ја олесни навигацијата околу Охрид за странските туристи и посетители. Апликацијата ќе биде достапна за Android паметните телефони и таблет компјутерите при што на сите корисници покрај детали за локациите ќе им овозможи и генерирање на свој планер со што ќе можат полесно да го организираат своето време зависно ос интересот на местата кои сакаат да ги посетат. Планирано е да постои и интегрирана опција за фотографирање и споделување на сликите преку е-разгледници. Ohrid City Guide е одлична алатка за промоција на туристичките потенцијали на Охрид.

**Предвиден буџет 600.000,00ден**

**2.8 Поставување на информативен видео дисплеј**

Преку оваа активност е предвидено да се постави информативен видео дисплеј на градскиот плоштад, на кој ќе бидат поставувани корисни туристички информации за туристите, посетителите и локалните жители. Преку него, ќе се врши информирање за возни редови на пловните објекти (кајчиња, катамарани, бродови), тековни занимливости и новости, информации за настани и сл. Со поставувањето на овој информативен видео дисплеј, ќе се овозможи отстранување на сите поставени рекламни паноа кои го нагрдуваат изгледот на грдаскиот плоштад и воедно се пречка за слободно движење на луѓето

**Предвиден буџет 400.000,00ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 7.450.000.00 ден**

**3.РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

**3.1. Бесплатен hot spot интернет**

Поставувањето на бесплатен hot spot интернет е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користеше на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот.

Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид како продолжение на оваа активност од претходните години.

**Предвиден Буџет 140.000,00 ден**

**3.2. Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот**

Целта на оваа активност е поттикнување на развојот на туризмот, развој на нови туристички производи и нивна промоција со финансиска поддршка на Општина Охрид во вид на мали грантови. Проектите кои ќе се одобруваат и финансираат мора да имаат за цел општествена корист во насока на збогатување на туристичката понуда или подобрување на туристичката инфраструктура. Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници.

**Предвиден буџет 500.000,00ден**

**Вкупно планиран буџет за 3: 640.000,00 ден**

**ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

## 4.1. Подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 20.000,00 ден**

## 3.3.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти, меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.** Дел од средствата се наменети за сопствено учество за проектот Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ финансиран од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020.

**Превиден Буџет 700.000,00 ден**

### 3.4. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори. Дел од средствата од оваа активност се предвидени за реализација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, во партнерство со Универзитетот за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастро од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности.

Проектот е одобрен во Март 2017 и се очекува склучување на договор за истиот. Вкупен буџет на проектот е 1.162.000,00 Евра од кои за Охрид се предвидени 121.450,00 евра буџет за реализација на проектни активности (од кои 75% - 91.088,00 Еур се добиваат авансно, а остатокот од 25% - 30.362,00 Еур. се рефундираат по завршувањето на проектот)

**Превиден Буџет 7.000.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 4: 7.720.000.00 ден**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2020:**

**РЕКАПИТУЛАР**

| НАЦРТ Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 г. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | | Активност | Средства од буџет | Средства од донации | ВКУПНО |
| 1 | УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ | | | | |
| | 1.1. | Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | 100.000,00 | 300.000,00 | 400.000,00 |
| | 1.2. | Анализа, (проценка) на туристичките пазари и трендови и изработка на маркетинг план на туристичка дестинација – Охрид за период 2020 – 2025 | 200.000,00 | / | 200.000,00 |
| | 1.3. | Обуки за директна вклученост на локалните жители во креирањето на туристичката понуда | 120.000,00 | / | 120.000,00 |
| | 1.4. | Обуки за агротуризам и стандарди во агротуризмот | 120.000,00 | / | 120.000,00 |
| | 1.5. | Обука за ЈПП и дијалог – Идентификација на области, можности и проекти во туристичкиот развој подобни за модели за јавно приватно партнерство | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| | 1.6. | Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид | 0,00 | / | 0,00 |
| | 1.7. | Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем | 500.000,00 | / | 500.000,00 |
| | 1.8. | Поставување на нови излози во старата охридска чаршија | / | 700.000,00 | 700.000,00 |
| | | **Вкупно 1** | **1.190.000,00** | **1.000.000,00** | **2.190.000,00** |
| 2 | ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА | | | | |
| | 2.1. | Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| | 2.2. | Организација на промо-тура „Охрид 2020“ | 300.000,00 | / | 300.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.3. | Организација на „Охрид Гастро Тура – Ohrid Gastro Tour“ | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| | 2.4. | Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид | 700.000,00 | / | 700.000,00 |
| | 2.5. | Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи | 3.500.000,00 | / | 3.500.000,00 |
| | 2.6. | Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид | 1.350.000,00 | / | 1.350.000,00 |
| | 2.7. | Изработка на дигитален туристички водич на град Охрид – Ohrid City Guide | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| | 2.8. | Поставување на информативен видео дисплеј | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | | **Вкупно 2** | **7.450.000,00** | **/** | **7.450.000,00** |
| **3** | **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | |
| | 3.1. | Бесплатен hot spot интернет | 140.000,00 | / | 140.000,00 |
| | 3.2. | Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот | 500.000,00 | / | 500.000,00 |
| | | **Вкупно 3** | **640.000,00** | **/** | **640.000,00** |
| **4** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | | |
| | 4.1. | Подготовка на проекти и проектно управување | 20.000,00 | / | 20.000,00 |
| | 4.2. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 700.000,00 | / | 700.000,00 |
| | 4.3. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | / | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 |
| | | **Вкупно 4** | **720.000,00** | **7.000.000.00** | **7.720.000.00** |
| | | | | | |
| | | **ВКУПНО** | **10.000.000,00** | **8.000.000,00** | **18.000.000,00** |

Оваа Нацрт- програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/56**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/141** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 донесе:

**НАЦРТ- ПРОГРАМА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**Вовед**

Специфичните стратегиски приоритети за развој на локалната економија, факторите кои го условуваат економскиот раст, бизнис заедницата, граѓанското општество и технолошкото знаење се дел од процесот на планирање на програмата за поддршка на локалниот економски развој. Истата треба да овозможи директно поместување на границата на производните можности, односно преку процес на иновации и инвестиции да создаде заедничка визија за подобри услови кон одржлив локален економски развој. Во процесот на планирање иницијативите ќе имаат јасно определена содржина, која ќе одговара на локалните проблеми.

Вклученоста на цела мрежа луѓе и институции претставува клучен елемент за локалниот економски развој. Физичкиот и човечкиот капитал, природните ресурси и технолошкото знаење се фактори кои доколку правилно се искористат во голема мера ќе ја унапредат конкурентната способност на локално ниво, а истовремено ќе допринесат за промовирање и создавање дополнителна вредност на локалните бизниси, самовработување и вработување на локалнта заедница.

Соработката, меѓусебната доверба, посветеноста на одбраните субјекти, нивната експертиза, кредибилитет во локалната средина и нивното влијание во планирањето на процесот на локален економски развој ќе овозможат развој на активности соодветни на нивото на економска развиенот и поставување јасни остварливи и мерливи цели. Воспоставувањето механизми ќе ја исцртаат развојната патека кон посакуваната крајна цел и ќе го придвижат економскиот развоен процес во нагорна линија.

Имајќи ја предвид јасната претстава за пазарниот механизам и двигателите на локалниот економскиот пораст, постојната конкурентна позиција и начинот на функционирање, програмата за поддршка на локалниот економски развој преку воведување различни видови стимулации, пристапи и активности предвидува мерки за подобрување на деловното опкружување. Битно да се спомене е дека сите мерки кои ги предлага и презема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив економски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и

препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

**I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **6.550.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **6.000.000,00 ден** |
| | Вкупно | **12.550.000,00 ден** |

**II. НАЦРТ - ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

Општина Охрид преку Секторот за локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2020 година.

**1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

**1.1. Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој**

Преку оваа активност Општина Охрид дава директна финансиска подддршка на проекти кои се од општествена важност и кои произлегуваат од заедницата. На ваков начин, Општина Охрид го поттикнува партиципативното учество на заедницата во општествениот развој на микрозаедниците.

Критериумите, предусловите, процедурите и постапките кои треба да се остварат ќе бидат објавени по пат на јавен повик за финансирање микропроекти.

Право на учество на јавниот повик ќе имаат сите невладини организации (граѓански здруженија и фондации), како и месните и урбани заедници.

**Предвиден буџет 500.000,00 ден**

**1.2. Изработка на Стратегија за Локален Економски Развој 2020-2025**

Согласно законските рамки, како и поради тоа дека општина Охрид има потреба од тоа да поседува валидна и тековна Стратегија за ЛЕР, оваа година е предвидено изработка на ваков стратешки документ за период од 2020 до 2025 година. Стратегијата е исто така многу важна при процесот на аплицирање на проекти до различни грантови програми, како и издавање на потврди за граѓани на општина Охрид при аплицирање на различни димашни и меѓународни програми за финансирање.

**Предвиден буџет 400.000,00 ден**

**1.3. Финализирање на Стратегијата за рурален развој 2020-2025**

Општина Охрид преку Секторот за туризам и локален економски развој ќе пристапи кон изработка на Стратегија за рурален развој на општина Охрид 2020-2025. Со цел да се обезбедат веродостојни и корисни резултати, а воедно и за да се изготват квалитетни решенија и предлози, за потребите на овој стратешки документ ќе се применуваат стандардни методологии и процедури кои се

општо прифатени во меѓународната практика за планирање и изготвување на стратешки документи од ваков тип. За изработка на Стратегијата за рурален развој 2020-2025 на Општина Охрид, ќе бидат применети методолошки алатки кои во основа го користат принципот на вклучување на сите релевантни засегнати страни при анализирањето на потенцијалите и ресурсите од Охридскиот регион за рурален развој со цел идентификување и утврдување на стратешките цели и приоритети во 6 тематски области и тоа:

1. инфраструктура,
2. туризам и локален економски развој,
3. урбанизам и животна средина,
4. земјоделство и сточарство,
5. образование и здравство,
6. спорт и култура.

Стратегијата за рурален развој 2020-2025 година на општина Охрид ќе претставува рамка за поттикнување на развојот на руралните области во општина Охрид и ќе даде свој придонес за севкупно подобрување на квалитетот на живеење на населението во овие области:

Основните цели на оваа Стратегија за рурален развој ќе бидат:

- идентификување на концептот, насоките и приоритетите за рурален развој;
- намалување на разликите во степенот на развојот на урбаниот и руралниот дел на општина Охрид, поттикнување на претприемништво, искористување на можностите за аплицирање проекти за рурален развој, економски иницијативи за одржлив развој, како и создавање услови за креирање на приходи (основни или дополнителни) за локалното население од руралните делови на општина Охрид и
- поставување рамка за поттикнување на руралниот развој и посебно руралниот туризам како дел од севкупната туристичка понуда на општина Охрид.

**Предвиден буџет 0,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 900.000,00 ден**

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Во насока на зајакнување на локалниот економски развој Општина Охрид континуирано воспоставува соработки и партнерства со фондации и институции, национални и меѓународни, чија крајна цел е развој на пазарот на трудот што пак ќе доведе до зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани. Активностите на Општина Охрид се фокусираат на: развој на различни економски сектори и зголемен раст на компаниите преку пристап до нови пазари; пристап до подобрена едукација и вештини во секторите, како и подобрување на регулаторната политика за раст на компаниите од приватниот сектор.

Со реализација на овие активности ќе се делува во системите значајни за пазарот на трудот преку кои ефикасноста и влијанието се најголеми. Туризам и угостителство, зелена економија и креативните индустрии се избрани како сектори во кои ќе се делува поради нивниот потенцијал за раст.

Предвидените активности се во согласност со националната развојна политика за претприемништво, Националната стратегија за развој на МСП и други стратешки развојни документи.

### 2.1. Обуки за идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за Јавно приватно партнерство

- **Искуства и примери за користење на ЈПП**

Потребата од унапредување на инфраструктурата е непходен предуслов за успешен економски раст. Оттука, недостатокот од инфраструктурни проекти може негативно да влијае на севкупниот економски раст и на креирањето на нови работни места, што и е воочено години наназад, како во земјите

членки на Европската Унија, така и ширум светот. Меѓутоа, често пати централната и локалните власти имаат ограничени извори на финансиски средства за инвестирање во инфраструктурни проекти и давање на квалитетни јавни услуги. Токму затоа, како клучно се наметнува прашањето за изнаоѓање на нови начини на финансирање на исплатливи инфраструктурни проекти и подобрување на квалитетот на јавните услуги. Со цел да се надмине растечкиот јаз помеѓу потребата од инфраструктурни проекти и недостатокот од финансиски средства кај јавниот сектор за реализација на тие проекти, јавно-приватните партнерства (ЈПП) се јавуваат како растечки елемент во „набавката” и подобрувањето на јавните услуги. Во тој контекст, наместо вообичаената практика инфраструктурните проекти и вршењето на јавните услуги да се финансираат исклучиво од централните и/или локалните буџети, преку различните модели на ЈПП се овозможува во нивното финансирање и вршење да биде вклучен и приватниот сектор.

**Предвиден буџет 150.000,00 ден**

## 2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд

Општина Охрид ќе продолжи да инвестира во создавање на услови за континуирано зголемување, промена и освежување на квалитетот на вештините на младите и невработените лица. Целта е да се мотивираат сегашните и идни студенти, млади и невработени лица, да ги изградат своите претприемачки вештини со цел да овозможат преземање на иницијативи и одговорности, вградувајќи ги нивните желби и компетенции надградени низ формата на доживотно учење. Во рамки на оваа активност се предвидени реализација на серија на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Изборот на струките за кои ќе се врши прекфалификација и докфалификација се прави врз основа на спроведени анкетни истражувања за потребите на охридското стопанство.

Исто така, во насока на поттикнување на претприемачкиот дух кај женската популација ќе биде организирана обука од сферата на бизнисот, менаџментот, лидерството и претприемаштвото во туризмот и во занаетчиството.

**Предвиден буџет 300.000,00 ден**

## 2.3. Обука на тема „диверзификација на фармите, автохтони видови на домашен добиток и органско производство во функција на рурален развој и нови можности за користење на ИПАРД програмите за рурален развој преку нови услуги и производи во селскиот туризам“

Малите земјоделци и нивните заедници имаат големи познавања за земјделството. Поголемиот дел од ова знаење се однесуваат на минатото кога нивните предци го применувале традиционални и природни начини на земјоделството.

Органското земјоделство не е нов метод. Тоа датира години station наназад, кога секое семејство поседувало своја земја на која одгледувале култури и имале производство на храна за лични потреби. Комерцијалното земјоделство кое применува хемиски ѓубрива се појавило во минатиот век. Само пред едно столетие не постоеше интензивно земјоделство, ниту пак хемиска индустрија која произведува вештачки ѓубрива.

- Органското земјоделство дава предност на растителни и животински видови кои се потпорни на болести и прилагодливи на локалните климатски услови. Моментално се соочуваме со најголемата појава на почвена ерозија досега, предизвикана од модерното земјоделство кое практикува интензивна употреба на хемикалии врз почвата.

Органското земјоделство се стреми да одржи рамнотежа неопходна за здрав екосистем.

Изумирањето на голем број видови е еден од нашите најважни еколошки проблеми. Многу органски земјоделци со децении, собираат и зачувуваат стари семиња и одгледуваат невообичаени сорти.

Органското земјоделство е добро за животната средина, подобро за бизнисот, има поголема енергетска ефикасност и повкусни производи.

Органското земјоделство ги одржува руралните заедници витални. Тоа може да биде еден од начините за опстанок на една фамилијарна фарма и одржување на руралните заедници. Зголемување на побарувачката на органски производи од руралните заедници дополнително ќе ја зајакне нивната финансиска состојба.

Од друга страна ИПАРД програмите представуваат извонредна можност за диверзификација на руралните земјоделски активности а производството и пасманот на органските производи во секторот на алтернативниот туризам представува најпрепознатлив бренд на локалниот туризам. Меѓутоа проблемот со недоволно користење на можностите што ги дава ИПАРД програмата, и диверзификација на активностите преку поврзување на аграрот, органското производство и туристичката понуда се евидентни и сеуште скоро незначителен број на аграрни и рурални семејства истиот го користат. Немањето информации или потребата од стручни и консалтинг услуги во подготовка и имплементација на проектите се најголемите проблеми со кои се соочуваат потенцијалните корисници.

**Предвиден буџет 120.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 570.000,00 ден**

## 3. ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ

Искористувањето на локалните, традиционалнии и автентични производи во функција на локалниот економски развој согласно развојните документи на Општина Охрид ќе се реализира преку следните активности:

### 3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија.

Целта на брендирањето е да се издиференцира производот или услугата во однос на конкуренцијата на пазарот, како и целта кај потрошувачот да креира уникатна и единствена перцепција за производот или услугата. Платформата на којашто брендирањето ја игра својата улога не е пазарот на производ и услуга туку свеста на потрошувачот или конзументот. Во суштина купецот (потрошувачот) е тој што стои пред дуќанот или угостителскиот објект и од „десетина” идентични или слични производи или услуги избира каде ќе ги потроши своите пари.

- Активноста предвидува воведување на процедури, ознаки и правилници за користење на локално лого и знак за типични локални производи и услуги, при што Општината ги издава дозволите за користење на определен знак (лого) или слоган во согласност со исполнување на стандардите и условите пропишани во правилникот за користење на брендот.
- На пример: **Локално произведена храна** (за угостителски објекти во кои што менијата ќе содржат минимум 70 % локално произведени прехранбени продукти)
- **Автентичен локален сувенир** (за продажни објекти на сувенири, ракотворби и сл. Производи со автентично локално потекло и производство).

**Предвиден буџет 170.000,00 ден**

### 3.2. Изработка на Физибилити Студија за изградба на Аква Парк

Изградба на Аква Парк во Охрид во голема мерка ќе ја збогати туристичката понуда на Охрид и ќе привлече поголем број на туристи. Согласно законските процедури, за да се започне овој процес, потребно е да се изработи Физибилити Студија за оправданост на изградбата на ваков Парк. Поради тоа, најпрво е потребно да се изготви ваква студија, која понатаму ќе биде основа за избор на локација, изработка на основен проект, се до целосна финализација. Преку овој проект ќе бидат избрани најдобрите модели за негова реализација, а исто така е од посебна важност за аплицирање за грантови средства од различни програми, како неопходен документ во секоја проектна документација.

**Предвиден буџет 400.000,00 ден**

### 3.3. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.

Едукативните семинари ќе ги опфатат сите три Мерки од ИПАРД програмата и тоа:

- **Мерка 101** - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- **Мерка 103** - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи,
- **Мерка 302** - Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам.

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на претставници од Одделението за локален економски развој, преку печатени и дигитализирани едукативни материјали и конкретни разработки на условите за аплицирање и подготовка на проектни примери.

**Предвиден буџет 0 ден**

**3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците**

Со оваа активност е предвидено обезбедување на неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, зголемување на конкурентноста и искористување на можностите за финансирање во рамките на земјоделството од домашни и меѓународни извори, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството. Воедно, преку работењето на оваа канцеларија се овозможува издавање на потврди за користење на средствата од ИПАРД програмата.

**Предвиден буџет 0 ден**

**3.5. Субвенционирање на превоз на ново-вработени лица во приватен сектор**

Преку оваа мерка е превидено стимулирање на приватниот сектор во вработувањето на нови лица, а со тоа и намалување на невработеноста. Процесот предвидува истражување на тековните состојби и потреби од ваква услуга на приватниот стопански сектор, по што ќе бидат утврдени критериуми и изработен павилник кој ќе ги дефинира условите преку кој ќе биде имлементирана оваа активност. Субвенционирањето на превозот на нововработени лица ќе се однесува за територијата на општина Охрид.

**Предвиден буџет 2.600.000,00 ден**

**3.6. Субвенционирање на набавка на велосипеди**

Со цел да го стимулира користењето на велосипеди, општина Охрид, на граѓаните кои ќе купат нов велосипед ќе им субвенционира дел од трошоците во износ од 50 % од вредноста на велосипедот, но не повеќе од **6.000,00** денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

Оваа активност ќе се реализира преку објава на јавен повик кој пак ќе биде реализиран по принципот „прв дојден, прв услужен“, се до исцрпување на средствата планирани во буџетот на општина Охрид за оваа намена.

Право на користење на субвенцијата ќе имаат сите жители на општина Охрид кои ќе ги исполнат условите од Правилникот и Јавниот повик.

**Предвиден буџет 600.000,00 ден**

**3.7. Изработка на техничка документација за рекреативна ски патека на Мазатар – Куратица, како предпоставка за можност за користење на средства за рурален развој**

Планираната техничка документација треба да послужи за обезбедување на финансиски средства од домашни или европски фондови за изградба и опремување на рекреативна ски патека на падините на планината Мазатар.

Едната опција е патека долга преку 4-5 км од местото Игралишта до самото село а другата опција е патеката Горно Речиште – до селскиот пат во должина од 900 метри во непосредна близина на селото.

Со ова а активност и евентуално обезбедување на финансиски средства во идниот период ќе се овозможи дополнителен импулс во развојот на туризмот и единствената жива рурална заедница во планинскиот предел на Мазатар на 20 км од Охрид.

**Предвиден буџет 210.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 3: 3.980.000,00 ден.**

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

Една од круцијалните активности на Одделението за локален економски развој, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет.

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

### 4.1. Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Одделението за локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Одделението за туризам.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции ;
- превод на стручна литература ;
- консултантски услуги за специфични проектни активности и
- воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,.

**Превиден буџет 20.000,00 ден**

### 4.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

**Превиден буџет 1.000.000,00 ден**

**4.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти**

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во рамки на севкупниот локален економски развој, а претставуваат активности кои ќе се реализираат во рамки на проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори.

Во рамки на ИПА програмата аплициран и одобрен е проектот „ Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција “ акроним „*CROSS4ALL”* за кој се очекува потпишување на договорот и негово отпочнување со реализација. Проектот е аплициран и одобрен во партнерство со водечки партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот „ Аристотел “ во Солун и партнери: Општина Неаполис, Грчка национална конфедерација на лица со попреченост, Факултет за информатички и комуникациски технологии „ Св.Климент Охридски “- Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар „Св.Стефан“ – Охрид, поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите, Специфична цел на проектот е подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите.

Проектот е одобрен и се очекува склучување на договор за истиот. Вкупен буџет на проектот е 1.130.290,00 евра од кои за Охрид се предвидени 142.810,00 евра буџет за реализација на проектни активности (од кои 75% - 121.388,00 евра се добиваат авансно, а остатокот од 25% - 21.422,00 евра се рефундираат по завршувањето на проектот)

**Превиден буџет 6.000.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 4: 7.020.000.00 ден**

## 5. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ

За реализација на активностите на програмата за поддршка на локалниот економски развој за 2020 година, потребни се одредени средства кои се неопходни за реализација на истите. Овде, пред сѐ, се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари кои се неопходни за реализација на предвидените активности во 2020 година.

Воедно, успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Секторот за туризам и локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејќи се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Секторот за туризам и локален економски развој..

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

**5.1. Договорни обврски**

**Предвиден буџет 40.000.00 ден**

**5.2. Други оперативни расходи**

**Предвиден буџет 40.000.00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 5: 80.000,00 ден**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2020: 12.550.000,00 ден**

**РЕКАПИТУЛАР**
НАЦРТ - ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 година

| **Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **1** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА** | | | | |
| | 1.1. | Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој | 500.000,00 | / | 500.000,00 |
| | 1.2. | Изработка на Стратегија за Локален Економски Развој 2020-2025 | 400.000,00 | / | 400.000,00 |
| | 1.3. | Финализирање на Стратегија за рурален развој 2020-2025 | / | / | / |
| | | **Вкупно 1** | **900.000,00** | **/** | **900.000,00** |
| **2** | **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА** | | | | |
| | 2.1. | Обуки за идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за Јавно Приватно Партнерство. | 150.000,00 | / | 150.000,00 |
| | 2.2. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| | 2.3. | Обука на тема „диверзификација на фармите, автохтони видови на домашен добиток и органско производство во функција на рурален развој и нови можности за користење на ИПАРД програмите за рурален развој преку нови услуги и производи во селскиот туризам“ | 120.000,00 | / | 120.000,00 |
| | | | | | |
| | | **Вкупно 2** | **570.000,00** | **/** | **570.000,00** |
| **3** | **ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1. | Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија | 170.000,00 | / | 170.000,00 |
| | 3.2. | Изработка на Физибилити Студија за изградба на Аква Парк | 400.000,00 | / | 400.000,00 |
| | 3.3. | Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој | 0,0 | / | 0,0 |
| | 3.4. | Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | 0,0 | / | 0,0 |
| | 3.5. | Субвенционирање на превоз на вработени во приватен сектор | 2.600.000,00 | | 2.600.000,00 |
| | 3.6 | Субвенционирање на набавка на велосипед | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| | 3.7. | Изработка на техничка документација за рекреативна ски патека на Мазатар – Куратица, како предпоставка за можност за користење на средства за рурален развој | 210.000,00 | | 210.000,00 |
| | | **Вкупно 3** | **3.980.000,00** | **/** | **3.980.000,00** |
| **4** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | | |
| | 4.1. | Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување | 20.000,00 | / | 20.000,00 |
| | 4.2. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 1.000.000,00 | / | 1.000.000,00 |
| | 4.3. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 |
| | | **Вкупно 4** | **1.020.000,00** | **6.000.000,00** | **7.020.000,00** |
| **5** | **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | |
| | 5.1. | Договорни обврски | 40.000,00 | / | 40.000,00 |
| | 5.2. | Други оперативни расходи | 40.000,00 | / | 40.000,00 |
| | | **Вкупно 5** | **80.000,00** | **/** | **80.000,00** |
| | | **ВКУПНО** | **6.550.000,000** | **6.000.000,00** | **12.550.000,00** |

Оваа Нацрт- програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/57** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 – 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид за 2020 – 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/142** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15,31/16,163/16, 46/18 и 168/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („ Сл.гласник на општина Охрид “ бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 донесе:

**НАЦРТ - ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НАОПШТИНА ОХРИД 2020-2022**

## 1.ВОВЕД

Нацрт- Програмата за изработка на урбанистичките планови на општина Охрид за 2020 година претставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистичко плански документации во Општината , основа за уредување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање на согласност за изработените планови од Министерство за транспорт и врски-Скопје.

## 2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

# *I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид*

**I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2; УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | Општина (266.315,00) |
| | Вкупно: | **266.315,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | Општина (68.640,00) |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј (Ривиера) | Општина (177.840,00) |
| **3** | **Урбан Блок 4.3** | |
| 3.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | Општина (246.000,00) |
| **4** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | Општина (262.000,00) |
| **5** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | Општина (388.000,00) |
| **6** | **Урбан Блок 5.3** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | Општина (90.000,00) |
| **7** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | Општина (404.430,00) |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | Општина (630.130,00) |
| **9** | **Урбан Блок 8.3** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 8 УБ 8.3 | Општина (190.000,00) |
| **10** | **Урбан блок 10.1** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | Општина (530.000,00) |
| **11** | **Урбан блок 12.4** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | Општина ( 72.000,00) |
| **12** | **Урбан блок 14.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | Општина (150.000,00) |
| **13** | **Урбан блок 15.1** | |
| 13.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | Општина (25.000,00) |
| **14** | **Урбан блок 15.4** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | Општина (150.000,00) |
| **15** | **Урбан блок 16.3** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | Општина (105.000,00) |
| | Вкупно: | **3.489.040,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **I-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | УП за село Љубаништа | Општина ( 300.000,00) |
| 2 | УП за село Трпејца | Општина ( 230.000,00) |
| **3** | УП за село Пештани | Општина (1.571.820,00) |
| **4** | УП за село Елшани | Општина ( 200.000,00) |
| **5** | УП за село Лагадин | Општина ( 315.000,00) |
| **6** | УП за село Долно Коњско | Општина ( 260.000,00) |
| **7** | УП за село Велгошти | Општина ( 650.000,00) |
| **8** | УП за село Велестово | Општина (1.300.000,00) |
| **9** | УП за село Лескоец | Општина ( 650.000,00) |
| **10** | УП за село Косел | Општина ( 710.000,00) |
| **11** | УП за село Горно Лакочереј | Општина ( 260.000,00) |
| **12** | УП за село Долно Лакочереј | Општина ( 440.000,00) |
| **13** | УП за село Подмоље | Општина ( 380.000,00) |
| **14** | УП за село Орман | Општина ( 140.000,00) |
| | Вкупно: | **7.415.000,00** |
| **I-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | ЛУПД за откупно дистрибутивен центар на кп 746 и кп 745 КО Охрид 4, општина Охрид | Општина ( 10.000,00) |
| **2** | ЛУПД градежна парцела на кп 2002 КО Лескоец - ОУ Ванчо Николески село Лескоец | Општина (66.000,00) |
| **3** | ЛУПД за плажи на Охридско езеро | Општина (400.000,00) |
| **4** | ЛУПД за градби за потреби на општината | Општина (300.000,00) |
| **5** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад и постројка за биогас на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј – вон град | Финансирано од Ј.П."Охридски Комуналец" Охрид |
| | Вкупно: | **776.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **I-5. ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | Општ акт за село Горно Коњско | Општина ( 45.0000,00) |
| **2** | Општ акт за село Рамне | Општина ( 45.0000,00) |
| **3** | Општ акт за село Опеница | Општина ( 100.0000,00) |
| **4** | Општ акт за село Вапила | Општина ( 90.0000,00) |
| **5** | Општ акт за село Сирула | Општина ( 35.0000,00) |
| **6** | Општ акт за село Куратица | Општина (120.0000,00) |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | **435.026,00** |
| **I-7. ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | Проект за инфраструктура за потреби на општината | Општина (600.000,00) |
| | Вкупно: | **600.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО:** | **12.981.380,00** |

**НАПОМЕНА:** **Имајќи ја во предвид процедурата и постапката за донесување на урбанистичките планови, во буџетот на општина Охрид за Програмата што ќе се реализира во 2020 ќе се предвидат средства во вредност од 11.250.026,00 ден, од кои 7.850.026,00 ден. се предвидени согласно Решението за одобрување на барањето за финансиска подршка за изработка на урбанистички планови за села и општи акти за села, од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.**

## *II. Планови кои ќе ги финансира Влада на РМ*

| | | |
|---|---|---|
| **II-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | Влада на РМ |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | Влада на РМ |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | Влада на РМ |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | Влада на РМ |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | Влада на РМ |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | Влада на РМ |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7 - "Долни Сарај" | Влада на РМ |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | Влада на РМ |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9- "Плаошник" | Влада на РМ |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 – "Св.Врачи" | Влада на РМ |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – | Влада на РМ |

| | | |
|---|---|---|
| | "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | Влада на РМ |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14 - "Чаршија" | Влада на РМ |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | Влада на РМ |
| 15 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс 16 - "Чинар" | Влада на РМ |
| 16 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | Влада на РМ |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | Влада на РМ |
| 18 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | Влада на РМ |
| **II-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| **1** | УПВНМ за Св. Наум | Влада на РМ |
| **2** | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина | Влада на РМ |
| **3** | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | Влада на РМ |

| | | |
|---|---|---|
| **II-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| **1** | ЛУПД „Купи куќа за млади„ | Влада на РМ |

## *III. Планови финансирани со приватни иницијативи*

| | | |
|---|---|---|
| **III-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 7 УБ 7.1 и УЗ 10 УБ 10.1 | Прив.иницијатива |
| 2 | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 8 УБ 8.3 и УЗ 17 УБ 17.4 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **III-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | Прив. иницијатива |
| **2** | **Урбан блок 2.2** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | Прив. иницијатива |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **3** | **Урбан блок 2.3** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | Прив. иницијатива |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | Прив. иницијатива |
| 3.3 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.3 – опфат 7 | Прив. иницијатива |
| **4** | **Урбан блок 2.4** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 4.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **5** | **Урбан блок 2.5** | |
| 5.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **6** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| 6.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улици Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул. | Прив. иницијатива |
| **7** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 8.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | Прив. иницијатива |
| **9** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.1 опфат 1 (измени и дополнувања) | Прив. иницијатива |
| **10** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **11** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 11.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **12** | **Урбан блок 8.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1 (измена и дополнување) | Прив. иницијатива |
| **13** | **Урбан блок 9.1** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1 | Прив. иницијатива |
| **14** | **Урбан блок 10.1** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **15** | **Урбан блок 10.2** | |
| 15.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **16** | **Урбан блок 10.4** | |

| | | |
|---|---|---|
| 16.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | Прив.иницијатива |
| 16.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | Прив.иницијатива |
| **17** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 17.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **18** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 18.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | Прив.иницијатива |
| **19** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 19.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **20** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | Прив.иницијатива |
| **21** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 21.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13,3 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **22** | **Урбан блок 15.5** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **23** | **Урбан блок 15.6** | |
| 23.1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.6 | Прив.иницијатива |
| **24** | **Урбан блок 15.7** | |
| 24.1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | Прив.иницијатива |
| **25** | **Урбан блок 16.1** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | Прив.иницијатива |
| **26** | **Урбан блок 16.3** | |
| 26.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | Прив.иницијатива |

**III-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 2 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 3 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 4 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 3 | Прив.иницијатива |
| 5 | УПВНМ Горица Север | Прив.иницијатива |
| 6 | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 7 | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 8 | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 4 | Прив.иницијатива |
| 9 | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | Прив.иницијатива |

| **III-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | ЛУПД со намена Г3 – сервиси на кп бр. 1141/5 КО Лескоец | Прив.иницијатива |
| 2 | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | Прив.иницијатива |
| 3 | ЛУПД за ГП со намена Б4 деловни простори на дел од кп 821 КО Косел | Прив.иницијатива |
| 4 | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на кп 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | Прив.иницијатива |
| 5 | ЛУПД за изградба на хотел намена Б 5 на КП 6276/1 и КП 6274/3 КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 6 | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 7 | ЛУПД за изградба на објекти со намена А4 времено сместување на кп бр 3134, кп бр 3135 кп бр 3136 КО Елшани, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 8 | ЛУПД за ГП бр.1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 2751/4, КП 2751/5, КП 2751/6, КП 2752/1, КП 2752/2, КП 2752/4, КП 2753/1, КП 2753/3, КП 2754/1, КП 2754/2, КП 2756/5 и КП 2756/7 во КО Коњско, општина Охрид | Прив.иницијатива |

| **III-5. ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | Општ акт за село Елшани | Прив.иницијатива |
| **2** | Општ акт за село Долно Коњско | Прив.иницијатива |
| **3** | Општ акт за село Подмоље | Прив.иницијатива |
| **4** | Општ акт за село Куратица | Прив.иницијатива |

## *IV. Планови кои можат да бидат финансирани од општина Охрид, физички и правни лица и други донатори*

**1. Измени на делови од ДУП за УЗ 1, УЗ 2, УЗ 3, УЗ 4, УЗ 5, УЗ 6, УЗ 7, УЗ 8, УЗ 9, УЗ 10, УЗ 11, УЗ 12, УЗ 13, УЗ 14, УЗ 15, УЗ 16, УЗ 17 и УЗ 18.**

**2. Детални урбанистички планови за една градежна парцела**

1. ДУП за ГП 1.12 во УЗ 2, дел од УБ 2.2 на КП 15542/1, КО Охрид 3
2. ДУП за ГП 3.1.1 на КП 14231, 14230/1, 14239, во УЗ 3 УБ 3.1, КО Охрид 3
3. ДУП за ГП 1.15.1 во УЗ 4, дел од УБ 4.1 на КП 13889/3 и др.

4. ДУП за ГП 7.1.113 на КП 11099/1 во УЗ 7 УБ 7.1 во КО Охрид 2
5. ДУП за ГП 8.1.1 во УЗ 8, блок 8.1 на КП 11810/1, КО Охрид 2
6. ДУП за ГП 1.10.2.1 во УЗ 10, УБ 10.2 на КП 10151
7. ДУП за ГП на КП 10426/1 во УЗ 10 УБ 10.2 во КО Охрид 2
8. ДУП за ГП на КП 10143/1 во УЗ 10 УБ 10.3 во КО Охрид 2
9. ДУП за ГП 1 на кп 9883/1 КО Охрид 2 УЗ 10 делод УБ 10.3
10. ДУП за ГП 1 на кп 4391/1 делод УБ 11.4
11. ДУП за ГП 13.2.1 во УЗ 13, УБ 13.2 на КП 3477/12, КО Охрид 4
12. ДУП за ГП 1 дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 на КП 3463/3, КО Охрид 4
13. ДУП за ГП 13.3.1 во дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за на КП 3340/1 – опфат на улица Винковачка
14. ДУП за ГП 13.4.2 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3167, КО Охрид 4
15. ДУП за ГП 1 на КП 3736, 8601/2, 3731 во УЗ 15 дел од УБ 15.6, КО Охрид 4
16. ДУП за ГП 16.1.1 во УЗ 16, УБ 16.1 на КП 37/16 и 36/1, КО Велестово
17. ДУП за ГП 16.1.1 дел од УЗ 16, дел од УБ 16.1 на КП 37/14
18. ДУП за ГП 1 во УЗ 16, УБ 16.2 на КП 2649/1, 2649/2, 2649/5 и 3037/5, КО Велестово

**3. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата, брзината на изработката на ажурираните геодетски подлоги, брзината на изработка на плановите и брза и ефикасна соработка на државните органи што партиципираат во донесување на урбанистичките планови.

Оваа Нацрт- програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/58** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Програматата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/143** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид “ бр 8/07, 01/08, 10/10,

05/11, 09/14, 14/14 и 10/19 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29. 11.2019 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ - ПРОГРАМА**
**за финансиските потреби на ТППЕ Охрид**
**за 2020 година**

Заради професионално и ефикасно извршување на финкцијата во заштитата и гаснењето на пожари во Општина Охрид и други активности, согласно Законот за пожарникарство, Законот за заштита и спасување и Прирачникот за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра, за потребите на ТППЕ Охрид за 2020 година потребно е да се одобрат следните финансиски средства:

**Финансиски потреби за вработените во ТППЕ - ОХРИД**

**1. Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт, хигиенски материјали, канцелариски и административни материјали и друго.........................................................................510.000 денари**

**- огревно дрво...........................................................70.000 денари**

Во зимскиот период гаражните простории во ТППЕ Охрид се загреваат со грејни тела на цврсто гориво – дрва, заради постигнување на мимимум 8°С температура во секој дел од гаражниот простор. Заради тоа потребно е за грејната 2020 година да се набават 25 метри просторни огревно дрво.

**- горива за моторни возила, ПП пумпи и агрегати и останата опрема.........................................................................300.000 денари**

Во текот на годината за потребите целокупната моторна опрема и возила се користи течно гориво (нафта и бензин). За тие потреби земајќи предвид зголемувањето на цената на горивата потребно е за 2020 година да се планираат и одобрат финанскиски средства од 350.000 денари.

**- регистрација на моторни возила...................................70.000 денари**

Согласно законските прописи и противпожарните возила подлежат на вршење едногодишни или периодични технички прегледи и осигурување од незгода. Заради тоа потребно е да одобрат наведените средства.

**- хигиенски материјали.....................................................20.000 денари**

За нормално функционирање и одржување на хигиената во ТППЕ Охрид потребно е да се одобрат наведените средства за набавка на сите видови хигиенски материјали потребни за таа намена.

**- канцелариски и административни трошоци.................20.000 денари**

За нормално извршување на административните работи и евиденција на сите настани во текот на годината во ТППЕ Охрид се користи книги за дежурства, книги за евиденција на пожари, пријави за пожари, листи за известување од пожар, компјутерски материјали и друго, за што е потребно да се одобрат наведените средства

**- набавка на компјутер4....................................................30.000 денари**

Заради брзо и ефикасно вршење на сите административни работи и евиденција на истите потребно е за ТППЕ Охрид да се набави еден персонален комјутер со печатар за што е потребно да се одобрат наведените средства.

**2. Материјали и ситен инвентар.................................3.050.000 денари.**

Согласно Законот за пожарникарство, Законот за заштита и спасување и Правилникот за видот и изгледот на униформата, видот на заштитната опрема и начинот на проверки и испитување на нејзината исправност кој е излезен во СВРСМ бр. 166 од 09.08.2019 година летната и зимската униформа се водат како работна униформа на пожарникарите со свои делови од опремата. За наведената униформа за која е во тек постапка на ревизирање на тендер за изработка и набавка на истата што најверојатно ќе се одолговлечи до крајот на 2019 година, а исплатата ќе биде во 2020 година од наведените средства потребно е да се одобрат ..... **950.000 денари**.

**Заштитна опрема на пожарникарите:........................1.500.000 денари**

**- заштитно одело за шумски пожари и интервенции (40 комплети)..................................................................600.000денари**

1. Јакна за шумски пожари и технички интервенции
2. Панталони за шумски пожари и технички интервенции
3. Ракавици за шумски пожари и технички интервенции
4. Шлем за шумски пожари и технички интервенции
5. Заштитно одело за шумски пожари и технички интервенции

**- интервенциско противпожарно одело:(40 комплети)....900.000 денари**

1. Интервенциска јакна
2. Интервенциски панталони
3. Кратки интервенциски ракавици
4. Интервенциски шлем
5. Интервенциска поткапа

**- обувки (40 пара)..........................................................700.000 денари**

Согласно временското доба за користење потребно е да се набават обувки од следните видови:

- зимски чевли со повишена сара
- летни чевли
- чизми за шумски пожари и техн. интервенции
- интервенциски чизми за гаснење пожари

**3. Поправки и тековно одржување................................800.000 денари**

**- поправки и сервисирање на противпожарните и други возила во ТППЕ Охрид 4...........................................600.000 денари**

Со оглед на начинот на експлоатација на протипожарните возила и нивната старост на поголениот број од возилата, кај истите почесто се појавуваат дефекти. Заради нормално одржување на возилата во исправна состојба и функција за секојдневна употреба во секој момент при појава на пожар, технички и други интервенции потребно е да се одобрат бараните средства.

**- поправки и одржување на друга ПП опрема- 200.000 денари**

Во оваа ставка бараните средства се за поправка, сервисирање и одржување во функционална употреба на моторните пумпи, ел. пумпи, агрегати за ел. енергија, моторни пили, пила за сечење бетон и железо, хидрауличен алат за развалување и сечење, пеногенератот, сервисирање и полнење на ПП апарати и друго. Заради претходното потребно е да се одобрат бараните средства.

**4. Договорни услуги......................................................250.000 денари**

**- колективно осигурување на вработените........130.000 денари**

Согласно Законот за пожарникарство, член 17, пожарникарите во ТППЕ се осигуруваат при вршење на работите...............**120.000 денари**

Пожарникарите во ТППЕ согласно Закон задолжително се упатуваат на контролни лекарски прегледи.

**5. Капитални расходи..................................................1.000.000 денари**

**- купување на колективна ПП опрема и арматура и средства за гаснење пожари..........................................................800.000 денари**

Заради нормално извршување на работите при интервенции, а заради староста, амортизираноста и оштетеноста на постечката опрема за потребите на ТППЕ Охрид потребно е да се набават дел од колективната ПП опрема и арматура и тоа:

- ПП пумпи,
- ПП црева Ф52 и Ф75,
- ПП спојки Ф75, Ф52 и Ф25 - обични,
- ПП спојки Ф110, Ф75, Ф52 и Ф25 - стабилни,
- ПП спојки Ф110, Ф75, Ф52 и Ф25 - слепи,
- редуцир спојки Ф52/75,
- гумици за ПП спојки Ф110, Ф75, Ф52 и Ф25,
- млазници Ф52 и Ф75,

**- опрема и средства за гаснење....................................200.000 денари**

- ПП апарати С,
- ПП апарати ЦО2,
- средство загаснење - прав,
- средство за гаснење - пенило.

**6. Поправки и тековно одржување на објектот...........550.000 денари**

**- Внатрешна и надворешна ПВЦ столарија.......250.000 денари**

На противпожарниот дом, на работните, гаражни и други простории поставена е дрвена надворешна столарија (врати и прозори). Истата е оштетена, амортизирана и поставена од денот кога е изграден ПП дом во 1953 година и истата е дотраена. Заради тоа и заради создавање функционални услови за одржување и извршување на работните обвски на вработените потребна е наведената столарија да се промени.

**- Зидарофасадерски работи и молерај...............100.000 денари**

Заради староста на објектот ПП дом потребно е санирање на одредени оштетувања на објектот и комплетно варосување на истиот, со поставување на вентилационен систем за одведување на издувните гасови од возилата.

**- Асфалтирање на дворот пред ТППЕ Охрид....200.000 денари**

Дворното место пред гаражите на ТППЕ Охрид од самото движење на ПП возилата иам оштетување по целокупната површина на асфалтот. Заради тоа и заради нормално одржување на самиот простор и безбедно изведување на активности со возилата и противпожарната опрема потребно е овој простор да се асфалтира.

**7. Купување на други моторни возила..............750.000 денари**

**- теренско возило 4х4...........................................750.000 денари**

Во случај на потреба при гаснење на пожари, вршење на технички и други интервенции и заради транспорт на работници при сите овие потреби ТППЕ Охрид има и користи теренско возило Лада Нива кое е старо повеќе од 30 години. Истото е каросериски многу оштетено со чести појави не дефекти на моторот така што во одредени моменти е нефункционално, а некогаш и кога е најпотребно. Вложувањата во поправки заради одржување на истото се неисплатливи. Заради претходното бараме да се одобрат средства за набавка на ново теренско возило за потребите на ТППЕ Охрид.

**Вкупно за потребите на ТППЕ Охрид согласно наведените ставки, од буџетот на Општина Охрид за 2020 година потребно е да се одобрат 7.010.000 денари.**

Оваа Нацрт програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Охрид“

**Број 08-15830/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за заштита на животната средина и природата за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/144** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15 и 129/15), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 донесе:

**НАЦРТ-ПРОГРАМА**
**ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2020 ГОДИНА**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2020 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период, подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата.Еден од посериозните проблеми во Охрид во летниот период претставува бучавата . Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената нацрт - програма за заштита на животната средина и природата за 2020 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2020 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2020 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

**Законски процедури кои Општина Охрид ги спроведува како надлежен орган**
**Оценка на влијанија врз животната средина**

**1.Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи ....................................................................... 1.000.000,00 денари**

Образложение: Членот 65 од Законот за животна средина предвидува изготвување Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи. Членот 76 предвидува изготвување Оцена на влијанија врз животната средина за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.

**Потребни финансиски средства: За 2020 година се предвидени финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари .**

**2.Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина**

Образложение: Општина Охрид согласно одредбите од чл.95, 122 и 123 од Законот за животната средина е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура

Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува овластениот инспектор за животна средина. Инсталациите на територијата на општината плаќаат годишен надоместок за поседување на Б- Интегрирана еколошка дозвола.

**Потребни финансиски средства: Не се предвидени финансиски средства.**

**3. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**

Образложение: Согласно обврската од чл.24 од Законот за животна средина, Општина Охрид е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наброени во „Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Град Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје“. Постапката отпочнува со разработка на доставениот елаборат за заштита на животната средина, се изготвуваат забелешки за елаборатот, по што следува достава на коригиран елаборат , се изготвува решение за одобрување, кое го потпишува градоначалникот на Општина Охрид.

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**

**4.Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на чинарот на плоштад Чинар ........................................................................................................................ 700.000,00 денари**

Образложение:Согласно законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04,14/06,84/07,35/10,47/11,148/11,59/12,13/13,163/13,41/14,146/15 и 39/16) и врз основа на изработениот елаборат за валоризација или ревалоризација на чинарот на плоштадот Чинар, МЖСПП донесе РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЧИНАР- ОХРИД ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ (Сл.весник на РСМ бр.205/19).Со ова решение со природната реткост ЧИНАР – ОХРИД управува општина Охрид, во име на општината градоначалникот на општина Охрид.За таа цел со предвидениот проект ќе бидат имплементирани предложените мерки за санација од елаборатот за валоризација или ревалоризација на споменатиот чинар.

2. Поддршка на невладини организации

***Поддршка на млади и младински политики***

Силна поддршка за младите луѓе од 15 до 29 години кои живеат на територијата на општина Охрид е врвен приортет на локалната самоуправа. Проектите предвидени во рамки на оваа програма ќе овозможат подобрување на положбата на младите во општеството како и можност за нивна доедукција, професионална надградба и личен развој.

1. ***Проект: Канцеларија за млади и Совет за млади***

Канцеларијата за млади која воедно ќе биде седиште на Советот за млади и место каде што младите луѓе ќе можат да се дружат, да разменуваат информации и да се насочуваат правилно во животот. Со тоа на тој простор би се добила една целина која понатаму треба институционално да премине во една заедничка институција Младински културен центар активност која реално би можела да се спроведува во текот на буџетските 2022 и 2023 година. Во текот на 2020 година одделението ќе се насочи исклучиво кон етаблирање на канцеларијата за млади и кадровско доекипирање на Советот за млади кој е воспоставен во рамки на општина Охрид. Претседателот на Советот на млади ќе биде именуван за надворешен советник на Градоначалникот на општина Охрид за младинска политика.

Во рамки на оваа канцеларија предвидено е да биде отворено и советувалиште за избор на идна професија на младите луѓе каде волонтерски предвидено е двапати неделно стручно лице во попладневните часови да ги советува младите за избор на својата идна професија да разговара за нивните потреби и да ги согледува нивните размислувања.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Охрид

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Уредување на просторот за канцеларијата и опремување со инвентар, компјутери и останати средства неопходни за работа | 300.000,00 |
| Кадровско доекипирање на Советот на млади | 0 |
| Хонорари за две лица ангажирани во кацеларијата и едното стручно лице кое ќе работи во советувалиштето за млади. Вкупно 3 лица | 3*6000=18000 денари месечно или 216.000,00 денари годишно |
| Режиски трошоци | Сметките за комунални услуги, интернет,телефони, греење ќе бидат на терет на општина Охрид во вкупен износ не поголем од 5000 денари месечно или вкупно 60.000,00 денари годишно<br>421=60000 |
| ***Вкупно*** | ***576.000,00 денари*** |

2. **Проект: Секоја организација, институција или фирма која добила средства од општина Охрид, мора да ангажира млади лица на волонтерска или приправничка пракса**

За оваа активност одделението за млади и невладини организации задолжено е во рок од 10 дена по склучувањето на договор за финансирање на определена активност на некој субјект од страна на општина Охрид на јавен повик за доделување на средства , да обезбеди и побара да им биде доставен доказ дека за таа активност субјектот ангажирал млади лица на волонтерска или приправничка пракса. Тоа задолжително треба да биде наведено и во договорот за финансирање.

3. **Проект: Локална младинска стратегија**

Во рамки на овој проект предвидено е оддржување на Конференција за креирање на локална младинска политика на Охрид на која учество би зеле претставници на граѓанскиот сектор кои се насочени во областа млади. Со помош на експерти од оваа конференција треба да произлезе нацрт документ – локална младинска стратегија која ќе биде доставена на увид на јавноста, ќе има јавна дебата а како конечен документ предвидено е да биде донесена од страна на Советот на општина Охрид до крајот на 2020 година. Сите идни активности по донесувањето на младинската стратегија ќе бидат согласно препораките содржани таму.

**Извор на финансирање:** Меѓународни донаторски организации, општина Охрид;

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Конференција за креирање на младинска политика на Охрид | 100.000,00 денари |
| Изработка на локална младинска стратегија | 300.000,00 денари |
| Јавна расправа и завршен настан за промоција на стратегијата | 60.000,00 денари |
| **Вкупно** | **460.000,00 денари** |

4. **Проект:** Анкета на 1100 млади луѓе на возраст од 15-29 години со цел да се утврдат нивните потреби и барања

Оваа анкета помеѓу младите луѓе е неопходна од причина што ќе им се даде можност врз основа на мерливи параметри да ги поставаат своите барања и да ги искажат своите потреби во областите кои нив најмногу ги засегаат.

Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Изработка и анализа на анкета помеѓу млади луѓе | 90.000,00 денари |
| **Вкупно** | **90.000 денари** |

***Потребни средства за реализација на делот од програмата наменет за поддршка на млади и младински политики***

| *Извор на финансирање* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Буџет на општина Охрид | 1.126.000,00 денари |
| **Вкупно** | **1.126.000,00 денари** |

***Поддршка на невладини организации***

Соработката со граѓанскиот сектор е еден од клучните постулати на работата на општина Охрид. Отворено, транспарентно секогаш почитувајќи ја нивната независност и самостојност во носењето на одлуките ќе се трудиме реализирајќи ги активностите од оваа програма да градиме партнерски однос базиран на взаемна доверба и почитување. Тоа секако ќе придонесе општина Охрид користејќи ги услугите на граѓанскиот сектор да испорачува поквалитетни услуги кон своите граѓани.

1. **Проект:** Финансиска поддршка за невладини организации

Општина Охрид преку оваа активност ќе овозможи финансиска поддршка за проекти кои се доставени од страна на невладините организации. За таа цел веднаш по стапувањето на сила на новиот буџет на општина Охрид за 2020 година ќе се објави јавен повик со точно утврдени критериумуи и приоритени области на кој ќе може да учествуваат сите невладини организации со седиште на територијата на општина Охрид кои исто така предвиделе и активностите да се одвиваат на територија на општина Охрид.

Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Трансфери до НВО врз основа на јавен повик | 1.000.000,00 денари |
| **Вкупно** | **1.000.000,00 денари** |

**2. Проект: Експерт за потребите на граѓанскиот сектор**

За потребите на овој проект општина Охрид ќе ангажира експерт од определена област секако заеднички утврдена со претставниците на граѓанскиот сектор за приоритетна област која ќе биде посочена од нивна страна. Негова задача ќе биде да ги насочува и обучува невладиите организации во процесот на изработка на определена проектна документација со цел поголемо искористување на странските фондови и поголеми средства за проекти на граѓанскиот сектор во Охрид.

Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Хонарар за ангажирање на експерт | 120.000,00 денари |
| **Вкупно** | **120.000,00 денари** |

**3. Редовни состаноци со претставниците на граѓанскиот сектор**

На крајот од секое тримесечие во годината ќе се оддржува редовен состанок со претставниците на граѓанскиот сектор на кој ќе се сумираат резултатите од сработеното и ќе се дефинираат правците на понатамошната соработка.

***Потребни средства за реализација на делот од програмата наменет за поддршка на невладини организации***

| *Извор на финансирање* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Буџет на општина Охрид | 1.120.000,00 денари |
| **Вкупно** | **1.120.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| ***Вкупен износ на програма во денари*** | ***2.246.000,00*** |
| ***Буџет на општина Охрид во денари*** | ***2.246.000,00*** |

Оваа Нацрт програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 08-15830/65**
**29.11.2019 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за култура за 2020 година.што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/150** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,**
**с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 ,10/19 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

| Активности од дејноста култура | Опис | Период на реализација | Носител | Износ |
|---|---|---|---|---|
| **<u>ЈУБИЛЕИ:</u>** | | | | |
| • **155 години од раѓањето и 75 години од смртта н Андон Кецкаров** | Почит и негување на ликот и делото на Андон Кецкаров | јануари | Општина Охрид НУ Завод и музеј Архив на РМ п.е Охрид, охридските основни и средни училишта | Предвидено во ставката за реализација на Програмата за празници и мианифестации |
| • **190 години од раѓањето на Григор Прличев**<br>• **160 години од издавањето на поемата” Сердарот”** | Почит и негување на ликот и делото на Григор Прличев | февруари | Општина Охрид; НУЦК “Григор Прличев”; НУ Библиотека “Григор Прличев”; ОУ “Григор Прличев”; НУ Завод и музеј–Охрид охридские основни и средни училишта | = II = |
| • **145 години од раѓањето на Кирил Прличев** | Почит и негување на ликот и делото на Кирил Прличев | март | Општина Охрид НУ Завод и музеј – Охрид, охридските основни и средни училишта | = II = |
| • **115 години од смртта на Христо Узунов** | Почит и негување на ликот и делото на Христо Узунов | април | Општина Охрид; ОУ“Христо Узунов”; НУ Завод и музеј-Охрид; Архив на РМ п.е Охрид | = II = |
| • **40 години од смртта на Ванчо Николески** | Почитување и негување на ликот и делото на Ванчо Николески | април | Општина Охирд;Друштво на писатели на РМ;ОпштинаДебрца | = II = |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ;културни и образовни институции | |
| • **145 години од раѓањето на Методи Патче** | Почит и негување на ликот и делото на Методи Патче | мај | Општина Охрид, НУ Завод и музеј –Охрид, ОМУ “Методи Патче” | = II = |
| • **85 години од раѓањето на Живко Чинго** | Почит и негување на ликот и делото на Живко Чинго | август | Општина Охрид; ОУ Живко Чинго; МЗ Велгошти; ДПМ | = II = |
| • **110 години од раѓањето на Димче Коцо** | Почит и негување на делото на Димче Коцо | октомври | Општина Охрид; НУ Завод и музеј – Охрид;МАНУ | = II = |
| • **165 години од раѓањето на Темко Попов** | Почит и негување на делото на Темко Попов | октомври | Општина Охрид; НУ Завод и музеј – Охрид,основни и средни училишта | = II = |
| • **140 години од раѓањето на Петар Чаулев** | Почит и негување на ликот и делото на Петар Чаулев | декември | Општина Охрид; НУ Завод и музеј –Охрид; Архив на РМ п.е Охрид; охридските основни и средни училишта | = II = |
| • **10 години од смртта на Атина Бојаџи** | Почит и негување на ликот и делото на Атина Бојаџи | декември | Општина Охрид Македонскиот олимписки комитет ;Македонската пливачка федерација; | = II = |
| • **40 години од прогласувањето на Охрид за светско културно наследство** | Заштита, чување , негување и промовирање на Охрид како светско културното наследство | Јануари-декември | Сите надлежни и релевантни општествени институции, како и здруженија на гараѓани и поединци | **150.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО**: | **150.000,оо ден** |
| **<u>КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ</u>** | | | | |
| **Прличеви беседи** | Продолжување на долгогодишната традиција за промоција и негување на епохалното творештво на Григор С. Прличев | Февруари | Центарза култура “Григор Прличев”;Библиотека “Григор Прличев”;Општина Охрид | **30.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Фестивал Охридско лето** (Организационо – програмски содржини , санација и уредување на фестивалската сцена по повод **60 годишнината од постоењето на фестивалот )** | Меѓународна културна промоција на Охрид | јули-август | Министерство за култура; НУ “Охридско лето”, Општина Охрид | **600.000,оо ден** |
| **Вечер на “Живко Чинго”** | Почит и негување на грандиозното книжевно дело на Живко Чинго | август | Општина Охрид; МЗ Велгошти ОУ “Живко Чинго” - Велгошти | **90.000,оо ден** |
| **Поетска ноќ во Велестово** | Меѓународна промоција на поетската реч и ликовната уметност | август | Здружение на граѓани “Поетска ноќ во Велестово”; МЗ Велестово Општина Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Културно-забавно лето “На зајдисонце во Трпејца”** | Промоција на охридските природни убавини | Јули-август | Здружение за развој и промоција За “Трпејца со љубов”; Општина Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Поетска манифестација “Охридски бисер”** | Промоција на поетската реч | Јуни-јули | Здружение за литература и култура “Охридски поетски бисер “;Општина Охрид | **30.000,оо ден** |
| **Балкански – детско – младински камп: “Поетски искри од огништетото на Ванчо Николески”** | Меѓународна промоција на поетската реч и културна промоција на Охрид | Јуни-јули | Здружение за историја, литература, издаваштво, еколопгија и еко – туризам “Мацково” – Охрид; Општина Охрид | **30.000,00 ден** |
| **Поддршка на програмските активности на Здружението за култура и уметност “Арт Вивенди”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Јули-август | Здружение за култура и уметност “Арт Вивенди”; Општина Охрид | **30.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **910.000,оо ден** |
| **<u>ВЕРСКИ МАНИФЕСТАЦИИ</u>** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање** | Продолжување на традицијата и негување на верските обичаи | јануари | Здружение на граѓани “Бадникови поворки”; МПЦ Охридска архиепископија, Општина Охрид | **60.000,оо ден** |
| **Василичарски карневал во Куратица** | Продолжување на традицијата и негување на верските обичаи | јануари | Здружение на граѓани ‘Василичарски карневал”;МЗ Куратица;Општина Охрид | **40.000,оо ден** |
| **Богојавление - Водици** | Продолжување на вековната традиција и обичаите по повод празникот Св Василиј | јануари | Македонска православна црква; Општина Охрид | **500.000,оо ден** |
| **Ифтарска вечер** | Негување и продолжување на верските традиции | Мај-јуни | Исламска верска заедница и општина Охрид | **150.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **750.000,оо ден** |
| **<u>СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-ПАТРОН НА ОХРИД</u>** | Почит и негување на вонвременското просветно, духовно и световно дело на Свети Климент Охридски | декември | Општина Охрид, МПЦ | **300.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **300.000,оо ден** |
| **<u>ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Издавање моногфрафија по повод педесетгодишната ликовна дејност на Јордан Манасијевски** | Почит и негување на ликот и делото на Јордан Манасијевски | 2020 | Општина Охрид | **100.000,оо ден** |
| **Издавање антологија за Живко Чинго** | Почит и негување на ликот и делото на Живко Чинго | 2020 | Општина Охрид | **150.000,оо ден** |
| **Издавање книга за Темко Попов** | Почит и негување на ликот и делото на Темко Попов | 2020 | Општина Охрид | **150.000,оо ден** |
| **Издавање антологија за светите Кирил, Методиј, Климент и Наум** | Промоција на Охрид | 2020 | Општина Охрид | **250.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **650.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>МУЗИЧКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Балкански фестивал на народни песни и ора** | Продолжување на долгогодишната традиција и негување на македонскиот изворен фолклор | јули | НУЦК Григор Прличев Општина Охрид | **30.000,оо ден** |
| **Интернационален фестивал Охрид фест – ‘Охридски трубадурии”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Август - септември | Здружението на граѓани Интернационален фестивал – Охридски трубадурии , Општина Охрид | **70.000,оо ден** |
| **Охридски хорски фестивал** | Поддршка, промоција и негување на хорската музика | август | Министерство за култура , Здружение на граѓани “Охридски хор” | **50.000,оо ден** |
| **Детски музички фестивал “Распеано Рибарче”** | Промоција и поддршка на млади музички таленти | Мај - јуни | Здружение на музички изведувачи –Охрид;Општина Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Музичко забавен хепениниг “Зимска бајка”** | Културна промоција на Охрид | декември | НИМО – ОХРИДЊУС и Општина Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Поддршка на истакнати охридски музички уметници** | Поттикнување на музичкото творештво, а преку тоа и меѓународна промоција на Охрид | континуир ано | Министерство за култура; Агенција за млади и спорт и Општина Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Поддршка на млади музички таленти** | Поттикнување на музичката креативност кај младите | континуир ано | Министерство за култура НУЦК “Григор Прличев” ;Општина Охрид | **50.000,оо** |
| **Поддрша на охридскиот градски хор ” Вокс лихнидос”** | Промоција и негување на хорската музика | континуир ано | Здружение на граѓани Охридски градски мешан хор “Вокс Лихнидос”; Општина Охрид | **50.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **400.000,оо ден** |
| **<u>ЛИТЕРАТУРНА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Поддршка на литературни изданија посветени на Охрид** | Културна промоција на Охрид | Континуир ано | Општина Охрид | **150.000,00 ден** |
| **Поддршка на литературни изданија на** | Поттик и негување на литературното творештво | континуир ано | Општина Охрид | **100.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **роднокрајни писатели** | на роднокрајни писатели | | | |
| **Поддршка на млади автори** | Поттик за создавање литературно творештво меѓу младата популација | континуирано | Општина Охрид | **70.000,оо ден** |
| **Поддршка на литературни клубови и здруженија** | Негување на вредностите на литературното творештво | континуирано | Општина Охрид | **60.000,оо ден** |
| **Награден литературен и ликовен ученички конкурс по повод Патронот на градот** | Негување на духот на Свети Климент Охридски од страна на младата популација | Ноември - декември | Основни и средни училишта, Општина Охрид | **30.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **410.000,оо ден** |
| **<u>ТЕАТАРСКА, ФИЛМСКА И ДРУГА СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Поддршка на Охридскиот народен театар** | Развој на театарската уметност | континуирано | Министерство за култура; Општина Охрид | **60.000,оо ден** |
| **Поддршка на детските и младинските драмски студија** | Негување на македонскиот литературен јазик и поттикнување љубов кон театрската уметност кај младата генерација | континуирано | Министерство за култура НУЦК “Григор Прличев” ; Општина Охрид | **30.000,оо ден** |
| **Фестивал на нов европски филм “BICH FILMF ESTIVAL 2020”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Јуни – јули | Министерство за култура; ” ПИК” Продукција Општина Охрид | **150.000,оо ден** |
| **Поддршка на локалните студија за балет** | Приближување на балетската уметност до граѓаните | континуирано | Општина Охрид ; НУЦК” Григор Прличев” | **40.000,оо ден** |
| **Поддршка на локалните студија за модерен танц** | Популаризација на модерните уметности | континуирано | Општина Охрид ; НУЦК “Григор Прличев | **40.000,оо ден** |
| **Поддршка на локалните фолклорни ансамбли и културно – уметничките друштва** | Поддршка на народните песни и ора и приближување до изворната народна музика и игра до граѓаните | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **420.000,оо ден** |
| **<u>ЛИКОВНА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Јубилеј: 75 години Остен (1945-2020) Меѓународна манифестација “Остен-биенале на наградени автори 2020”** | Меѓународна културна промоција на Охрид и доближување на глобалните трендови во уметноста до граѓаните | септември | Влада на РМ; Светска галерија на уметност на хартија “Остен –Биенале на гарадени автори 2020”; Општина Охрид | **200.000,оо ден** |
| **Интернационална ликовна колонија “Трпејца 2020”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | септември | Здружение на граѓани “За Трпејца со љубов”; МЗ Трпејца ; Општина Охрид | **70.000,оо ден** |
| **Поддршка на ликовни изложби** | Приближување на ликовната уметност до граѓаните | континуир ано | НУЦК “Григор Прличев”Општина Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Поддршка на роднокрајни ликовни уметници** | Приближување на ликовната уметност до граѓаните | континуир ано | Општина Охрид | **60.000,оо ден** |
| **Каталог на уметничките дела од традиционалната Осмодекемвриска изложба на роднокрајни уметници** | Културна промоција на Охрид | Ноември-декември | Општина Охрид | **40.000,оо ден** |
| **Поддршка на проектот: “Фондација Менка и Мајкл Клос” (Ликовна заоставштина –трајна сопственост на Општина Охрид)** | Негување и зачувување на охридското ликовно богатство | Септември -октомври | Министерство за култура ; Здружение за историја, литература, издаваштво, еколопгија и еко – туризам “Мацково” – Охрид; Општина Охрид | **80.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО**: | **500.000,оо ден** |
| **Трансфер кон здруженија на граѓани, институции и поединци од областа на културата** | Поддршка на невладиниот сектор од областа на културата | континуир ано | Општина Охрид | 300.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО :** | **300.000,оо ден** |
| **Реализација на активностите согласно Програмата за одбележување празници и манифестации за 2020 година** | Почитување и негување на значајните културно – историски настани и личности од подрачјето на Општина Охрид | Континуир ано | Општина Охрид | 300.000,оо ден |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **ВКУПНО:** | **300.000,оо ден** |
| **Поддршка на активностите согласно Програмата на Сојузот на борци** | Почитување и негување н светлите традиции на НОБ | континуирано | Општина Охрид | 50.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **50.000,оо ден** |
| **Изнајмување простор за одржување на културни настани** | Создавање услови за одржување на манифестации за промоција на охридските таленти како и културна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | 100.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **100.000,оо ден** |
| **Техничка поддршка за реализација на планираните програмски содржини (озвучување, осветлување)** | Техничка поддршка за реализација на програмските активности | 2020 | Општина Охрид | 300.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **300.000,оо ден** |
| **Набавка на опрема за озвучување и осветлување за потребите на Општина Охрид** | Набавка на опрема за реализација на програмските активности | 2020 | Општина Охрид | 500.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **500.000,оо ден** |
| **Набавка на бина за потребите на Општина Охрид** | Набавка на бина за одржување на разни настани од општествено значење за Охрид | 2020 | Општина Охрид | 500.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **500.000,оо ден** |
| **КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ** | | | | |
| **Изработка на проектна документација** | Заголемување на просторните капацитети за непречена работа и развој на здруженијата и поединците од областа на културата | континуирано | Општина Охрид | 500.000,оо ден |
| **Обнова на Домот на култура во Љубаништа** | Подобрување на инфраструктурните услови за развој на културната дејност во Љубаништа | 2020 година | Општина Охрид | 800.000,оо ден |
| **Обнова на Домот на култура во Кошишта** | Подобрување на инфраструктурните услови за развој на културната дејност во Кошишта | 2020 година | Општина Охрид | 1.020.000,оо ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Обнова на Домот на култура во нас.Радојца Новичиќ** | Подобрување на инфраструктурните услови и развој на културната дејност во нас. Радојца Новичиќ | 2020 година | Општина Охрид | 300.000.оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **2.620.000,оо ден** |
| **Санација, одржување и хортикултурно уредување на спомениците и спомен – облежјата** | Почитување на културно-историското наследство | континуирано | Општина Охрид | 250.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **250.000,оо ден** |
| **Идејни решенија, изработка и поставување на спомен – обележја, согласно Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја на Општина Охрид за период од пет години (2019-2024)** | Почитување на културно- историското наследство | 2019г.-2024г. | Општина Охрид | 1.300.000,оо ден |
| | | | **ВКУПНО:** | **1.300.000,оо ден** |
| | | | ***ВКУПНИОТ ИЗНОС НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА (К4) ЗА 2020 ГОДИНА*** | **10.710.000,оо ден** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмта за работа на Советот на Општина Охрид за 2020 година.што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/151**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14,14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**Н А Ц Р Т - П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид, во согласност со одредбите од Законот за локалната самоуправа, Статутот на општината и надлежностите на Советот, програмски ја определува и насочува својата работа со цел да обезбеди услови и можности за целосно и ефикасно остварување на своите функции и благовремено подготвување на предвидените материјали во одредените рокови од утврдените изготвувачи. Притоа, основна задача е да се утврдат најактуелните прашања од животот на граѓаните низ кои ќе се обезбеди натамошен развој на општината Охрид.

Во текот на 2020 година Советот може да ја менува и дополнува Програмата. Ќе се расправа и по други материјали иницирани согласно новите законски надлежности.

Советот ќе расправа и по други прашања од негова надлежност по материјали поднесени од овластени предлагачи и по предлози за избори и именувања од негова надлежност.

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ јануари – февруари - март**

- **Годишен извештај за работата на Советот на општина Охрид за 2019 година**
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка на Советот
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за изработка на Урбанистички планови на општина Охрид за 2019 година**
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште.
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2019 година**.
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за животна средина и управување со отпад
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба на системи за водоснабдување за 2019 година.**

- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за други комунални услуги за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за јавно осветлување за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на паркови и зеленило за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за уредување градежно земјиште за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици.

- **Годишен извештај за работењето на Одделението за даноци за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци

- **Годишен извештај за работењето на Одделението за комунални такси за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални такси

- **Годишен извештај за работата на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита

- **Годишен извештај за работата на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт, млади и невладини организации

- **Годишен извештај за работата на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура

- **Годишен извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за односи со јавност

- **Годишен извештај за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој за 2019 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Годишен извештај за работата на територијалната противпожарна единица Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ТППЕ Охрид

- **Годишен извештај за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: СВР Охрид

- **Усвојување на завршната сметка на буџетот на Општина Охрид и финансиски извештај за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања.

- **Усвојување на завршната сметка и извештај за работата на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“– Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид

- **Усвојување на завршната сметка и извештаи за работа на основните и средните училишта во општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Основни и средни училишта

- **Годишен извештај за работењето во 2019 година и завршна сметка на ЈП „Охридски комуналец“ – Охрид за 2019 гоина..**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид

- **Годишен извештај за работењето во 2019 година и завршна сметка на МЈП „Проаква“ - Струга за РЕ „ВОДОВОД“ - Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „Проаква“– Струга

- **Годишен извештај за работењето во 2019 година и завршна сметка на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „ Билјанини извори “ – Охрид

- **Годишен извештај за работењето во 2019 година и завршна сметка на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Нискоградба Охрид “ - Охрид

- **Годишен извештај за работењето во 2019 година и завршна сметка на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Градски гробишта“

- **Годишен извештај за работењето во 2019 година и завршна сметка на ЈП Градски Пазар - Охрид за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП Градски Пазар

- **Годишна програма за поставување урбана опрема во општина Охрид -2020 година.**

**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ април – мај - јуни**

- **Извештај за остварени приходи и реализација на буџетот, период 1 - 3 месец 2020 година**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања.

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од Секторите во локалната самоуправа основани од Советот:**

- **Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици

- **Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

- **Сектор за туризам и локален економски развој**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од јавните претпријатија во општина Охрид:**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „Проаква“ - Струга РЕ „Водовод“- Охрид<br>
ЈП „Охридски комуналец “ - Охрид<br>
ЈП „ Билјанини извори“ - Охрид<br>
ЈП„Нискоградба Охрид “ - Охрид<br>
ЈП Градски Пазар Охрид<br>
ЈП„Градски гробишта“ - Охрид

- **Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој за 2019 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Центар за развој на Југозападен плански регион.

- **Одлука за организирање на режимот на сообраќајот на дел од територијата на општина Охрид**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за сообраќај и улици<br>
и управување со градежно земјиште

**СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА**

**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ јули – август - септември**

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од јавните претпријатија во општина Охрид:**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „Проаква“ - Струга РЕ„Водовод“ - Охрид<br>
ЈП „Охридски комуналец “ - Охрид<br>
ЈП „ Билјанини извори“ - Охрид

ЈП „Нискоградба Охрид “ - Охрид
ЈП Градски Пазар Охрид
ЈП „Градски гробишта“ - Охрид

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од Секторите во локалната самоуправа основани од Советот:**
  - **Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици

  - **Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

  - **Сектор за туризам и локален економски развој**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Шестмесечен извештај за состојбата во сферата на даноците**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци

- **Шестмесечен извештај за состојбата во сферата на комуналните такси**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални такси

- **Шестмесечен извештај за состојбата во сферата на заштита на животната средина и природата**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад

- **Извештај за реализација и остварени приходи на буџетот за првата половина од 2020 година.**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Извештај за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: СВР Охрид

- **Годишен извештај за постигнати резултати во текот на учебната 2019/2020 година во девет основни училишта на подрачјето на општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Основни училишта

- **Годишен извештај за постигнати резултати во текот на учебната 2019/2020 година во четири средни училишта на подрачјето на општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Средни училишта

- **Годишна програма за работата на основните училишта во учебната 2020 - 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Основни училишта

- **Годишна програма за работата на средните училишта во учебната 2020 - 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Средни училишта

- **Годишна програма за работа на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за 2020– 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ – Охрид

- **Одлуки за формирање паралелки со помал број на ученици во основните и средните училишта.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за образование

- **Одлуки за утврдување нацрт - детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Одлуки за донесување детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Иницијативи за измени на детални урбанистички планови во општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ - октомври – ноември – декември**

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од јавните претпријатија во општина Охрид:**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „Проаква“ - Струга РЕ„Водовод“ - Охрид
ЈП „Охридски комуналец “ - Охрид
ЈП„ Билјанини извори“ - Охрид
ЈП„Нискоградба Охрид “ - Охрид
ЈП Градски Пазар - Охрид
ЈП„Градски гробишта“ - Охрид

- **Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2020/2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за сообраќај и улици

- **Извештај за реализација на буџетот и остварени приходи од 1 до 9 месец 2020 год.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од Секторите во локалната самоуправа основани од Советот**
- Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици ;
- Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште и
- Сектор за туризам и локален економски развој
- **Ребаланс на буџет на општина Охрид - по потреба**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Донесување на буџет на Општина Охрид за 2021 година**
- **Одлука за извршување на буџетот за 2020 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Програма за образование за 2021 година.**
- **Програма за детска заштита за 2021 година.**
- **Програма за социјална заштита за 2021 година.**
- **Програма за здравствена заштита за 2021 година**.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита

- **Програма за невладини организации за 2021 година.**
- **Програма за млади за 2021 година.**
- **Програма за спорт за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт, млади и невладини организации

- **Програма за култура за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ : Одделение за култура

- **Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2021 година**.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

- **Програма за заштита на животната средина и природата за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад

- **Програма за уредување градежно земјиште за 2021 година.**
- **Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2021 година.**
- **Програма за изградба на системи за водоснабдување за 2021 година.**
- **Програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2021 година.**
- **Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2021 година.**
- **Програма за други комунални услуги за 2021 година.**
- **Програма за јавно осветлување за 2021 одина.**
- **Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2021 година.**
- **Програмата за одржување на јавна чистота за 2021 година.**
- **Програма за одржување и користење на паркови и зеленило за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици

- **Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2021 год.**
- **Програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2021 година**.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Програма за работа на територијалната противпожарна единица Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Територијална противпожарна единица

- **Програма за одбележување празници и манифестации за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за култура

- **Програма за работата на ОЈУ„Кузман Шапкарев“- Охрид за учебната 2020/2021 година**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: ОЈУ„Кузман Шапкарев“ Охрид

- **Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2021 година.**
- ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
- ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка на Советот

- **Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2020 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

- **Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: ОСБСП

- **Програма за работа на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината

ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид

- **Програма за тековно работење на МЈП „Проаква“ - Струга за РЕ„Водовод“- Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: МЈП„ Проаква“ - Струга

- **Програма за тековно работење на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Нискоградба Охрид“ – Охрид

- **Програма за работа на ЈП Градски пазар Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: ЈП Градски пазар Охрид

- **Програма за работа на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Градски гробишта“ - Охрид

- **Програма за работа и развој на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид за 2021 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Билјанини извори“ - Охрид

- **Одлуки за утврдување на урбанистичко - планска документација за бесправно изградени објекти во општина Охрид.**
- **Одлуки за утврдување нацрт - детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Одлуки за донесување детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Иницијативи за измени на детални урбанистички планови во општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

**СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА**

Оваа Нацрт- програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/67**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/152**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид “ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ - ПРОГРАМА**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ**
**НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Охрид има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со надлежните локални чинители да превзема специфични мерки за надминување на родовата нееднаквост и унапредувањето на еднаквоста меѓу мажите и жените. Во 2020 година следниве специфични мерки се предлагаат со генерална цел унапредување на родовата рамноправност во Општина Охрид и со следниве специфични цели:

| **1.** | **СЦ 1: Јакнење на јавна свест за родова рамноправност** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цел на под-програмата:граѓаните на Охрид знаат што е родова рамноправност и препознаваат родова нееднаквост** | | | | **Родови индикатори** |
| 1.1. | Подигање на свеста во општинската администрација<br>-обуки<br>-чек листи за партиципативно носење одлуки<br>-трибини | - Координатор за родова еднаквост<br>-Комисија за еднакви можности<br>-Интерсекторска група за родово одговорно буџетирање | 200.000 МКД | Број на мажи и жени обучени за родова еднаквост<br>% на зголемени знаења и вештини за родова еднаквост |
| 1.2 | Подигање на свеста во општинскиот совет<br>-обуки<br>-чек листи за партиципативно носење одлуки<br>-трибини | - Координатор за родова еднаквост<br>-Комисија за еднакви можности<br>-Интерсекторска група за родово одговорно буџетирање | 100.000 МКД | Број на мажи и жени обучени за родова еднаквост<br>% на зголемени знаења и вештини за родова еднаквост |

| **Цел на под-програмата: Да се зголеми свеста за редовни прегледи и да се намали ранливоста на мажите и жените кон одредени заболувања** | | | | **Родови индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| | • Анкета за поставување на почетна вредност на свеста и крајна вредност | -координатор за родова еднаквост<br>-комисија за еднакви можности<br>-интерсекторска група за родово одговорно буџетирање | 180.000 МКД | Број на лица мажи жени според стратифициран примерок |
| 1.3 | Подигање свест за репродуктивно здравје преку организирање на:<br>• трибини<br>• плакати со информативна содржина<br>• кампања со образовни институции<br>• кампања со примарни лекари | -координатор за родова еднаквост<br>-комисија за еднакви можности<br>-интерсекторска група за родово одговорно буџетирање<br>- Сектор за односи со јавност<br>- Сектор за образование<br>- Сектор за социјална заштита<br>-Министерство за | 30.000 мкд | 10 % повисока свест кај мажите и жените за репродуктивно здравје<br>30% поголем број на посети од жени/мажи на гинеколог/уролог |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Здравство | | |
| 1.4 | Подигање на свест за редовен скрининг за рак на матка/дојка и простата<br>• трибини<br>• плакати со информативна содржина<br>• кампања со примарни лекари | - Координатор за родова еднаквост<br>-Комисија за еднакви можности<br>-Интерсекторска група за родово одговорно буџетирање<br>- Сектор за односи со јавност<br>- Сектор за образование<br>- Сектор за социјална заштита<br>-Министерство за Здравство | 30.000 мкд | 50 % зголемен број на посети од жени/мажи на гинеколог/уролог<br>70% навремено откривање на малигни заболувања на дојка, матка и простата |
| 1.5 | Подигање на свест за ризик од зависности<br>• трибини<br>• плакати со информативна содржина<br>• кампања со образовни институции<br>• кампања со примарни лекари<br>• Центар за намалување на штети од зависности | - Координатор за родова еднаквост<br>-Комисија за еднакви можности<br>-Интерсекторска група за родово одговорно буџетирање<br>- Сектор за односи со јавност<br>- Сектор за образование<br>- Сектор за социјална заштита<br>-Министерство за Здравство<br>- МВР | 60.000 мкд + 200.000 мкд (за центар) | 40 % зголемена свест за ризици од зависност<br>50% зголемена информираност за кои услуги се достапни како поддршка за борба со зависности |

**Вкупна вредност на програмата е 800.000,00 денари.**

Оваа Нацрт програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/68**
**29.11.2019**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НАНАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за енергетска ефикасност за 2020 година.што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/153**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 ,10/19 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ- ПРОГРАМА ЗА**
**ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА**

## *Предговор*

Енергетската ефикасност (ЕЕ), во светски размери се повеќе го завзема соодветното место, пред се за ублажување на климатските промени преку подобрувања во градежниот сектор. Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена како Законска обврска и во континуитет за продолжување на проектите за објектите под надлежност на Општината

Превземањето на мерки за енергетска ефикасност од една страна ќе ги ублажи климатските промени, а од друга страна ќе и помогне на економијата со намалување во трошоците наменети за увоз на енергија чија цена на светскот пазар е со тенденција на раст. Во Општината Охрид е формирана комисија за ЕЕ, во која се вклучени стручни вработени од Секторот за комунален развој, од Секторот за Урбанизам, како и од Секторот за животна средина. Потребата од стручни луѓе кои ќе ја следат и промовираат енергетската ефикасност ќе придонесе за заштеда на скапоцената енергија од секаков облик, подобрување на економијата на општината и што е најважно, ќе даде свој придонес кон глобалната стратегија за зачувување на Планетата. Целта на изготвување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид е:

- да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува
- да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината.

За таа цел се реализира континуирана обука на тимот за енергетска ефикасност во општината кој е задолжен да следи, да развива и да се грижи за енергетската ефикасност во општината.

Квалитативните и квантитавните информации беа собрани за зградите во Општината и уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци во оваа програма.

Изготвувањето на Програма за енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во државава, дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

## *1.* Општина Охрид

Целите на Општината се фокусирани на подобрување на условите во образованието и јавните услуги во надлежност на Општината. Стратегијата на Општина Охрид е да се подобри нивото на енергетска ефикасност во објектите од јавен локален карактер. Спроведувањето на истото, Општината ќе го реализира преку повеќе фази, од изработка на тригодишни програми и годишни планови до обезбедување на финансиски средства и реализација. Тоа ќе се постигне со спроведување на проекти за енергетска ефикасност со цел да се зголеми свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето на локална енергетска политика (реализирано е ЈПП за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општината).

## *2.* Постапки за изработка на Програмата за енергетска ефикасност

Преку реномираната проектантска фирма МАЦЕФ од Скопје, имаме аплицирано во меѓународни донаторски фондови, за добивање на 100% грантови средства, за изработка на комплетна програма за ЕЕ на Општината, преку собирање на податоци, нивна обработка, обработка на сите резултати од пресметките и дефинирање на предлози за модернизација на енергетските системи врз основа на анализираните податоци.

Целокупната изработка на Програмата има неколку основни целини:

- собирање податоци за состојбата на системите и енергетската потрошувачка
- изработка на листа на предлог мерки за енергетска ефикасност
- динамички план за остварување на целите по усвоена методологија
- финансиски план за спроведување на предвидените мерки

Со ова покрај констатирањето на состојбата, согледани се сите можни потенцијали за заштеда.

Приоритетите се рангираат според следните критериуми:

- Висината на специфична потрошувачка на енергија: 60%
- Број на опслужени луѓе во објектот: 20%
- Големина на објектот: 10%
- Степен на дотраеност на објектот: 10%

Врз основа на горните критериуми и приоритети ќе се врши следење на евентуалните промени на податоците од базата на податоци како и нејзино редовно ажурирање, со цел доколку се интервенира во одреден објект да се види ефектот од

интервенцијата преку следење и анализирање на мерењата на потрошувачката на енергија и добиените резултати.

## 3. Сегашна енергетска состојба

Снабдувањето со електрична енергија во Општина Охрид се врши од електроенергетскиот систем и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа.

Напојувањето со електрична енергија на Општината се врши преку неколку напојни постројки, а најголеми се:

* Трафостаница 110/10 kV "Охрид 1"
* Трафостаница 110/10 kV "Охрид 2"
* Три електрични мали хидроцентрали со вкупна снага од 2 MVA

Во рамките на Општината не постои поголем извор за производство на електрична енергија, односно постојат две поголеми трафостаници 110/10 kV , како и три мали хидроцентрали изградени во месноста Рамне.

Општината Охрид, во текот на 2019 година, преку Комисијата за ЕЕ аплицираше и доби донација (преку Министерството за Финансии) на три фотоволтаични централи, секоја со снага од 15 кВА. Истите се поставени на три објекти од јавен карактер: на општинската зграда како и на училиштата во Пештани и Велгошти. Од споредбените месечни табели може да се види значителна заштеда на ел. енергија.

За снабдување со топлинска енергија за општинските објекти се користи нафта за греење и огревно дрво и електрична енергија во одредени случаи.

## 4. База на податоци и извор на информации

Реализацијата на стратегијата за ЕЕ не е возможна без соодветни податоци за правење на процени и анализи врз основа на кои може да се донесуваат одлуки. Врз основа на изградена база на податоци може лесно, ефикасно и во секој момент да се направат различни видови на анализи и да се следат промените на потрошувачката на енергија во објектите во општината.

Базата на податоци се користи за да се даде приоритет за спроведување активности на зградите со голема потрошувачка на електрична енергија за нивен преглед и развој во проекти за енергетска ефикасност.

Во базата на податоци на Општина Охрид идентификувани се следните сектори и целни групи: Административни згради, Основни и Средни училишта, Детски градинки и Улично осветление.

## 5. Инвестиции

Во општина Охрид има потенцијал за енергетска ефикасност, а пред се поради зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и состојбата во која се наоѓаат објектите на Општината.

Вкупните потреби предвидени за спроведување на претходната програма за енергетска ефикасност во Општина Охрид беа значително поголеми од средствата предвидени во Општинскиот буџет, односно од реализираните активности. Помал дел од тие вкупни потребни средства беа предвидени во буџетот на Општината како сопствени средства, а останатите средства за реализација на програмата беа планирани од надворешни извори.

При тоа, од слични причини, односно од потребата да годишната програма соодветствува пред се на реалните можности, се планира за следната 2020 година потребата од сопствени средства да изнесува 800.000 денари, а останатите средства се планира да се обезбедат од надворешни извори.

Инвестициите се планира да се добијат од различни извори дадени во следната табела.

| **Тип** | **Извор** | **предвидени средства за Енергетска Ефикасност** |
|---|---|---|
| | | (ден/год.) |
| **Сопствени средства** | Општински Буџет за 2020 година | 800.000,00 |
| **Надворешни извори (капитал)** | Донатори, локални банки и фондови | ------ |
| **Вкупно:** | | 800.000,00 |

Вкупните потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот до крајот на 2020 година е 800.000,00 денари како инвестиција за реализација на горенаведените Проекти, каде што учеството на Општината се сведува на:

- инвестирање во изработка на проектна документација, односно на тригодишната програма за ЕЕ 2020-2022 како и Годишен План за ЕЕ за 2020 г.

- санација на општинските објекти, за мали и (или) ургентни потреби.

Секако, останува можноста (ако се јави таква потреба) за релокација на инвестициите, во рамките на предвидените средства.

Како се уште нова гранка, енергетската ефикасност се судира со други проблеми во смисла на првично трасирање на процедурата која ќе овозможи системска имплементација на потребните мерки во сите фази (носење на буџет, следење и анализа на состојбите, изработка на соодветна техничка документација, апликација, па се до реализација на Проектите).

6. **Критериуми за прифатливост на проекти**

Во основа, финансиски извори ќе се обезбедуваат за проекти кои:

- Покажуваат економска корисност за инвестиции во енергетска ефикасност
- Имаат економска оправданост создадена преку енергетски заштеди
- Генерираат корист за животната средина преку намалена емисија на стакленички гасови и атмосферски загадувачи
- Покажуваат техничка возможност на системите за енергетска ефикасност
- Имаат јасна временска рамка за период на враќање на инвестицијата
- Имаат спонзори на проектот (ЕСКО, фондови, финансиски инструменти, донаторски организации, инженерски фирми) кои имаат технички и менаџерски способности за успешно раководење и завршување на проектот.

## 7. Прифатливи типови на проекти за ен. ефикасност

Општината Охрид прифаќа широка дефиниција за енергетска ефикасност која опфаќа голем спектар на технологии и опрема за заштеда на енергија. Потенцијалните проекти можат да бидат имплементирани во образовните и други општинските објекти или јавното улично осветление со следните програми и годишни планови за енергетска ефикасност.

## 8. Долгорочни цели

Очекуваните резултати од преземените мерки за ЕЕ на Општината се:

- намалување на просечната потрошувачка на енергија ( kWh/m2 )
- намалување на делот за енергија во општинските инвестиции при стандардно подобрено ниво на удобност во училиштата , градинките и јавните објекти во надлежност на Општината
- намалување на емисиите на CO2 во атмосферата
- навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање
- користење на обновливи извори на енергија

Активностите преку кои Општината ќе ги реализира наведените цели се:

- среднорочни и долгорочни планирања на потрошувачката на енергија
- одржување на базата на податоци
- мерење и следење на потрошувачката на енергија
- следење и применување на најдобрите пректики од областа на ЕЕ
- користење на обновливи извори на енергија
- изнаоѓање на финансиски средства за реализација на проекти

## 9. Контрола на програмата

Потрошувачката на енергија воповеќето згради е за 25-35% повисока отколку што е потребно за да се одржи посакуваното ниво на комфорт. Бидејќи овие објекти имаат голем потенцијал за заштеда на енергија, потребно е спроведување на мерките за енергетска ефикасност како што се замена / поправка на прозори, изолација, поефикасно осветлување, автоматска контрола на греење, со цел да потрошувачката на енергија се намали на оптимално ниво.

Со цел да овозможи да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, се планираат мерења во различни временски периоди и споредба на резултатите со пресматаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачката на енергија (топлинска и електрична),
- Споредба на условите во објектите (температурни разлики, степенот на осветленост и влажност),
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за енергија.

## 10. Резиме

Политиката на Општината, во областа на енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност, усогласена со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Активностите на Општина Охрид ќе се насочат кон реализација на главната цел на политиките на ЕУ, односно намалување на годишната потрошувачка на примарна енергија, согласно предложените мерки од Европската

комисија, за зголемување на ефикасноста во сите сегменти во синџирот на енергија: генерација, трансформација, дистрибуција и финална потрошувачка.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/69**
**29.11.2019 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за одржување јавна чистота за 2020 година. што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/154**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на Законот за јавна чистота ( „Сл.весник на РМ“ бр.111/08,130/10,23/11,53/11,80/12,163/13,44/15 и 147/15) Законот за локална самоуправата („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, донесе:

**НАЦРТ - П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**Вовед**

Оваа програма ја спроведува Одделението „Јавна хигиена“ од Р.Е.„ Комунална хигиена“, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање хартија и други отпадоци;
- Празнење корпи за отпадоци;
- Прскање и миење улици во летен период.

  *) Како јавно прометни површини кои ги одржува ооделението„Јавна чистота“ се подразбираат:

- *Улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта на кои не се наплатува надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, детски игралишта.*

**Содржина на програмата**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа:

1. Извори на финансирање на програмата ;
2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата;
3. Организација и динамика на извршување на редовните активности;
4. Трошоци за одржување на јавната чистота;
5. Преглед на обемот на работа на годишно ниво и пресметка на трошок за одржување на јавна хигиена за 2020 година

   А) Редовни активности и

   Б) Вонредни активности .

**1. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за одржување јавна чистота се финансира од извори на средства утврдени со Закон, преку планирање на буџетот за 2020 година. За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок . Висината на надоместокот за одржувањето на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територијата на општина Охрид и потребата – обемот за одржување на јавната чистота во зависност од местоположбата на домаќинствата, односно седиштата на правните лица како и видот на дејноста што ја вршат, кои се утврдуваат со Одлуката за утврдување на надоместокот за одржување јавна чистота усвоена од Советот на општина Охрид.

**2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата**

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработка на оваа програма се стручните служби од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, а ја спроведува Одделението „Јавна хигиена“ од Р.Е. „Комунална хигиена“, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на општина Охрид

**3. Организација на извршување на редовни активности**

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно;
- Исто така во оваа категотија во месеците јули и август влегуваат и туристичките места и тоа: с.Трпејца, с.Пештани, нас.„Лагадин“, нас.„Св.Стефан“, плажата „Сараиште“, „Лабино“ и „Грашница“ заради зголемениот прилив на туристи, како и с.Велгошти заради големиот број на манифестации и турнири кои се организираат во тој период.

***Улици од I категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *m2* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„7.Ноември“ | 12.000 |
| 2. | ул.„Македонски Просветители“ | 6.500 |
| 3. | Булевар„Туристичка“ дел | 10.000 |
| 4. | ул.„Цар Самуил“ | 4.850 |
| 5. | ул.„Коста Абраш“ | 4.200 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 6.000 |
| 7. | ул.„Партизанска“ | 8.400 |
| 8. | ул.„Димитар Влахов“ | 8.840 |
| 9. | ул.„Гоце Делчев“ ( до „А.Емин “) | 1.890 |
| 10. | ул.„Јане Сандански“ | 14.315 |
| 11. | ул.„Илинденска“ | 4.232 |
| | ***Вкупно:*** | ***81.227*** |

- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се мијат** секој втор ден, а се метат рачно и машински;

***улици од II категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *m2* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Кирил и Методи“ | 3.600 |
| 2. | ул.„Кузман Капидан“<br>ул.„Б.Шотра“<br>ул.„Браќа Миладиновци“ | 7.089 |
| 3. | ул.„Мите Богоески“ | 1.500 |
| 4. | ул.„Бистрица“ | 7.300 |
| 5. | **ул.„АСНОМ“** | **8.812** |
| 6. | **ул.„В.Стефоски“** | **6.387** |
| 7. | **ул.„Боро Шаин“** | **1.348** |
| 10. | **Бул.„Туристичка“ дел** | **3.000** |
| 11. | **ул.„Даме Груев“** | **4.600** |
| 12. | **ул.„Кочо Рацин“** | **1.896** |
| 13. | **ул.„К.Јосифоски“** | **3.100** |
| 14. | **ул.„М.Несторoски“** | **8.256** |
| 15. | **ул.„М.Патчев“** | **918** |
| 16. | **ул.„П.Чауле“** | **1.413** |
| 17. | **У..„П.Гули“** | **9.200** |
| 30. | **ул.„Рашанец“** | **606** |

| | | |
|---|---|---|
| 31. | **ул.„Серафим Китаноски“** | **1.450** |
| 34. | **ул.„Страшо Пинџур“** | **1.240** |
| 37. | **ул.„Војдан Чернодрински“** | **1.000** |
| | *Вкупно:* | *72.715* |

- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат двапати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;

***улици од III категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *m2* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Абас Емин“ | 9.500 |
| 2. | ул.„Ариф Мустафа“ | 3.922 |
| 3. | ул.„Аџи Мустафа“ | 3.130 |
| 4. | Ул.„В.Главинов“ | 4.000 |
| 5. | **ул.„Дејан Војвода“** | **6.709** |
| 6. | **ул.„Караорман“** | **1.421** |
| 7. | **ул.„Кленоец“** | **14.190** |
| 8. | **ул.„Крали Марко“** | **6.659** |
| 9. | **ул.„Крум Точко“** | **3.520** |
| 11. | **ул.“Марко Цепенков“** | **10.875** |
| 12. | **ул.„Никола Петров Русински“** | **2.453** |
| 13. | **ул.„Пере Тошев“**<br>ул.„Петар Попарсов“ | **7.457** |
| 14. | **Станбен комплекс „Даљан“**<br>ул.„Сатеска“<br>ул.„Т.Трајчески“<br>ул.“Мичо Гилиќ“ | **12.720** |
| 15. | **Ул.„К.Охридски“**<br>Ул.„11-ти Октомври“<br>Ул.„Д.Маленко“<br>Ул.„К.Иниверзитет“<br>Ул.„О.Архиепископија“ | **5.022** |
| 16. | **ул.„Славеј Планина“** | **9.071** |
| 17. | **ул.„Стив Наумов“** | **10.000** |
| 18. | **8-ми Септември** | **6.261** |
| 19. | **ул.„8 Март“** | **3.040** |
| 20. | **„Охридати“** | **11.400** |
| 21. | **ул.„Шар Планина“** | **1.060** |
| 22. | **Ул.„А.Маринчев“** | **1.531** |
| 23. | **Ул.„Егејска“** | **4.683** |
| 24. | **Ул.„Галичица“** | **7.996** |

| | | |
|---|---|---|
| 25. | **Ул.„В.Николески“** | **3.250** |
| 26. | **Ул.„К.Војвода“** | **6.741** |
| 27. | **Ул.„Л.Трпоски“** | **3.677** |
| 28. | **Ул.„М.Ацев“** | **6.521** |
| 29. | **Ул.„Нада Филева“** | **2.990** |
| 30. | **Ул.„Никола Карев“** | **7.047** |
| 31. | **Ул.„С.Војвода“** | **3.480** |
| 32. | **Станбен комплекс Расадник** | **8.385** |
| 33. | **Станбен комплекс Х.Узунов** | **6.200** |
| 34. | **Ул.„В.Питошески“** | **7.000** |
| | *Вкупно:* | *201.911* |

- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.

***улици од IV категорија***

| **реден број** | ***име на улица*** | ***m2*** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„1Мај“ | 2.600 |
| 2. | ул.„I Македонска ударна бригада“ | 8.500 |
| 4. | ул.„130“ | 4.843 |
| 5. | ул.„15.Корпус“ | 9.220 |
| 6. | ул.„6.Бригада“ | 476 |
| 8. | ул.„Железничка“ | 32.355 |
| 9. | ул.„Андреа Јованоски“ | 4.646 |
| 10. | ул.„Александар Гушо“ | 2.120 |
| 11. | ул.„Александар Турунџиев“ | 3.850 |
| 12. | ул.„Андон Дуков“ | 2.120 |
| 13. | ул.„Бекир Али Риза“ | 2.220 |
| 14. | ул.„28 Април“ | 5.100 |
| 15. | ул.„Будва“ | 6.700 |
| 16. | ул.„Дебарца“ | 1.400 |
| 17. | ул.„Јабланица“ | 2.320 |
| 18. | ул.„Махмут Рифат“ | 1.970 |
| 19. | ул.„Живко Чинго“ | 9.373 |
| 20. | ул.„Малесија“ | 1.550 |
| 21. | ул.„Момчило Јорданоски“ | 7.997 |
| 22. | ул.„Ѓорче Петров“ | 4.000 |
| 23. | ул.„Мирка Гинова“ | 2.800 |
| 24. | ул.„АРМ“ | 1.550 |
| 25. | ул.„Париска Комуна“ | 7.200 |
| 26. | ул.„Партизански Одреди“ | 1.360 |
| 27. | ул.„Димо Хаџидимов“ | 1.880 |
| 28. | ул.„Охридска Бригада“ | 3.960 |

| | | |
|---|---|---|
| 29. | ул.„Петрино“ | 2.800 |
| 30. | ул.„Прилепска“ | 3.730 |
| 31. | ул.„Радоица Новичиќ“ | 16.600 |
| 32. | ул.„Ристо Чадо“ | 6.600 |
| 33. | ул.„Спас Банџов“ | 898 |
| 34. | ул.„Српница“ | 212 |
| 35. | ул.„Трајче Дојчиноски“ | 2.100 |
| 36. | ул.„Вангел Николоски“ | 3.000 |
| 37. | ул.„Богомилска“ | 8.753 |
| 38. | ул.„Веле Марков“ | 2.120 |
| 39. | ул.„Винковачка“ | 2.390 |
| 40. | ул.„Ѓорѓи Сугарев“ | 1.400 |
| 41. | Ул.„Боро Шаин“<br>Ул.„Г.Прличев“ | 1.348 |
| | ***Вкупно:*** | ***184.061*** |

- Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

| **реден број** | ***населено место*** |
|---|---|
| 1. | с.Лескоец |
| 2. | с.Косел |
| 3. | с.Куратица |
| 4. | с.Трпејца |
| 5. | с.Г.Лакочереј |
| 6. | с.Д.Лакочереј |
| 7. | с.Орман |
| 8. | с.Пештани |
| 9. | с.Подмоље |
| 10. | с.Љубаништа |
| 11. | с.Велгошти |
| 12. | нас.„Лагадин “ |
| 13. | нас. „Исток“ |
| 14. | нас.„Елшани“ |
| 15. | нас.„Рача“ |
| 16. | нас. „ Долно Коњско “ |
| 17. | нас. „ Св.Стефан “ |
| 18. | нас.„Елешец “ |

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - миење улици 184 дена;
  - празнење корпи за отпадоци 365 работни дена.
- **II категорија -**
  - метење 184 работни дена;

- миење улици 60 дена.

- **III категорија -**
  - метење двапати неделно;
  - миење улици 40 дена.
- **IV категорија -**
  - метење еднаш неделно;
  - миење улици 20 дена.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05 до 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за отпадоци го вршат по тројца работници во две смени од 11 до 17 часот и од 17 до 23 часот. Во летниот период од 15 јули до 15 септември, собирањето хартија и празнењето на корпите за отпадоци го вршат по тројца работници во две смени од 12 до 18 часот и од 18 до 24 часот. Исто така во петок, сабота и недела во истиот период заради зголемениот обем на работа уште двајца работници вршат празнење на корпите за ѓубре на потегот од градското пристаниште до мостот на каналот Билјанини извори, каналот до Билјанини извори и рекреативната патека до суводолицата Рача. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02 до 08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – „јапонер“.

Пешачката патека од Самуилова тврдина, до ОУ„Св.Климент Охридски “ во населбата „Даљан“ се чисти секој петок и понеделник, а во сезона секојдневно се врши празнење на корпите за отпадоци.

За 2020 година предвидено е и собирање хартија и празнење корпи за отпадоци во периодот од 15 јули до 15 септември да го вршат по двајца работници во трета смена односно од 24 до 06 часот на потегот од плоштад „Св.Климент Охридски“, чаршијата до чинарот на раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ со ул.„Абас Емин“, Кеј„Македонија“, ул.„М.Просветители“, „Партизанска“, „Д.Влахов“ и од постојка на Бул.„Туристичка кај мини -маркет до постојка кај раскрсница со ул.„Абас Емин“.

4. **Трошоци за одржување јавна хигиена**

***Вредност на работна рака по час***

| | ден/час |
|---|---|
| 1. метач . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | 170,00 ден/ час |

***Вредност на работна рака по м2***

| | ден/м2 |
|---|---|
| 1. метење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | 0,08 |
| 2. прскање. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | 0,06 |
| 3. машинско метење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . | 0,06 |

***Вредност на основни средства по час***

1. цистерна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 1.750,00 ден/тура
2. „ТАМ “- кипер. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 880,00 ден/тура
3. трактор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 880,00 ден/тура
4. товарувач „RD“-130. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .= 2.000,00 ден/час
5. „фиат хитачи FB100“ .2. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 1.950,00 ден/час
7. метачка. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 1.750,00 ден/час

**Напомена :** Димензионирањето на работна рака за одржувањето на јавната чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на општина Охрид бр.08-16084/3 од 15.11.2018 год.

## 5. Преглед на обем на работа на годишно ниво и пресметка на трошок за одржување јавна хигиена 2020 год.

### А) Редовни активности

| *Вид на интервенција* | *категорија* | *површина* | *Денови на интервенција* | *Вкупна год. површина м2* | *Цена по м2* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Рачно метење | I | 81.227 | 365 | 29.647.855 | 0,08 | 2.371.828,00 |
| Рачно метење | II | 72.715 | 184 | 13.389.560 | 0,08 | 1.070.364,00 |
| Рачно метење | III | 201.911 | 60 | 12.114.660 | 0,08 | 969.172,00 |
| Рачно метење | IV | 184.061 | 30 | 5.521.830 | 0,08 | 441.746,00 |
| Миење | I | 81.227 | 184 | 14.945.768 | 0,06 | 896.746,00 |
| Миење | II | 72.715 | 60 | 4.362.900 | 0,06 | 261.774,00 |
| Миење | III | 201.911 | 40 | 8.076.440 | 0,06 | 484.586,00 |
| Миење | IV | 184.061 | 20 | 3.681.220 | 0,06 | 220.873,00 |
| | | | | | **Вкупно:** | **6.717.089,оо** |

### Б) Вонредни активности

| *Вид на интервенција* | *Вкупно часови на интервенција/ Тури на транспорт* | *Цена* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| Чистење реса | 2.500 часа<br>400 тури | 170,00<br>880,00 | 425.000,00<br>352.000,00 |
| Собирање угинати животни | | | 200.000,00 |
| Чистење на Езерото од муљ и багерување на кеј | 15 часа | 1.950,00 | 292.500,00 |
| Чистење лист<br>Подигање и транспорт | 2.900 часа<br>180 тури | 170,00<br>880,00 | 493.000,00<br>158.400,00 |
| Одржување на плажи кои не се под концесија | 2.200 часа | 170,00 | 374.000,00 |
| | | **Вкупно:** | **2.294.500,00** |

**Напомена:** Количините за вонредни активности се добиени споредбено со минати години

| | |
|---|---|
| **Редовни активности** | **6.717.089,оо** |
| **Вонредни активности** | **2.294.500,00** |
| **Одржување и чистење на други површини** | **1.000.000,00** |
| **Набавка на возила за зимско одржување** | **1.300.000,00** |
| **Вкупно за 2020 година** | **11.311.589,00** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/70**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**,Нацрт Програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/155**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид “ бр 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19) и Комуналниот ред на Општина Охрид ( „Сл.гласник“ бр.9/13) и Законот за урбано зеленило („Сл.весник“ бр. 11/18 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, донесе:

**НАЦРТ - П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2020 ГОДИНА**

Вовед

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која треба да се одржува изнесува 80.226 $m^2$.

Површините на јавно зеленило кои треба да се одржуваат по видови изнесуваат:

- паркови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49.965 m$^2$
- скверови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 m$^2$
- зеленило долж сообраќајници. . . . . . . . . . . . . 13.340 m$^2$
- зеленило во жардињера на Бул.„Туристичка“ 3.500 бр.
- зеленило во жардињера на ул.„Железничка“ 4.000 бр.
- парк шуми во вонградско зеленило. . . . . . . . . . 340.000 m$^2$
- дрвореди долж сообраќајници (број на стебла) . 1.564 бр.
- Зеленило кај пешачка патека канал на Б.Извори . . . 3.000 m$^2$
- Кружни текови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.109 m$^2$
- Парк пред нас.Рача . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.500 m$^2$
- Зеленило во жардињери на рекреативна патека од канал на Б.Извори до канал кај ресторан „Парк“ . 112 m$^2$

Градското зеленило се одржува на површина од 56.325 m$^2$ која е во центарот на градот, како и на површина од 3.500 m$^2$ кај пешачка патека пред нас.Рача и на површина од 3.000 m$^2$ кај каналот на Билјанини Извори. Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење. Исто така на сите јавни површини се врши кроење на дрвниот фонд заради нивна превентива од оштетување од временски неприлики, болести и штетници, како и отстранување на опасни дрва заради заштита на материјални добра и луѓе.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 m$^2$, во жардињерата на ул.„Железничка“ со 4.000 садници, како и во жардињерите на пешачката патека од канал на Билјанини Извори до канал на суводолица од 112 m$^2$ , се одржуваат со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Кружните текови се засадуваат со сезонско цвеќе кое редовно се одржува и наводнува.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 m$^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

**Содржина на Програмата**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа:

6. Извори на финансирање на програмата,
7. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата.
8. Површини на градско и вонградско зеленило кои ќе се одржуваат во 2020 година,
9. Пресметка на вредноста на извршената работа,
10. Календар за работа на јавната зеленило за 2020 година
11. Интензитет на одржување на јавното зеленило за 2020 година

12. Подигање / реконструкција на парковски површини и реконструкција на дрвореди со засадување на нови садници

**1. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за подигање и одржување на јавното зеленило се финансира од извори на средства утврдени со Закон, преку планирање на буџетот за 2020 година. Изворите за финансирање на оваа програма опфаќаат:

А) Средства за подигање и реконструкција на јавното зеленило:

- Приходи за надоместок за уредување на градежно земјиште во делот за заедниќка комунална потрошувачка во минимален износ до 2,5 %,
- Приходи од комунална такса за користеењ на јавни зелени површини за манифестации,
- Приходи од надоместокот за поставување рекламни паноа и истакнување на фирми на јавни зелени површини во минимален износ од 5 % на посебна наменска сметка
- Приходи по основ на донации
- Кредити и заеми

Б) Средства за одржување и заштита на јавното зеленило:

- надоместок за индивидуална комунална потрошувачка во согласност со законот за комунални дејности,

- други извори

**2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата**

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработка на оваа програма се стручните служби од Секторот за комунален развол, сообраќај и улици, а ја спроведува Одделението Паркови и зеленило, а се однесува на годишно одржување на паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др на територијата на Општина Охрид

**3. Површини на градско и вонградско зеленило кои ќе се одржуваат во 2020 година**

**Градско зеленило**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***m²*** |
|---|---|---|
| 1. | **“Стара бана“** | 100 |
| 2. | **Плоштад** | 2.500 |
| 3. | “Дом на култура”- према езеро | 1.665 |
| 4. | “Дом на култура”- западна страна | 3.300 |
| 5. | “Кеј Македонија“ прелази, тротоари | 18.900 |
| 6. | Сквер на ул.„Јане Сандански“ и „Питу Гули“ | 3.160 |
| 7. | Парк „Мазија“ | 23.000 |
| 8. | Ул.„7-ми Ноември“ | 3.200 |
| 9. | Бул.„Туристичка“ | 13.340 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Жардињера на Бул.“Туристичка“ | 1.350 |
| 11. | Жардињера ул.„Железничка“ | 2.000 |
| 12. | Парк пред нас.Рача | 3.500 |
| 13. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со “АСНОМ“ | 314 |
| 14. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со “Бистрица“,„М.Просветители“,„С.Наумов“, „А.Емин“,„Ј.Сандански“ | 795 |
| 15. | Жардињера кај рекреативна патека | 112 |
| 16. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 3.000 |

***Вкупно: 80.226m²***

**Дрвореди**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***бр.*** |
|---|---|---|
| 1. | **Бул.„Туристичка“** | 968 |
| 2. | **ул.„Јане Сандански“** | 90 |
| 3. | ул.„Партизанска“ | 80 |
| 4. | ул.„Димитар Влахов“ | 80 |
| 5. | ул.„Македонски Просветители“ | 80 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 146 |
| 7. | Канал Билјанини извори | 32 |
| 8. | ул.„Марко Цепенков“ | 30 |
| 9. | ул.„АСНОМ“ | 30 |
| 10. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 28 |

***Вкупно: 1.564 бр.***

**Вонградско зеленило**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***m²*** |
|---|---|---|
| 1. | **„Кале“** | 340.000 |

***Вкупно: 340.000 m²***

**4. ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА**

- машинско косење на тревник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1,82 ден./m²
- собирање на трева по машинско косење со изнесување собрана трева . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,50 ден./m²
- полевање тревници и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . 0,30 ден./m²
- чистење на трева од лист со изнесување . . . . . . . . . . . . . . . 3,20 ден./m²
- садење на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . 23,30 ден/бр.
- Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење . . . . . . . . . 4,58 ден./ m²
- прашење на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19,50 ден./m²
- полевање на сезонско цвеќе .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,48 ден./m²

- окопување дрвја и грмушки . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15,93 ден./бр.
- Одржување на жардињери . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
  Полевање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. 0,48 ден./$m^2$

  Плевење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. 15,93 ден./$m^2$
- кроење трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15,00 ден./бр.
- кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . 15,00 ден./бр.
- Кроење на дрјва со одвоз на гранки . .. . . . 810,00 ден./бр.
- собирање хартија и отпадоци . . . . . . . . . . . . . . . . 0,06 ден./ $m^2$
- косење трева со грбна косачка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2,50 ден./$m^2$
- чистење на трња и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 250,00 ден./час

---

**Напомена :** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавна чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.08-16084/3 од 15.11.2018 год.

5. **КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2020 ГОДИНА**

| ***Вид на операција*** | ***Јан.*** | ***Фев.*** | ***Март*** | ***Апр.*** | ***Мај*** | ***Јуни*** | ***Јули*** | ***Авг.*** | ***Септ.*** | ***Окт.*** | ***Ноем.*** | ***Дек.*** | ***Вк.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење и собирање трева со изнесување<br>-паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-круж.текови<br>- Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | | | 2<br>2<br>2<br>1<br>2<br>2 | 3<br>3<br>3<br>2<br>2<br>2 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 3<br>3<br>3<br>2<br>2<br>2 | 2<br>2<br>2 | | | 26<br>26<br>26<br>17<br>14<br>18 |
| Полив.трева, дрва и гр. | | | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | | | | 23 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | | | 1 | 1 | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 1 | | | 20 |
| Чистење трева од лист со изнесување | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Садење сезонско цвеќе | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Окопување дрва и грмушки | | | 1 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Окопување трендафили | | | 1 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Одржување на жардињери | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | 4 |
| Кроење-режење грмуш. | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Кроење режење тренд. | | 1 | | | | | | | | | | 1 | 2 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | 1 | | | | | | | | | | | | 1 |
| Собир.харт.и отпадоци | 16 | 14 | 16 | 15 | 16 | 15 | 16 | 16 | 15 | 16 | 15 | 16 | 186 |

НАПОМЕНА: Операциите садење цветни површини со операциите ѓубрење и расадување, како и кроење дрвореди и кроење-режење на трендафили и грмушки можат да се вршат и во други периоди од годината во зависност од временските услови

**6. ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2020 ГОДИНА**

| *Вид на операција* | *Единица мера* | *Количина* | *Број пати* | *Вкупна количина* | *Цена* | *Вкупен износ* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева и собирање трева со изнесување<br>-паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-кружни текови<br>-канал Б.Извори | $m^2$ | 49.465<br>13.340<br><br>6.360<br>3.500<br>1.109<br>3.000 | 26<br>26<br><br>26<br>17<br>14<br>18 | 1.286.090<br>346.840<br><br>165.360<br>59.500<br>15.526<br>54.000 | 1,82 | 2.340.684,00<br>631.249,00<br>300.955,00<br>108.290,00<br>28.257,00<br>98.280,00 |
| Поливање трева, дрва и грмушки | $m^2$ | 49.465 | 23 | 1.137.695 | 0,3 | 341.308,00 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 20 | 989.300 | 0,5 | 494.650,00 |
| Чистење трева од лист со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 2 | 98.930 | 3,2 | 316.576,00 |
| Садење сезонско цвеќе | бр. | 20.000 | 2 | 40.000 | 23,3 | 932.000,00 |
| Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | $m^2$ | 3.000 | 2 | 6.000 | 4,58 | 27.480,00 |
| Прашење сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | 19,5 | 234.000,00 |
| Полевање сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | | 5.760,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 0,48 | |
| Окопување на дрва и грмушки | бр. | 9.064 | 2 | 18.128 | 15,93 | 288.779,00 |
| Одржување на жардињери<br>Полевање<br>Плевење | <br>$m^2$<br>$m^2$ | <br>4.000<br>4.000 | <br>4<br>4 | <br>16.000<br>16.000 | <br>0,48<br>15,93 | <br>7.680,00<br>254.880,00 |
| Кроење-режење грмуш. | Бр. | 9.300 | 2 | 18.600 | 15 | 279.000,00 |
| Кроење режење тренд. | Бр. | 1.100 | 2 | 2.200 | 15 | 33.000,00 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | бр | 782 | 1 | 782 | 812 | 634.984,00 |
| Собир.харт.и отпадоци | пати | 49.465 | 186 | 9.200.490 | 0.06 | 552.029,00 |
| **Вкупно** | | | | | | **7.909.841,00** |

Покрај горенаведените сктивности предвидени се и активности околу одржување ( косење на трева со грбна косачка ) и на улици и населби во поширокото градско подрачје.

| **Улица** | ***бр.пати*** | ***м*** | ***цена*** | ***вкупно*** |
|---|---|---|---|---|
| ул.„АСНОМ“ | **4** | **1.200** | **2,5** | **12.000,00** |
| ул.„Марко Цепенков“ | **2** | **1.000** | **2,5** | **5.000,00** |
| ул.„Егејска“ | 2 | 530 | 2,5 | 2.650,00 |
| ул.„Гоце Делчев“ | 6 | 1.700 | 2,5 | 25.500,00 |
| ул.„С.Војвода“ | 3 | 450 | 2,5 | 3.375,00 |
| ул.„15-ти Корпус“ | 3 | 1.000 | 2,5 | 7.500,00 |
| ул.„Галичица“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Н:Карев“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Кленоец“ | 3 | 1.300 | 2,5 | 9.750,00 |
| ул. „А.Маринчев“ | 2 | 400 | 2,5 | 2.000,00 |
| ул.„Железничка“ | 2 | 1.700 | 2,5 | 8.500,00 |
| нас.„Х.Узунов“ | 3 | 560 | 2,5 | 4,200,00 |
| нас.„Даљан“ | 5 | 1.450 | 2,5 | 18.125,00 |
| нас.„Св.Стефан“ | 2 | 450 | 2,5 | 2.250,00 |
| с.Пештани | 2 | 1.500 | 2,5 | 7.500,00 |
| нас.„Варош“ | 8 | 1.600 | 2,5 | 32.000,00 |
| Сооб.клучка | 5 | 6.400 м2 | 1,82 | 58.240,00 |
| Спомен парк на Револуција | 2 | 300 | 2,5 | 1.500,00 |
| дворно место на Општина Охрид | 12 | 1.350 м2 | 1,82 | 29.484,00 |
| нас.„Гоце Делчев“ | 3 | 870 | 2,5 | 6.525.00 |
| с.Трпејца | 2 | 560 | 2,5 | 2.800,00 |
| с.Лакочереј | 2 | 650 | 2,5 | 3.250,00 |
| с.Лескоец | 2 | 1.100 | 2,5 | 5.500,00 |
| с.Косел | 2 | 1.000 | 2,5 | 5.000,00 |
| с.Велгошти | 2 | 1.900 | 2,5 | 9.500,00 |
| нас.„Рача“ | 2 | 690 | 2,5 | 3.450,00 |
| нас.„Лагадин“ | 2 | 810 | 2,5 | 4.050,00 |
| с.Свиништа | 1 | 1.500 | 2,5 | 3.750,00 |
| с.Опеница | 1 | 740 | 2,5 | 1.850,00 |
| с.Куратица | 1 | 4.300 | 2,5 | 10.750,00 |
| с.Љубаништа | 2 | 1.200 | 2,5 | 3.000,00 |
| **Вкупно:** | | | | **297.999,00** |

За одржување на локалитетот „Кале“ потребен е постојан тим од 3 ( тројца ) работници кои ќе вршат редовно косење на тревата по патеките, одржување на дрвниот фонд со навремено отстранување на сувите гранки и заболените стебла како и редовно чистење од разни отпадоци. За таа цел на годишно ниво потребни се 450.000,00 денари.

**7. Подигање нови и реконструкција на парковски површини**

| | |
|---|---|
| Подигање нови и реконструкција на парковски површини | **300.000,00** |
| | **300.000,00** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно за одржување и користење на паркови и зеленило** | **8.207.840,оо** |
| **За одржување на локалитет „Кале“** | **450.000,00** |
| **Подигање и реконструкција на парковски површини** | **300.000,00** |
| **Вкупно за 2020 година** | **8.957.840,оо** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/71** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Нацрт Програмата за јавно осветлување за 2020 година. што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/156** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

**ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА МИЛЕНИУМСКИОТ ЈУБИЛЕЈ: 1000 ГОДИНИ ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**Член 1**

Се покренува иницијатива за подигање спомен-обележје за милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска архиепископија.

**Член 2**

За спроведување и реализација на иницијативата за подигање спомен-обележје за милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска архиепископија ќе биде одговорен Одбор за подигање на спомен- обележјето.

Одборот за подигање на спомен-обележјето ќе го именува Советот на Општина Охрид.

**Член 3**

Спомен-обележјето е донација.

Потребните финансиски средства за постаментот, чување и одржување на ова спомен-обележје ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Охрид.

**Член 4**

Спомен-обележјето за милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска архиепископија ќе биде поставено на КП. 15594/1; КО Охрид 3.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/95** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА МИЛЕНИУМСКИОТ ЈУБИЛЕЈ: 1000 ГОДИНИ ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлукта за формирање одбор за подигање спомен – обележје за Милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска Архиепископија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/180** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата(Сл.весник на Р.М. бр.66/04, 89/08 и 152/15),член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА МИЛЕНИУМСКИОТ ЈУБИЛЕЈ: 1000 ГОДИНИ ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Одбор за подигање спомен-обележје за милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска архиепсикопија.

**Член 2**

Одборот за подигање на ова спомен-обележје ќе го сочинуваат :

- **Иван Лотески – претседател;**
- **Ристе Николески – член ;**
- **Кирил Пецаков – член ;**
- **Илија Ристески – член ;**
- **Митко Топенчаров - член**

**Член 3**

Оваа Олдука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-15830/96** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ГРАДБА НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА МИЛЕНИУМСКИОТ ЈУБИЛЕЈ: 1000 ГОДИНИ ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за утврдување локација за градба на спомен- обележје за Милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска Архиепископиј, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/181** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 73 став 1 точка 5 од Закон за градење (Сл.Весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), член 6 став (1) алинеа 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Службен Весник на РМ бр.55/18) како и Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од пет години (септември 2019 – септември 2024) донесена од страна на Совет на општина Охрид, бр.08-13369/32-1 од 26.09.2019 год. и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид (Службен гласник на општина Охрид број 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19 ), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ГРАДБА НА СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА МИЛЕНИУМСКИОТ ЈУБИЛЕЈ: 1000 ГОДИНИ ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува локација за градба на спомен – обележје за милениумскиот јубилеј: 1000 години Охридска архиепископија.

**Член 2**

Спомен – обележјето ќе биде поставено во граници дефинирани како дел од КП 15594/1 во КО Охрид 3, поточно во стариот дел од градот во непосредна близина на ОУ "Св.Климент Охридски".

**Член 3**

Површината на опфатот изнесува П=1257 м2.

Потребните услови и параметри за поставување на спомен-обележјето ќе бидат дефинирани согласно одобрена техничка документација.

Спомен обележјето да се постави во граница на опфатот, а просторот околу него хортикултурно и партерно да се уреди. Да се обезбеди пристапност до него. Бидејќи стариот дел на градот претставува еден препознатлив белег на истиот, решението кое се приложува да не ја нарушува автентичноста на просторот.

**Член 4**

Ова спомен обележје ќе остане долги години да сведочи за непобитната важност на Охридската архиепископија како чувар на црковниот и националниот идентитет на овие простори.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука се графички прилози:

- Графички приказ од постоечка состојба: катастарска подлога за дел од КП 15594/1 во КО Охрид 3

- Графички приказ од планирана состојба: Граница на опфат за дел од КП 15594/1 во КО Охрид 3.

**Член 6**

Оваа Олдука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-15830/97** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА РЕКВИЗИТИ ЗА ДЕТСКИ ПАРК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за прифаќање донација на реквизити за детски парк, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/182** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА РЕКВИЗИТИ ЗА ДЕТСКИ ПАРК**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на реквизитите за детски парк (користени), согласно договорот за донација бр. 09-12230/1 од 16.08.2019 година.

Давател на донацијата е Говерт Мартинус Брабер, Д-р Виарди Бецкмансингел 141, 3132 ЦН Влаардинген од Р. Холандија.

Донацијата се состои од:

| Бр. | Опис |
|---|---|
| 2 | тандем велосипеди (користени) |
| 100м2 | гумени плочки (користени) |
| 5 | лизгалки (користени) |
| 2 | нишалки (користени) |
| 10 | клацкалки (користени) |
| 1 | баланс на греда (користена) |
| 1 | вртечка маса (користена) |
| 4 | Полици (користени) |
| 5 | Детски велосипеди (користени) |
| 1 | Детска куќарка (користена) |

**Член 2**

Општина Охрид како примател на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на дavателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација.

**Член 3**

Оваа Олдука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-15830/98** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРЕМЕН ПРЕКИН НА ДОНЕСУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за дополнување на одлуката за времен прекин на донесување и спроведување на урбанистички планови и постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објект,што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/183** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 2 став 2 и 3, член 6, член 7, член 9 став 1 алинеа 4 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл.Весник на РМ“ бр.75/10), член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), а во врска со препораките од 146-та седница на Владата на Република Северна Македонија од 23.07.2019 година, препораките на УНЕСКО и одлуките на Комитетот за светско наследство, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРЕМЕН ПРЕКИН НА ДОНЕСУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за времен прекин на донесување и спроведување на урбанистички планови и постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, со бр.08-11700/3 од 08.08.2019 год. и Одлуката за дополнување на одлуката за времен прекин на донесување и спроведување на урбанистички планови и постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, со бр.08-13369/36 од 26.09.2019 год.

**Член 2**

Во член 2 после цитираниот пасус, се додава нов кој гласи:

"Горенаведеното не се однесува на Локална урбанистичка планска документација за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1, КО Долно Лакочереј – вон град, општина Охрид".

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-15830/99** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ - ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА КУЧИЊА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување локација за градба на објект за сместување - прифатилиште за кучиња, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/184** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид (Службен гласник на општина Охрид број 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ГРАДБА НА**
**ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ – ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА КУЧИЊА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува локација за градба на објект за сместување – прифатилиште за кучиња скитници и нерегистрирани кучиња.

**Член 2**

Објектите за сместување - прифатилиштата за кучиња скитници и нерегистрирани кучиња треба да бидат изградени на место каде не ја нарушуваат работата и интегралноста на постоечките објекти и да не ја загадуваат околината.

**Член 3**

Локацијата е дефинирана во границите на урбанистичко – планска документација на дел од КП 1219/1 во КО Долно Лакочереј вон град, општина Охрид, односно во место викано Габавци (Мауцкер), комплекс со намена Е2 – комунална супраструктура.

**Член 4**

Потребните услови и параметри за поставување на градбата ќе бидат дефинирани согласно одобрена техничка документација.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука е графички прилог:

- Графички приказ од постоечка состојба: катастарска подлога за дел од КП 1219/1 во КО Долно Лакочереј вон град, општина Охрид

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-15830/100** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ КП.БР.14761/10 ВО КО ОХРИД 3**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште Кп.бр.14761/10 во КО Охрид 3, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09- 15830/185** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), а во врска со член 7, 26 и 27 од Законот за експропријација („Сл.весник на РМ“ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/14,104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ КП.БР.14761/10 ВО КО ОХРИД 3**

**Член 1**

**СЕ ПРИФАЌА** Иницијативата за експропријацијата на градежното земјиште означено како цела катастарска парцела број 14761/10 КО Охрид 3, евидентирана во имотен лист број 103949 согласно Извод од ДУП за УЗ-1 дел од УБ 1.3 опфат 1, донесен со Одлука на Советот на општина Охрид број 07-1639/25 од 25.06.2009 година, кој извод од ДУП е издаден под број 20-12457/2 од 26.08.2019 година и Геодетски елаборат за посебни намени, нумерички податоци за експропријација на градежно земјиште на КП.бр. 14761/10 КО Охрид 3, заверен под бр 08-334/3 од 27.09.2019 година изработен од ДГУ„ ГЕО МАРК “ Охрид дооел.

**Член 2**

Предмет на оваа одлука е прифаќање на иницијативата за потполна експропријација на градежно земјиште кое претставува цела кп.14761/10 во КО Охрид 3, во површина од 94 м2 запишана во имотен лист 103949 КО Охрид 3, заради изградба на катна гаража предвидена по урбанистички план ДУП за УЗ-1 дел од УБ 1.3 опфат 1, донесен со Одлука на Советот на општина Охрид број 07-1639/25 од 25.06.2009 година.

Составен дел на оваа одлука се:

1. Геодетски елаборат за посебни намени, нумерички податоци за експропријација на градежно земјиште на КП.бр. 14761/10 КО Охрид 3, заверен под бр 08-334/3 од 27.09.2019 година изработен од ДГУ„ ГЕО МАРК “ Охрид дооел.
2. Извод од ДУП за УЗ-1 дел од УБ 1.3 опфат 1, донесен со Одлука на Советот на општина Охрид број 07-1639/25 од 25.06.2009 година, кој извод од ДУП е издаден под број 20-12457/2 од 26.08.2019 година од Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид.

**Член 3**

Надоместокот за експропријација ќе биде обезбеден во буџетот за оваа намена.

**Член 4**

Во случај на определување на повисок надомест за експроприраната недвижност од депонираниот износ на наменската сметка, подносителот на иницијативата е должен да ја надомести разликата до вредноста на определениот надомест за експроприраната недвижност. Доколку утврдениот надомест за експроприраната недвижност е понизок од депонираниот, остатокот од депонираните средства му се враќаат на подносителот на иницијативата.

Доколку по спроведената и завршена експропријација, а по спроведена постапка за концесија, долготраен закуп или друго право согласно закон, се избере друго лице кое наместо подносителот на иницијативата ќе го реализира јавниот интерес , тогаш лицето кое ќе ја добие концесијата, долготрајниот закуп или друго право согласно закон, е должно во рок од 15 дена од склучувањето на договорот за концесија, долготраен закуп или друго право согласно закон, да уплати износ во висина на надоместот за експрприраната недвижност на депозитна сметка на единицата на локалната самоуправа- Општина Охрид во рамки на трезорската сметка.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/101** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈП„ГРАДСКИ ПАЗАР“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на измената на годишниот план за вработување за 2019 година на ЈП„Градски Пазар“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/186** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈП„ГРАДСКИ ПАЗАР“-ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на измената на годишниот план за вработување за 2019 година на ЈП„Градски Пазар“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Градски Пазар“ - Охрид бр.02-528/5 од 01.11.2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/102** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на годишниот план за вработување на ЈП Градски Пазар - Охрид за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/187** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07,01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈП Градски Пазар - Охрид за 2020 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар - Охрид бр.02-528/5 од 01.11.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/103** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОМЕНЕТ ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на одлуката за променет годишен план за вработување за 2019 година на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/188** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОМЕНЕТ ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2019 ГОДИНА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за давање согласност на променет годишен план за вработување за 2019 година на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид бр.02-386/3 од 28.06.2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 15830/104** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП "ГРАДСКИ ГРОБИШТА"- ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на годишниот план за вработување на ЈП "Градски Гробишта"- Охрид за 2020 година што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/ 189** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07,01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП "ГРАДСКИ ГРОБИШТА"- ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈП "Градски Гробишта" - Охрид за 2020 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски Гробишта - Охрид бр.04-1402/1од 12.11.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 15830/105** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП„НИСКОГРАДБА"-ОХРИД СО СТАТУС НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП„Нискоградба"-Охрид со статус на

административни службеници, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/190** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП„НИСКОГРАДБА“-ОХРИД СО СТАТУС НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Нискоградба“ - Охрид, со статус на административни службеници, донесена од Управниот одбор на ЈП„Нискоградба“ - Охрид бр.02-1175/4 од 30.10.2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/106** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на одлуката за измена и дополнување на статутот на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид,што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/191** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид бр. 02 –1993/6 од 29.10.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/107** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП “ГРАДСКИ ГРОБИШТА” - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлукта за давање согласност на одлуката за измена и дополнување на одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП “Градски гробишта” - Охрид,што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/ 192** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14,138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП “ГРАДСКИ ГРОБИШТА” - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП “Градски Гробишта”- Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП “Градски Гробишта”-Охрид бр. 02 – 1254/3 од 07.10.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15830/108** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ДОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2019 додина, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/193** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.11.2019 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Охрид за 2019 година на следниот начин:

| **Потпрограма Потставка** | **Буџет** | **Самофинан.** | **Дотации** | **Донации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА**<br>464990 Други трансфери | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**<br>425640 Изработка на просторни и урбанистички планови | -2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРШОЦИ)**<br>482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | 5,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**<br>480190 Купување на друга опрема | -4,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“ и станува составен дел на буџетот на Општина Охрид за 2019 година.

**Број 08-15830/109**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВАТА НА НАСТРАДАНИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за обезбедување финансиски средства за помош на семејствата на настраданите од земјотресот во Република Албанија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Број 09-15830/ 194**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВАТА НА НА НАСТРАДАНИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства за помош на семејствата на настраданите од земјотресот во Република Албанија во износ од 1.000.000,оо денари.

**Член 2**

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Охрид, конто 464990- други трансфери, Програма А0-Совет на општина Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-15830/110**
**29.11.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Милошески Крсте, ул. 8 ми Март бр.57 Охрид, му се одобрува надградба на Пк на семејна куќа А1 со катност Пр на Кп.бр.7069/1 КО Охрид 1.

Законските наследници на Милошески Ристе ул.8 ми Март бр.55 Охрид сопственик на Кп.бр.7059/2 КО Охрид 1 и Роберт Ристе Милошески Австралија сопственик на Кп.бр.7059/1 КО Охрид 1 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Пом.раководител на сектор
Бранко Арнаудоски,с.р

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Џафер Наџи од ул.“Гоце Делчев“ бр. 267 Охрид„му се одобрува реконструкција со надградба на Пк на објект А1- со катност Пр+к1 на КП бр. 13651 КО Охрид 3.
Вељаноски Душан и Вељаноски Милисав сопственик на Кп.бр.13639 КО Охрид 3 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот
Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Пом.раководител на сектор
Бранко Арнаудоски,с.р

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето На инвеститорот Елена Јовческа Несторoска, со адреса на ул Туристичка бр.Б-8/1-12 Охрид, му се одобрува изградба на станбена куќа П+Пк од Втора категорија, на Г.П. за КП 1774/1 КО Велгошти Општина Охрид согласно Општ акт за село Велгошти донесен со Одлука бр.08-9194/9 од 18.09.2017 год.

Се повикуваат лицата Бранко Коталески со адреса на ул.Ристо Крле бр.6 Струга и Крсте Балтоски со адреса на ул.Ѓорче Петров бр.Л Охрид, добиени со допис од АКН Охрид, се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Пом.раководител на сектор

Бранко Арнаудовски,с.р

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на соинвеститорите Грибовска Аспасија ул. Димитар Влахов бр.38 Охрид , Грибовски Владо ул.Сирма Војвода бр.106 Охрид, Трпе инвест увоз извоз дооел Охрид ул.Ѓорче Петров бр.6Охрид им се одобрува изградба на А2 - Домување во станбени згради , на дел од Кп.11987/1 КО Охрид 2, за Г.П 18.11 со катност По+Пр+4к+Пк по извод бр.20- 9469/2од 11.07.2018 год.за ЛУПД Општина Охрид градежна парцела 18.11 КП.11987/1 КО Охрид 2 (стар бр.Кп.14872/1)согласно ДУП за дел од МЗ Гоце Делчев-болнички комплекс УЗ 12 УБ 12.1 донесен со Одлука бр.07-1257/23 од 01.06.2010 год..

Паневски Љупчо ул.Сирма Војвода бр.5 Охрид,Блажевска Радица ул.114 бр.9/2/4 Тетово, Коловски Лида Австрија, Блажевска Радојка ул.114 бр.9 Тетово, Паневска Валентина ул.Даме Груев К5 бр.5 Охрид Стевановска Невенка ул.Владимир Комаров бр.36 Скопје, Весна Донева ул.Роза Петрова бр.64 Кочани, Станкова Драгица ул.Авној бр.106 Скопје, Ваневска Ивана ул.бул.Јане Сандански бр.94 Скопје, Иваноска Божа ул.Егејска бр.1 Охрид, Климоски Дарко ул.Гоце Делчев бр.200 Охрид, Мирчевска Благица ул.130 бр.80 Охрид, Паневски Љупчо ул.Даме Груев К5 бр.5 Охрид сопственици на Кп.11987/10 КО Охрид 2 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

По овластување на Градоначалник
Пом.раководител на сектор
Томе Нанески,с.р

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Бранко Димитријески од ул.“Ристо Чадо“ бр. 176 Охрид„му се одобрува надградба на Пк со реконструкција и адаптација на објект А1- со катност По+Пр на КП бр. 4439 КО Охрид 4.

Петрески Божин сопственик на Кп.бр.4441 КО Охрид 4 и законските наследници на Спасески Спасе с.Мраморец сопственик на Кп.бр.4438 КО Охрид 4 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Пом.раководител на сектор
Бранко Арнаудоски,с.р